

Штефан Денерт | Алфред Диболд

# ВРЕДНОСТИТЕ И ПОЛИТИКАТА
## ЕУ и Југоистокот на Европа

Вредностите и политиката - ЕУ и Југоистокот на Европа

ФОНДАЦИЈА ФРИДРИХ ЕБЕРТ
Канцеларија - Скопје

Бул. "Св. Климент Охридски" 21/1
1000 Скопје
П.Фах 423

contact@fes.org.mk
www.fes.org.mk

# Вредностите и политиката

## ЕУ и Југоистокот на Европа

Штефан Денерт / Алфред Диболд

Издавач:
Фондација Фридрих Еберт
Канцеларија Скопје
www.fes.org.mk

Превод од германски: м-р Емина Авдиќ

Лектура: д-р Симона Груевска-Маџоска

Дизајн на корица и пре-прес
Promo DSGN

Тираж: 500

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски",
Скопје

316.64 (4-672 : 4-12) (062)
341.171.071.51 (4-672 : 4-12) (062)

ДЕНЕРТ, Штефан
Вредностите и политиката : ЕУ и Југоистокот на Европа / Штефан Денерт, Алфред Диболд. – Скопје : Фондација Фридрих –Еберт
Канцеларија Скопје, 2006. – 120 стр. ; 20 см

Фусноти кон текстот

ISBN 9989-109-32-X
1. Диболт, Алфред
а) Европска Унија – Проширување – Југоисточна Европа – Собири
б) Вредносни системи – Европска унија – Југоисточна Европа – Собири
COBISS.MK – ID 67774730

## Содржина:


**Предговор ........................................................................................................ 7**
Мојата слика за човекот е како онаа од Уставот: Разговор со Ханс Јохен Фогел .................... 14
**Прилози од конференцијата ........................................................................ 20**
Штефан Денерт: Европа проширена кон Југоисток – заедница на вредности? ...................... 20
Ханес Свобода, член на Европскиот парламент: ........................................................... 23
Гордана Силјановска Давкова: Човекот како слика водилка-Барања за етос, патос и логос... 29
Холм Зундхаузен: Враќање кон Европа? Југоисточна Европа помеѓу Западот и Истокот ........ 37
**Интервјуа ........................................................................................................ 44**
Албанија ......................................................................................................... 44
Реџеп Мејдани, поранешен претседател на Република Албанија ........................................ 44
Илир Мета, поранешен премиер на Република Албанија .................................................. 56
Дритеро Аголи, писател ...................................................................................... 60
Бугарија ......................................................................................................... 69
Сергеј Станишев, премиер на Република Бугарија .......................................................... 69
Меглена Кунева, министерка за европски прашања ........................................................ 78
Јелиаско Христов, претседател на КНСБ ..................................................................... 83
Македонија ...................................................................................................... 91
Радмила Шекеринска, поранешен претседател на Владата на Република Македонија........... 91
Теута Арифи, заменик претседател на партијата ДУИ и пратеничка ..................................... 97
Мирјана Борота-Поповска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” ......................................... 104
Сашо Ордановски, новинар .................................................................................. 110

***Предговор***

Земјите од Балканот во членството во ЕУ гледаат можност за побрзо економско доближување до богатите земји од Централна Европа. Освен тоа, многу политичари од земјите членки на ЕУ се убедени дека доближувањето на овие земји до ЕУ и подоцнежното членство можат трајно да обезбедат мир во регионот. Голем број земји тежнее кон интеграција во ЕУ. Од друга страна, многу луѓе, на пример, во Франција и во Холандија, се скептични кон процесот на проширување и го одбиваат предложениот европски Устав.

Визиите, сфатени како замисла на некоја идна состојба, се базираат врз опис и анализа на актуелната состојба, на искуствата од минатото и на основани претпоставки, надежи и замисли како и во која насока ќе се оди. Ако ова се однесува и на Европа, тогаш не се повикани само политичарите да развиваат визии туку и сите релевантни општествени групи.

Основна задача на политиката е, во рамките на политичките процеси, да создава услови и насоки кои ќе ги одобри мнозинството од граѓаните. Борбата за најдобрите идеји и визии, како и умешноста за нивно спроведување се базира врз вредностите, основните убедувања, сликите за човекот и, според многумина, во вербата во Господ.

Проектот „Политиката и вредностите" сака да го истражи прашањето кои вредности, кои убедувања и кои слики за човекот се денес релевантни и ја поврзуваат Европа. Ја користиме можноста да му искажеме благодарност на д-р Ханс Јохен Фогел, поранешен сојузен министер и поранешен претседател на Социјалдемократската партија на Германија, кој преку своите публикации и интервјуто, кое е дел од оваа публикација, даде многу идеи и значителен придонес за оваа книга. Канцелариите на Фондацијата Фридрих Еберт, претставени преку Арнолд Вемхернер и Ханс Шумахер во Бугарија, Штефан Денерт во Македонија и Александер Дима во Албанија, како и многуте локални соработници во нашите канцеларии дадоа голем придонес за успехот на меѓународната конференција под наслов „Европа проширена кон Југоисток – заедница на вредности?", одржана во Струга на Охридското Езеро, на 17 јуни 2006 год. На Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија му благодариме за покровителството на конференцијата. Благодарност упатуваме и до соработничките и соработниците во Југоисточна Европа за нивниот придонес кон објавување на интервјуата, за преводите и за извештајот од конференцијата. На д-р Фолкер Манц му благодариме за извонредната јазична обработка на интервјуата од Бугарија, Македонија и Албанија. Освен тоа, бладодарност упатуваме и до сите оние кои се фатија во костец со нашите прашања поддржувајќи ги со своите прилози земјите од јужниот и западниот Балкан на нивниот пат кон ЕУ. Му благодариме и на д-р Рајнхолд Зонс, раководител на референтот за Централна и Источна Европа во Фондацијата Фридрих Еберт во Берлин, за неговата поддршка на проектот од самиот почеток.
д-р Алфред Диболд

## Алфред Диболд: Вредностите и политиката – ЕУ и Југоистокот на Европа: Вовед

Со доближувањето на Западниот Балкан до Европската унија, неговите мултиетнички општества одат по патот за повеќе демократија, мир и култура за меѓуетничка соработка. Колку е долг тој пат? Како овие земји ќе го изодат тој пат? Дали притоа ќе ја изменат и Европа? Оваа книга се обидува да даде одговор на тие прашања. Освен тоа, треба да даде и придонес кон актуелната дискусија за вредностите. Можност да се искажат имаа политичари, уметници, научници, синдикалци и публицисти.

Во оваа публикација се контрастираат прилозите од дискусиите, се артикулираат идеите за слободни, праведни и солидарни синдикати и се изведуваат препораки за дејствување на политиката.

Меѓутоа, пред да Ви ги претставиме интервјуата, најпрвин сакаме да го разгледаме прашањето што воопшто се подразбира под вредности во политичкиот процес и какво значење имаат и треба да имаат вредностите, особено за нас како Европејци. Дури откако ќе ги разјасниме овие прашања за нас самите, ќе можеме да започнеме дијалог со другите.

Во обидот за аналитичко разгледување на ова прашање, најпрвин треба да разјасниме две други прашања. Од една страна, треба да се разграничи прашањето кои вредности треба да станат предмет на дискусија. Од друга страна, најнапред треба да се разјасни прашањето што всушност се подразбира под поимот „вредност”, односно за што поточно станува збор во размислувањата што следуваат.

Како морално-филозофски поим, вредностите се критериуми за поблиско определување на „доброто”, односно она дејствување што ги исполнува барањата на еден соодветен вредносен систем, во смисла на тој систем е подобро од она дејствување што се коси со неговите цели. На тој начин, вредностите суштински се разликуваат од обичаите и менталитетите кои се променливи исто како и безвредносните дадености на емпириската форма на општеството. За разлика од нив, вредностите можат да се емпириски втемелени во едно општество, но тие се неразделиви од нивното иманентно барање. Со тоа, не е спорна само нивната моќ за дејствување во одреден историски период, односно нивната (позитивна) фактичност, туку секогаш и нивната (нормативна) важност.

Доколку човек не сака да се изложи на критика поради погрешен натуралистични заклучок, потребно е да согледа дека не е можно метафизичкото, а со тоа ни логичко „докажување” на основите на која било вредност и да признае: на крајот на краиштата, вредностите се предмет на уверување.

Дури и да се признае нивното метафизичко јадро, вредностите не се произволни. Човек верува во вредностите, ги открива и ги признава како вистински – но човекот не ги создава.

Во исто време, познато е дека често суштински се разликуваат мислењата за тоа, кои се вистинските, па дури и општо обврзувачките вредности, и тоа не само помеѓу културите туку честопати и помеѓу поединци. Меѓутоа, успешниот соживот претпоставува одреден консензус за определени вредности и донесување одлуки во една или друга насока. Околноста што за вредностите, всушност, не може да се расправа, а расправата, сепак, треба да е објективна и целесообразена, е дилема во секое општество, особено во случај кога тоа општество не сака насилно спроведување на одреден канон на вредности за сметка на сите други вредности.

Еден, макар само парцијален, излез од оваа дилема нуди согледувањето дека нашите вредности за нас, а можеби и за сите, имаат неприкосновена важност, меѓутоа нашето сознание за нив, односно нашето „нормативно знаење" е ограничен и нецелосно. Значи, секогаш кога дискурсот за вредностите го разбираме како заедничка потрага по вистината, на која како луѓе можеме само да ѝ се доближиме, но која не можеме да ја поседуваме, особено не како поединци, тогаш не само што е пожелно туку е и во наш интерес, во тој дискурс на другите да им дадеме рамноправна можност да се произнесат.
Заедничката потрага по вредности не изискува само почит и толеранција, што повторно значи дилема за нас. Особено почитта и толеранцијата се вредности кои се најподобни за, на некој начин, да се укинат себеси, барајќи почит и толеранција и спрема сопствените непријатели. Значи, границите на толеранцијата мора да се онаму каде што станува збор за вкупната содржина на дискурсот на вредностите. Оној што ги оспорува овие вредности, се поставува и себеси надвор од дебатата. Меѓутоа, ова значи и следново: онаму каде што не може да се постигне консензус за овие основни правила, како единствени можности остануваат само мирна разделба (односно „коегзистенција") или примена на сила.

Затоа, важен услов за функционирање на општеството е заедничкиот став за основните правила на заемно разбирање, но сам по себе тој не е доволен. Во општествениот соживот, дискурсот за вредностите служи не само во потрагата за вистината: во многу области, тој служи и за уредување на соживотот и, конкретно, за поставување правила. Значи, треба да се прави разлика помеѓу индивидуални, приватни, вредности кои профитираат од дискурсот, но не бараат усогласување, и колективни, јавни вредности, на кои им е иманентно барањето за остварување во јавноста и во општеството. Додека самопочитувањето, односот на поединците кон себе (овде наведуваме предимензиониран пример) е лишено од дофатот на општеството и спаѓа во првата категорија, правото на живот, на пример, мора да се оствари и спаѓа во последната категорија: за самопочитувањето е одговорен поединецот, за правото на живот, пак, општеството.

Честопати е многу потешко вредностите јасно да се подредат во приватната, односно политичката сфера, отколку во наведениот пример. Дури и кога постои заеднички интерес за постоење на задолжителни правила, сепак не е загарантирано дека сите се согласни за областите на кои тие правила треба да

се однесуваат. Меѓутоа, договор за заеднички правила претполага договор и за материјата која се регулира. Ако не постои таков договор, не може да се очекува ефикасен дискурс за правила.

Овој вид разбирање, од друга страна, е особено потребен онаму каде што во потесна политичка смисла станува збор за заедници. Имено, тие, наспроти другите групи (партии, здруженија, интересни заедници и многу други), се одликуваат со тоа што поединецот или воопшто не може да ги напушти или, пак, може да ги напушти само по цена на емиграција. Значи, поединецот не може да ги избегнува вредностите кои тие му ги наметнуваат.

Втор услов за однесувањето спрема вредностите, кој треба да е исполнет за да постои соживот во општеството, е широк консензус за разграничување помеѓу сферата на политичкото и сферата на приватното или она што треба да се регулира во доброволен договор. За разлика од консензусот за правилата на постапување, вакво разграничување може да се развие во дискурс (па и да се развива натаму), но мора и редовно да води кон општо прифатен резултат. Општество кое нема да успее да ги оствари овие услови, односно кое не може да се договори за тоа што воопшто треба да се договара, има само две алтернативи, имено, да молчи за сето она што го надминува најмалиот заеднички именител или, пак, да примени сила.

Бидејќи разграничувањето се случува во дискурсот, тоа во различни заедници може да има и различни резултати. Тука се прави разлика помеѓу областа на политичката заедница и нејзиниот вредносен систем и областа на вредносите поврзани со верата, статусот и класата: бидејќи политичките заедници, значи држави, сојузи на држави, протекторати, градови и рурални општини, обично, мора да се дефинираат територијално, тогаш мора територијално да се дефинира и бараниот консензус за разграничувањето на политичкиот морал.

Значи, прашањето, до кое сакаат да му се доближат текстовите во оваа книга, е прашањето до каде се протега просторот на европските вредности, а особено прашањето дали Југоисточна Европа е дел од него или, пак, е на пат да учествува во него. Имајќи го предвид проширувањето на Европската унија во 2007, кога ќе се придружат земјите од нејзината југоисточна граница, се поставува прашањето дали Европа со овој чекор ќе се фрагментира и можеби ќе се оди чекор наназад, до најмалиот заеднички интерес на слободна трговска зона или, пак, ќе зајакне како заедница на вредности, стекнувајќи на тој начин политичка сила.

Затоа, најпрвин треба да се разјаснат проширувањето и содржините на европскиот консензус за правилата и просторот на политичкиот дискурс. Значи, што е тоа што ја квалификува „Европа” како политичка целина наспроти другите држави и сојузи на држави?

Јасно е дека две нешта го попречуваат разјаснувањето на ова прашање. Од една страна, тоа е големата хетерогеност на европските држави и нивната политичка култура, која се протега помеѓу монархија и република, претседателски систем и директна демократија, конкурентност и конкорданција или побожност и

лаицизам. Од друга страна, се работи и за широка распространетост на карактеристики кои долго време биле европски. На пример, еврејско-христијанската традиција, просветеното граѓанство, римското право, кодот на Наполеон, човековите права, но и секуларизацијата се дел од европскиот свет на вредности, кои, меѓутоа, денес веќе не се дистинктивно обележје на Европа. Од една страна, тие се дел од она што ширум светот се поима како култура на „Западот", но и од суштинско значење за саморазбирањето на граѓанската образована елита во речиси сите земји во светот (која честопати се поима како „прозападно ориентирана").

Сепак, односот на денешната Европа спрема овој културен фундамент значително се разликува од односот спрема другите региони. За разлика од „незападните" општества, овие елементи се втемелени во целото општество или барем постојат спорадично. Судирот помеѓу цивилизациите, кој е дел од општественото секојдневие во многу земји во Азија или Африка, во Европа не постои. За разлика од „западните земји" во Америка или Австралија, ние Европејците сме потомци на „оние кои останале дома". Нашето наследство не е менталитетот на иселениците, туку ние потекнуваме од оние кои и покрај сета критика на Европа и во време на големи миграциски движења, сепак, останале овде за помалку да развијат нови нешта, а повеќе да го развиваат постојното. Од таа причина, на нашите општества им недостига здружувачката врска на една заедничка идеја. Ниту некакви големи идеи, ниту, пак, ветувања за слобода ги зближиле граѓаните на Европа, туку историјата со сета нејзина хетерогеност и нејзините фрактури, вклучувајќи ги и искуствата со тоталитаризмот, кое постоело во повеќе европски земји. Ова особено нагласување на вредностите на Западот на стариот континент може да биде обид за разјаснување на многу недоразбирања помеѓу двете страни на Атлансткиот Океан, кое, особено во денешно време, повторно ни ги предочува разликите во нашата заедничка цивилизација.

Се разбира дека, сепак, заедничките вредности на Западот го карактеризираат она што денес го нарекуваме Европа, мислејќи, пред сé, на Западна и Централна Европа. Подобен за консензус тука е либералниот идеал на политичката дебата, која во средиште ги става слободата и рамноправноста на граѓаните и широката толеранција за оние кои мислат поинаку. За разлика од тоа, стриктно се отфрла секој вид на ограничувањето на пристапот кон политкиот дискурс, без оглед дали причината е верата, потеклото, припадноста, статусот или полот. Со ова кореспондира и големото значење на слободата на поединецот, која нашла свој карактеристичен одраз и во Декларацијата на човековите права на Обединетите нации. Оној што не ги признава овие принципи, се исклучува себеси од политичкиот процес во целиот западен свет, а со тоа и во Европската унија. Тој треба да смета со околноста дека ќе биде поиман како противник, а, можеби, со него ќе се справуваат како со непријател.

Додека рамката на дискурсот можеби го обединува Западот и не само него, истото важи само делумно за неговите содржини. Ние Европејците, на пример, сме многу повеќе подготвени да ја вклучиме државата во обврската за

заедничко креирање на економскиот живот или на материјалниот статус на граѓаните, отколку што тоа е случај во САД.

Значи, оној што е подготвен да ја креира политиката во услови на либерално и отворено општество, во Европа е добредојден да дискутира за улогата и изгледот на една активна држава – ова е можна, упростена работна дефиниција на нештата кои ја сочинуваат денешната Европа како политичка заедница на вредности.

Меѓутоа, дали и во кој обем оваа дефиниција ги вклучува и земјите за кои станува збор во текстовите од оваа книга, односно земјите од Западниот Балкан? Ова прашање го поставува и Европската унија така што Договорот за ЕУ нуди можност на секоја држава да побара членство, врзувајќи ја таа можност за услови, според кои во соодветната земја мора да се почитуваат слободата, демократијата, владеењето на правото, кои се „заеднички принципи на сите земји членки”.

Во овој услов кој е конкретизиран во копенхагенските критериуми за оценување на барањата на новите членки за прием во членството на ЕУ, јасно е истакнато значењето кое ЕУ им ги придава на темелите на вредностите. Од суштинско значење за опстојувањето на ЕУ како политичка целина е правилата кои можат да се изведат од овој фундамент и ги претставуваат правилата за нашиот политички дискурс да не можат да бидат предмет на преговори.

Од друга страна, пак, Европската унија на самитот во Солун во 2003 год. јасно истакна дека целиот Балкан го разбира како интегрален дел од Европа и неговата иднина ја гледа во границите на ЕУ.

Со тоа не се вели дека во тие земји уште сега мора да постои општествен консензус за она што ние го нарекуваме „европски вредности”. Меѓутоа, да немаше основана надеж дека во овие земји таков консензус ќе може да созрее во следните години, тогаш отворањето на перспектива за членство во ЕУ не ќе беше само грешка, туку и опасно за внатрешното опстојување на унијата. Таа надеж конкретно значи дека со оглед на антагонизмот помеѓу модерните и прозападно ориентираните делови од населението наспроти традиционалните и национално ориентираните делови од населението, кои сѐ уште се карактеристични во некои општества, ќе треба да надвладеат оние сили кои ги споделуваат нашите вредности и особено нашиот идеал за политички дискурс.
Значи, многу нешта зависат од општествените процеси во земјите од Западниот Балкан, односно процеси чии „европски” исход е во непосреден сопствен интерес на земјите на ЕУ. Станува збор за шанси дека во непосредна близина на нашите граници ќе се развиваат мир и стабилност, наспроти можноста дека тие соседи ќе и го свртат грбот на Европа, во просторот кој почнувајќи од 2007 ќе биде целосно опколен од ЕУ, ќе можат цврсто да се етаблираат потенцијално агресивни национализми и фундаментализми.

Постои добра можност, а тоа јасно го истакнуваат и текстовите во оваа книга, оваа дебата во општествата токму поради европската перспектива, на крајот, да се реши во полза на европските вредности – меѓутоа, само ако ЕУ ги оддржува

двете: перспективата за членство, од една страна, и повикот до секоја земја навистина и бескомпромисно да ги исполни копенхагенските критериуми. Тогаш и само тогаш, Западниот Балкан може да се развие во онаа насока која ја очекува ЕУ од неа, за нејзино добро, за на тој начин да се создаде и да се зајакне простор на мир, слобода и стабилност.

Јирген Ерке                                                    д-р Алфред Диболд

## Мојата слика за човекот е како онаа од Уставот: Разговор со Ханс Јохен Фогел

*Д-р Ханс Јохен Фогел е правник. Тој бил главен градоначелник на Минхен од 1960 до 1972 год., Сојузен министер за просторно планирање градежништво и урбанизам од 1972 до 1974 год., а потоа Сојузен министер за правда до 1981, конечно во 1981 год. станал главен градоначалник на Берлин. Тој бил претседател на СПД од 1987 до 1991, и Сојузен претседател на фракцијата на СПД од 1983 до 1991.*

*Разговорот со д-р Ханс-Јохен Фогел го водеше д-р Алфред Диболд.*

*Токму сега објавивте книга за политиката и пристојноста. Во неа ја дефинирате политиката како влијание врз поредокот и обликувањето на општеството врз основа на вредносните претстави и конкретната слика за човекот. Како би ги опишале Вашите вредносни претстави, Вашата слика за човекот?*

Мојата слика за човекот е онаа од уставот, особено што стои во неговиот прв член: Достоинството на човекот е недопирливо. Секој човек е цел за себе. Ниту еден човек не смее да биде инструментализиран, а битните вредности во овој контекст се критериуми за обликување на општеството, но и за животот на единката: слобода, праведност и солидарност. Јас лично тука го додавам уште моето христијанско убедување за објаснување на оваа човечка слика; значи претставата дека човекот е верна слика на Господ, претставата дека со смртта не постои конечен крај на оваа човечка индивидуа, туку дека - сеедно во која форма - и понатаму се движи, и сфаќањето дека луѓето меѓусебното се разликуваат по добро и по лошо.

*Вили Брант кажал: Ќе се покаже како историска заблуда дека треба да се надмине спојувањето на слободата, праведноста и солидарноста како идеал што лежи во основата на демократскиот социјализам на социјалната демократија. Што мислите за ова?*

Со задоволство се сеќавам на оваа реченица. Впрочем, од ова извлекувам заклучок дека Вили Брант кратко пред својата смрт не само за трите основни вредности, туку така се изразил и против напуштањето на поимот "демократски социјализам". Тој очигледно сакал овој поим да се задржи како елемент на социјалдемократската традиција. Секако дека содржината на овој поим се променила во текот на последниве децении. Првобитно тој беше опишување на општествената крајна состојба, што еден ден би настанала, каде што за социјалдемократијата секогаш бил демократски социјализам. Денес важи дефиницијата, што ја дал Вили Брант. Исто така и стои во „Берлинската програма". И така треба и да остане.

*Вашите претстави за вредностите скоро да лежат во заклучоот дека за Вас се важни убедувањата. Како Вие би ги разграничиле убедувањата и идеологијата и која улога во Вашиот живот ја играат убедувањата?*

Идеологиите се севкупни претстави. Како треба да биде создадено општеството и како може да се постигне таа состојба. Но, ќе биде тешко ако оваа идеологија настапува со барања на вистината. И ќе биде уште потешко ако оваа идеологија го земе правото за себе нејзините претстави да ги спроведе со сила. Ова последново може да се види од примерот на комунизмот, но и во раната фаза на христијанството. Тоа никогаш го немаше во социјалдемократијата. Но, во "Ерфуртската програма" од 1891 постоеја идеолошки претстави што настапувале со барање на вистината. Барањето што се потпира врз наводната законска рамномерност на историскиот тек. Законската рамномерност што би завршила токму во социјализмот. Ние во меѓувреме од добри причини сме станале мошне сензибилни во однос на идеологијата. Како социјалдемократите ги признаваме различните објаснувања за нашите основни вредности. Во "Годесбергер", но уште посилно во "Берлинската програма" се вели: Во поглед на прашањето од кои проценки некој ги признава трите основни вредности, партијата треба да ја почитува одлуката на поединецот. Убедувањата, пак сѐ повеќе се работа на поодделната индивидуа. Каква претстава имаш за себе и за твоето постоење? Зошто си тука? што треба да направиш за да водиш добар и успешен живот? Тогаш тоа се субјективни претстави, што се уште повеќе за почитување ако се базираат врз размислување, врз размена на мислење и искуства. Убедувањето е спротивен дел на произволноста. Тоа не смее само така да се зацврсти што нема повеќе да реагира на приговори и нови спознанија.

*Како политичар бевте познат, пред сѐ, според Вашата љубов кон поредокот. Кога мислите на доблестите, кои се тие што еден политичар треба задолжително да ги носи во себе?*

И во филозофијата, но уште повеќе во етиката вкупно е вкоренето дека секогаш се имаат предвид четирите таканаречени кардинални доблести, имено: умност, храброст, разборитост и праведност. Јас не гледам дека постојат големи варијации на претставите за доблеста. А има и таканаречени секундарни доблести, каде што зборот "секундарни" се изговара, за жал, како потценување, па дури и презирање што, секако, не е смислата на зборот "секундарно". Под тоа се подразбира: љубов кон редот и поредокот, работливост, точност, внимателност.

*Дали доблестите денес Ви недостасуваат или тука ништо не се променило?*

Јас сум воздржан во моите судови. Кај постарите секогаш постои опасност кога велат дека порано сѐ било подобро, а сега сѐ станало помалку добро. Од такви паушални проценки многу се чувам. Секако, тука гледам два тренда кои можат од пред вид да ги загубат како кардиналните, така и секундарните доблести. Тоа е тренд, од една страна, кога се гледа економскиот принцип како највисок критериум, што значи дека сѐ се мери според материјалниот резултат,

материјалниот успех; и втор тренд дека економскиот принцип зафаќа и во животните подрачја во коишто, според моето цврсто убедување, нема што да бара. Во подрачјето на разонодата е мошне напреднат, а во најново време гледаме дека завладува и во спортот на најстрашен начин, така што спортот не се гледа како нега и ангажирање на телесната сила и можните капацитети туку како средство за големи економски операции и за постигнување добивки. Судскиот скандал покажува во таа насока.

А вториот тренд е произволноста. *Anything goes**, не се работи за тоа кога нешто се прави само од задоволство. Тука мора да се биде против. Овие трендови во последните десет, петнаесет години станаа мошне силни. Но јас сум далеку од тоа да кажам: Сè стана полошо и сè е загубено. И порано не беше така сè да одговара 100 посто на моите претсави.

*Како влеговте во политиката?*

Ханс-Јохен Фогел: Влегувањето беше првин моето пристапување. Ништо не се произлегуваше само по себе дека еден академик, кој уште имал среќа на испит, пристапил на СПД, а освен тоа не сокрива дека е христијанин. Тоа првин предизвика чудење. Но решавачко беше, секако, дека во работничкото предградие Фрајман, што тогаш се викаше работилница за поправка на германската државна железница - јас се здобив со доверба на овие отпрвин воздржани претежно мажи - жени едвај да имаше, и дека тие ме избраа за наследник на тешко болниот дотогашен претседател. Тоа беше проба и ако таа не беше успешна, ќе играше одредена улога за понатамошниот развој. Но таа беше успешна и денес сум малку горд на тоа дека овие луѓе ми ја дадоа довербата.

*Вили Брант беше Ваш ментор кој мошне рано го спознал Вашиот политички талент и Вас Ве донел од Минхен во Бон.*

Вили Брант првпат стапи во мојот живот во 1953 година. Тогаш бев претседател на локалниот клуб во Минхен-Норден, работнички кварт. Тоа беа бегалци од 17 јуни, во голем дел сместени во касарни. Тие беа особено критични кон социјалдемократијата. Јас во Бон на конгресот на партијата прашав, дали ќе може да ни испратат некого што ќе знае да се справи со овие луѓе. Тие рекоа: да, има извесен Брант - јас прашав: кој е тој? Тие ми рекоа дека е тој сојузен пратеник и дека е од Берлин. Тој дојде со воз. Го дочекав на железничка. Тоа беше мојата прва средба со него. И нему навистина му успеа овие луѓе да го сослушаат. Тој не ги свртел. Верувам дека и понатака гласале за Аденауер. Но тој можеше да го расчисти ова непријателство исполнето со омраза кон социјалдемократијата .

*Дали Вие денес би им препорачале на младите луѓе да се занимаваат со политика?*

Да, би го направил тоа. Човек не треба да се грижи само за себе, туку треба да се ангажира за општеството. Политиката не значи ништо друго освен ангажирање за состојбите во општеството. Она што е добро, да се задржи, она што не е добро, да се промени. Јас сум навистина загрижен затоа што бројот на оние од младата генерација што го следат тој совет повеќе, би рекол, се намалува, а во секој случај не расте.

Јас сум скептичен во однос на оваа таканаречената Инсидер-кариера, каде што некој студира политички науки, пристапува во партија, па дури тогаш станува соработник на некој пратеник, потоа на некоја фракција и дури тогаш и самиот е пратеник. Потоа, пак, е парламентарен државен секретар без извесно време да живеел надвор од политичко подрачје, едноставно како неговите сограѓанки и сограѓани.

*Но тоа денес е најчесто така - луѓето ќе станат зрели откако ќе го преземат мандатот, кога се веќе нешто постари, околу 40-50 години и имаат повеќе животно искуство. Но тогаш шансите не се толку добри да се даде придонес во таа смисла .*

Јас сум мошне скептичен во однос на таканаречената инсидер- Кариера, во текот на која некој студира политички науки, пристапува кон некоја партија, потоа станува соработник на некој пратеник, па на некоја фракција, па и самиот станува пратеник. Конечно тој станува дури и парламентарен државен секретар, па дури и министер, без да живеел извесно време „нормален" живот надвор од партиското подрачје, како што го прави тоа големо мнозинство на неговите сограѓанки и сограѓани. Поради тоа сметам дека е препорачливо веќе со 19 години човек да е во собрание. Не знам дали сме доволно свесни дека 60-годишниците чинат околу 24 проценти од населението. А тоа се 32 проценти од бирачите со право на глас, затоа што лицата под 18 години како и негерманските државјани не смеат да бираат. Бидејќи тие редовно бираат, претставуваат една третина од бирачките и бирачите. Во Сојузното собрание (Бундестаг) оваа група од една третина денес е претставена со помалку пратеници. Тоа не треба трајно да остане така. При тоа не мислам дека пратениците што веќе се во парламентот треба да останат уште еден или два мандати, туку мислам на тоа дека луѓето што со 60, 62 или 65 години веќе го завршиле својот работен живот треба да се во парламентот за еден или два мандати.Тие би имале не само повеќе искуство, туку и во голема мера независност.

*Дали на ова и во СПД се гледа така?*

Секаде каде што ова ќе го кажам се сретнувам со размислување, а во поновото време и со согласност. Во секој случај, аргументот дека тука се работи за една третина од електоратот остава извесен впечаток.

*Што е карактеристика на добар политичар и кои својства треба да ги има?*

Тој има потреба од стабилно здравје, и тоа физички и психички. Тој мора да биде веродостоен. Неговите говори и делувања треба да се усогласени. Тој мора да знае да се справи со моќта и тоа со моќта не како цел сама за себе, туку како средство за реализирање на она што тој го смета за исправно. Инаку тој е сопатник или набљудувач, а не креатор. Освен тоа, тој мора да умее да се изразува. Тој мора да умее да зборува, така што секој слушател да го придобие за себе.

*Општествените одлуки се донесуваат сѐ повеќе преку демократски нелегитимирани институции. Со тоа професијата политичар губи од атрактивноста.*

Да, на стопанско поле влијанието на капиталот стана значително поголемо. Аргументацијата „ако вие не го направите тоа и тоа, тогаш ние ќе одиме тука или таму" е знак за тоа дека демократскиот легитимен орган Собранието (Бундестаг) е изложено на ова влијание на многу посилен начин, може да се рече на притисок, отколку што биле меродавни националните рамковни услови. Ова важи и на светско ниво. Мислам: Зошто американската администрација го одбива Кјото-протоколот? Сепак, тоа е под притисок на американските големоиндистријалци! Или одредени движења во Светската трговска организација. Зошто? Не затоа што е тоа сознание на демократски легитимирани сили, туку затоа што се тие изложени на огромен притисок.

*Зошто денес се потребни синдикатите?*

Едноставно објаснување: Синдикатите се потребни за поодделен работник да не биде спротивставен сам на силата на работодавачот и на силата на капиталот. Јас мислам дека би било враќање во втората половина на 19 век кога поради државата синдикатите биле мошне поттурнати назад и воопшто не биле прифатени затоа што се сакало поединецот сам да стои спроти претприемачот. Верувам дека сѐ повеќе расте сознанието дека не во смисла на класната борба, туку во смисла на извесен баланс на силите е потребна една заедничка организација и претставништво на страната на работниците. Една понатамошна причина е дека синдикатите врз основа на нивната традиција, но исто така и врз основа на нивниот труд можат во развојот на нашето општество да донесат специфични искуства. А дека исто така основната вредност на солидарноста може да биде негувана преку постоењето и дејноста на синдикатите.

*Поради масовната невработеност може да се добие впечаток дека капиталот ја добил битката против трудот.*

Толку далеку јас не би одел. Тоа би значело безнадежност и капитулација. Во мојот живот научив тоа да го избегнувам. Признавам дека во основа повеќе сум оптимист. Не, не. Нештата станаа мошне тешки поради глобализацијата, поради фактот дека производите од иста стока можат без големи компликации да се добијат за половина од трошоците за плата. Тоа е факт. И никој, па дури и она лице од Сарска покраина чиешто име неволно го спомнувам поради

случувањата, има претстава дека ние во Германија  треба повторно да ги затвориме границите. Односите се променети. Европската кооперација или, исто така, светската кооперација на синдикатите станува поважна бидејќи рамковните услови кои порано беа познати само на национално рамниште, а сега на европско,  веројатно конечно ќе се пренесат и на светско ниво. Не, битното не е загубено; но се потребни значителни напори, а размислувањето дека се потребни купувачи за неговите производи не само во странство туку и во земјата  е присутно и кај сосема разбрани претприемачи.

*Во една глава од Вашата книга  се работи за Вашиот однос кон Бога. Тоа за Вас е нешто мошне важно, сосема централно , што Вам Ви има дадено многу сила. Можете ли да ни ја објасните Вашата претстава за Господ - Вие го нарекувате „Господбог" ?*

Јас еден момент размислував дали при една ваква прилика треба воопшто да се зборува за тоа. Постои извесна склоност да се рече: Тоа е приватна работа и за тоа нема да зборувам. Но зошто не? Тоа е за многу луѓе, дали тие исто или поинаку мислат, интересен предмет. Зошто некој како јас не треба да даде отворен одговор на ова?

Мојот однос кон Бога во текот на мојот живот па дури и од 70-тите стана посилен. Тогаш претставата за еден личен Господ за мене сè повеќе и повеќе стануваше архимедиска точка што ми дава потпора.  Со ова претстава се поврзува, барем според мене, дека човекот не е нешто мало и дека е должен да се оправда пред една повисока инстанца. Па така стои и во преамбулата од уставот каде што станува збор за одговорноста пред Бога и пред  луѓето. Поимот "Господбог" е баварска особеност, помалку апстрактна отколку поимот Бог како чиста филозофско-теолошка природа. Јас упатувам на "Светата ноќ" од Лудвиг Тома каде што некој се сретнува со Господбог кој е мошне човечки.

*Кога се зборува за Вашата политичка оставнина, на што мислите? Што сакате да порачате?*

Сакам да порачам дека е потребно, но исто така има смисла и е важно за поединецот, да не се грижи само за себе, туку  да се ангажира и за општеството. Сакам, исто така, со задоволство да порачам дека  ние Германците немаме повод (причина) при освртот на нашата историја после 1945  да бидеме незадоволни, туку имаме причина да бидеме благодарни. Пишувам дека: Ако некој нам во војната, во заробеништво  уште повеќе, ни рекол како ќе се развива Германија во следните педесет години , ние него ќе го сметавме за луд, ќе му кажевме: ти "тропаш"! Јас понекогаш посакувам малку повеќе да биде препознатлива радоста или благодарноста во однос на судбината или во однос на Господбог.

***<u>Прилози од конференцијата</u>***

## Штефан Денерт: Европа проширена кон Југоисток – заедница на вредности?

Конференцијата „Вредностите и политиката - Европа проширена кон југоисток - Заедница на вредности?" беше организирана од фондацијата „Фридрих Еберт" во соработка со Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија. Идејата за оваа конференција настана од резултатите на интервјуата, кои се собрани во оваа книга. Интервјуата беа премногу интересни за само да се отпечатат и да се остават во приватните и во јавните библиотеки да фаќаат прав. Тогашните прашања беа исти како и денешните: кои вредности во моментов ги определуваат состојбите во општествата на земјите од Југоисточна Европа? Дали тие се компатибилни со вредностите кои во рамките на Европската унија се сметаат за европски стандард? Оттука произлегува уште едно прашање: дали воопшто постои заеднички именител на европските вредности и дали за нив постои консензус во 25-те земји членки на ЕУ? Овие, но и многу други прашања беа поставени на конференцијата „Политиката и вредностите", а можност да одговорат имаа претставниците на политиката и на науката од Албанија, Бугарија, Македонија, како и од Брисел и од Берлин.

„Вредностите и политиката" – една идејна заедница која во најново време, по сè изгледа, не е во склад со времето. Се чини дека во политиката доминираат принципите на економијата, па затоа таа понекогаш и не се поврзува со вредностите. Сепак, дебатата за политичките вредности повторно заживува во Европа, не само поради несигурноста и предизвиците, со кои во Западна Европа се преиспитуваат нештата кои досега навидум биле неспорни. Тука спаѓа планираното проширување на ЕУ кон Истокот, надминувајќи ги границите на европскиот континент и, на пример, дебатата што се води за Турција. Тука спаѓаат и најважните прашања, на пример, предизвиците за европскиот социјален модел како последица на глобализацијата, демографскиот развој – намалувањето на наталитетот и стареењето на општеството, како и имиграцијата.

Потрагата по вредностите во Европската унија својот најјасен израз го најде во формулирањето на Уставот на ЕУ: *„Вредностите на кои се базира Унијата се: почитувањето на достоинството на човекот, слободата, демократијата, рамноправноста, владеењето на правото и почитувањето на човековите права, вклучувајќи ги правата на лицата кои припаѓаат на малцинствата. Овие вредности се заеднички во сите земји членки, во општества кои се карактеризираат со плурализам, недискриминација, толеранција, правичност, солидарност и рамноправност помеѓу мажите и жените."*

Освен тоа, дебатата за заедничка европска свест беше поттикната од Јурген Хабермас (Jürgen Habermas), која, според него, се базира врз заедничките искуства во европската историја. Тој смета дека тука спаѓаат приватизацијата на верата и рефлексивната дистанца помеѓу луѓето, доместицирање на државната

власт и сензибилноста на граѓанинот за повредата на личниот и на телесниот интегритет, критичката проценка на пазарот и етосот на борбата за поголема социјална правда, како и сензибилноста на луѓето за парадоксите на напредокот.

Што е со ориентацијата кон вредностите во Југоисточна Европа? Земјите од Југоисточна Европа, слично како и постсоцијалистичките држави од Централна Европа, по распаѓањето на Источниот блок, тргнаа во потрага по својот специфичен идентитет. Вакуумот на вредностите и на идентификацијата, што настана по распаѓањето на еден деценски доминантен општествен модел, мораше да се исполни. Најчесто, тоа се случуваше со навраќање кон митовите за независност и кон национално ориентираната религија на мнозинското население. Вредностите го оформуваат идентитетот, и обратно, идентитетот влијае врз формирањето на вредносните претстави. Затоа е од големо значење дали идентитетите, кои се повторно пронајдени или редефинирани во Југоисточна Европа, можат и сакаат да се стават под чадорот на вредностите во ЕУ или, пак, постои отпор против овие вредности, кои на дел од населението ќе му отежнат не само да ги прифати барањата на ЕУ туку и да ги исполни со живот.

Погоре беше цитиран дел од Уставот на ЕУ, во кој се нагласува вредносната ориентација на ЕУ. Тука, очигледно не станува збор само за евроцентрични основни убедувања, туку во нив се препознаваат универзални вредности, кои слободно можат да се карактеризираат како „западни вредности". Во обидот на Хабермас да ја дефинира европската свест се уочува нешто специфично европско, меѓутоа неговиот опис можеби повеќе важи за ЕУ - 15, отколку за денешната ЕУ-25. Но, како можат да се сфатат и да се формулираат универзалните општествени вредности кои се дефинирани во Уставот на ЕУ или, пак, како можат да се преточат во конкретна политика, а да не се дојде до искушение тие да се разводенат во општа глобална содржина? Европската унија, во својата речиси 50-годишна историја развила свој сопствен одговор на ова прашање. Европската унија е заедница на правото и на вредностите, чие функционирање е загарантирано преку институциите на ЕУ. Правилата се прецизно, понекогаш збунувачки детално, дефинирани во договорите на Заедницата и во „aquis communautaire". Тие подлежат на контрола и се спроведуваат.

Од своја страна, Европската унија од државите кои сакаат да станат дел од правната заедница на ЕУ очекува волјата за пристапување да се рефлектира во прифаќањето на таканаречените „Копенхагенски критериуми". Меѓу другото, таа бара „*... како услов за членството, кандидатот за прием во ЕУ треба да оствари институционална стабилност како гаранција за демократскиот поредок и владеењето на правото, за почитување на човековите права, како и за почитувањето и заштитата на малцинствата."*

Покрај трезните и повеќе технички критериуми, кои ја квалификуваат една земја како кандидат за Европската унија, и „меките" фактори играат улога во форма на вредности, кои, меѓутоа, треба да се одразуваат и во институциите на

државата и во нивната функционалност, станувајќи на тој начин „тврди фактори", чие спроведување не може да се оствари преку ноќ.

Сепак, тие се дел од основната структура на ЕУ. Токму институционалното спроведување на овие критериуми, кое во земјите членки на ЕУ придонесува кон фактот државата и политичкиот систем да генерираат голем легитимитет, а со тоа и доверба кај граѓаните.

Сега се поставува прашањето дали ова важи и за регионот на Југоисточна Европа. Дозволете ми, во врска со ова прашање, да се осврнам на искуствата од Централна Европа и на Андреас Бозоки (Andreas Boziki): *„Хоризонтот на искуствата на граѓаните од постсоцијалистичките земји во транзиција со институциите на нивните држави често е поинаков. Тие мораа да сфатат дека институциите понекогаш не играат никаква улога. Најчесто, во нивните земји, неформалните практики доминираат во политичкиот живот."* Сметам дека овој опис не им е сосема туѓ на граѓаните на Југоисточна Европа. Натаму, Бозоки објаснува: *„Во земјите кои ѝ пристапија на ЕУ во 2004 стана евидентен еден феномен кој е поврзан со восприемањето на политичките елити од страна на населението на начинот како тие се справувале со процесот на транзиција по 1990 и како тие лично го сфатиле доближувањето на својата земја до ЕУ. Додека во овие земји поддршката за пристапувањето кон ЕУ беше повисока отколку што беше случај во земјите од Западна Европа, учеството во референдумите најчесто беше под 50%. Очигледно, довербата во демократските процеси и во функционалната политичка култура на расправи беа сè уште непостигнати цели. Затоа, набљудувачите зборуваа за „симулирана поддршка на пристапувањето кон ЕУ". Нејзина последица беше* ***„членство без припадност".*** [1]

Ако земјите од Југоисточна Европа сакаат да спречат вакво слично сценарио, тогаш треба да сторат повеќе отколку само да прокламираат слобода, правичност и солидарност. Тогаш, централните вредности на ЕУ треба да најдат институционален и практичен одраз и во секојдневните искуства на граѓаните. Ова, бездруго, не е лесна задача, но е исплатлива.

Целта на конференцијата беше критички да се согледаат процесите на промените, низ кои, во последните 20 години, минуваа општествата на Албанија, Бугарија и Македонија, кон кои модели и идентитети се навраќале, од каква комбинација помеѓу старото и новото се состои денешната ориентација кон вредностите на соодветните општества, во која мера постои напредок во институционалното обезбедување на вредностите што ги прокламира ЕУ, кои предизвици произлегуваат од антизападните дискурси, како и каква е состојбата со познавањето и со прифаќањето на вредностите на ЕУ.

---

[1] Andras Bozoki. „Mitgliedschaft ohne Zugehörigkeit?", in: Aus Politik und Zeitgeschichte, B 5-6/2004, C. 3-4

## Ханес Свобода, член на Европскиот парламент: Заедничките вредности на Европската унија во политичката практика

*Член на Европскиот парламент, заменик претседател на Делегацијата за односи со земјите од Југоисточна Европа*

Најпрвин, сакам да ѝ се заблагодарам на фондацијата „Фридрих Еберт" за поканата. Кога имам време, секогаш со задоволство се одзвивам на поканите на фондацијата „Фридрих Еберт". Со особено големо задоволство доаѓам на вакви убави места, за кои имам исто толку убави спомени. Еднаш, на другата страна од езерото, во близина на Охрид, имавме седница на Мешовитата комисија на Европскиот парламент и на македонското Собрание.

Сакам за почнам со неколку начелни забелешки, за потоа, врз примерот на одлуки и дискусии од актуелна природа, да докажам дека Европската унија е силна заедница на вредности, иако нејзиниот имиџ е понекогаш поинаков.

Дозволете ми да се осврнам на основањето на Европската унија. Европската унија е основана како заедница на вредности со цел да се надминат војните, расизмот и национализмот и да се создадат услови за траен мир. Не е случајност што јадрото на Европската унија – со последици до ден денес – настана како мост помеѓу Франција и Германија, помеѓу двајца големи непријатели кои воделе војни со векови. Не е случајно што станале заеднички, односно биле пренесени во надлежност на една установа, оние ресурси кои се меродавни за вооружување и за војна: јаглен, железо и челик. Тоа беше почетокот и настанокот на Европската унија.

Инструментот бил економски. Меѓутоа неговата намена, причина и цел биле создавање мир. За никогаш повеќе да нема војна. А на фашизмот, кој за време на Втората војна предизвикал огромно опустошување во Европа, му била објавена војна. Станувало збор за одбрана од национализмот и на расизмот во смисла на пангерманска надменост со милиони жртви, кои, да се потсетиме, биле најмногу, но не исклучиво Евреи – имало и Роми, хомосексуалци и сл. На овој постанок на Еропската унија мора постојано да се потсетува.

Со текот на времето, оваа заедница на вредности, меѓутоа, се развила во претежно економска стопанска заедница. На крајот, Европската економска заедница е трансформирана во Европска унија, со цел реалните вредности да се вратат во преден план. Кулминација беше таканаречениот „Каталог на основните права" кој е изработен и прифатен од шефовите на влади, а потоа беше вграден и во Уставот на ЕУ. Меѓутоа, тој сè уште не е ратификуван, па затоа европскиот Каталог на основните права е каталог со цели, но не постои правна основа за негова имплементација.

И покрај тоа, Европскиот суд на правдата во своите сознанија, во многу случаи, се осврнува на европскиот Каталог на основните права, значи де факто го признава како основа на вредностите на Европската унија. Затоа, постојат два актуелни основни документи на ЕУ. Првиот е основен документ и го дефинира таканаречениот „Лисабонски процес", значи економската страна. Во глобалниот

свет, Европа сака да биде сфатена како конкуретно најспособниот континент. Вториот документ е Каталогот на основните права. Во него Европската унија е дефинирана и како заедница на вредности.

Оваа паралелност ја сметам за апсолутно точна. Обете страни се важни: економската, но и заедницата на вредностите. Сакам да наведам неколку примери кои го докажуваат тоа:

1. Во проширувањето на ЕУ, вредностите и придржувањето на вредностите играа централна улога. Тоа не е утврдено само во таканаречените „Копенхагенски критериуми", во кои, на пример, станува збор за владеењето на правото и за заштитата на малцинствата. Токму и во последните рунди на преговори и во разговорите, кои ги водевме со Бугарија и Романија на крајот од преговорите, речиси само вредностите играа улога. Помалку станувaше збор за економската ситуација и за политички прашања, а повеќе за независност на правосудството, за борбата против корупцијата и прекуграничниот криминал, како и за човековите права, тука, пред сè, мислам на Романија.

Тоа се вредности за кои се дебатира. Ако, на пример, во Бугарија постои некое отворено прашање, тогаш тоа е прашањето за независноста на правосудството. Помеѓу другото, и поради притисокот на ЕУ, беше изменет Уставот, назначен нов јавен обвинител и сл. Токму кај овие преговори станува јасно колку е важно почитувањето на вредностите.

И заштитата на малцинствата игра сè поважна улога, на пример, во Словачка. Оваа земја е многу добар пример. Сè додека на нејзиниот врв беше владата на Мечијар и слабо се почитуваа унгарското малцинство и Ромите, ние воопшто не почнавме да преговараме со Словачка. Кога по политичките промени беа создадени услови за ново законодавство, ги започнавме разговорите.

Меѓутоа, кај прашањето на малцинствата постои еден проблем: заштитата на малцинствата не е јасно дефинирана. Ние укажуваме на одлуките на Советот на Европа. Во Европската унија не постои јасна дефиниција за нив, затоа што некои земји со изразена централистичка структура не познаваат регионална автономија или автономија на малцинствата, на пример, Франција.  Други земји имаат федерална структура. Меѓутоа, заеднички став е дека не е доволно само да се почитуваат малцинствата, туку тие треба задолжително да уживаат и посебна заштита, заштита на можноста за нивен развој. Сè уште се дискутира дали е целесообразно да се регулираат автономии и до која мера треба да постојат можности за равојот  на јазикот на малцинствата.

2. Може да се рече дека Европската унија основната вредност на солидарноста ја рангира високо во насока на социјална унија. Затоа, во Каталогот на основните права може да се наиде на многу нешта кои не се содржани во многу устави, многу нешта за солидарноста, за правата на работниците, за правото на колективно договарање и сл.  Наведено е и правото на услуги на општото добро. Тоа значи дека унијата и во областа на економијата е многу повеќе отколку само економска заедница која  е ориентирана кон капиталот, бидејќи силно ги

нагласува социјалните права. Ова им пречи на некои личности, на пример, на Вацлав Клаус, претседателот на Чешката Република.

Во Европскиот парламент, во последните месеци многу се дискутираше за таканаречената „Директива за услужни дејности". Станува збор за законодавство со кое се регулира прашањето на давање прекугранични социјални услуги, услуги во градежништвото и сл. Долго се дебатираше за тоа дали да важи националното право, односно принципот на земјата на потекло. Според тој принцип, сето она што важи во матичната земја важи и во секоја друга земја, во која се нуди услужната дејност. Некои од новите земји членки се залагаа за овој принцип. Другиот модел е принципот на земјата цел, според кој важат правото и основниот принцип на земјата во која се нуди услужната дејност.

По долги дискусии, во Европскиот парламент, а потоа и во Советот, се создаде големо мнозинство што констатираше деке не е целисходно да се нудат пониски социјални стандарди. Од една страна, треба да се отворат пазарите и да се избегнат дискриминации. Постои и заеднички европски пазар на услужни дејности. Од друга страна, пак, треба да се прифатат социјалните права и социјалните стандарди кои се изработени во поединечните земји. И ова е јасен доказ за тоа дека не станува збор само за економски фактори туку и за вредносни фактори.

3. Европските основни права јасно го изразуваат принципот на недискриминација. Тоа значи дека никој не смее да биде дискриминиран поради својот пол, бојата на кожата, етничкото потекло, сексуалната ориентација и сл. И во врска со ова прашање постојано се водеа дебати. Во Европскиот парламент, на пример, водевме мошне интензивна дискусија на таа тема со една нова земја членка на Европската унија, т.е. со Полска. Со големо мнозинство ја донесовме резолуцијата против секоја форма на нови расистички насилни акти во Европската унија, на пример, во Франција, во Велика Британија, но и против таканаречените „хомофобни" акти, односно против заканите на лица кои се хомосексуалци.

Екстремно десната влада на Полска, која вклучи партии кои не се само антиевропски туку и даваат антиевропски изјави и ангажираат групи на 'скинхедси' за да им се закануваат на малцинствата, многу нè загрижува.

4. Неделава водевме интензивна дебата за „Рамковната програма за истражување". Во таа Рамковна програма за истражување се судруваат повеќе основни права. Основното право, кое е втемелено и во Каталогот на основните права: слободата на истражувањето. Освен тоа, и здравствено-политичките цели и заштитата на животот. Во тој контекст водевме жестоки дебати за „испитување на ембрионални основни клетки", значи за примената на основни клетки од ембриони заради вршење на медицински истражувања за сузбивање на тешки заболувања, кои во моментов не можат да се лекуваат на ниту еден друг начин. Од една страна, некои луѓе, пред сè, оние кои се многу блиски до католичката црква, сакаат да забранат секаков вид испитувања на ембрионални

основни клетки, од друга страна, пак, многумина се залагаат за слободата на истражувањето и за приматот на здравјето.

На крајот, Европскиот парламент донесе компромисно решение: од средствата за истражување на ЕУ може да се унапредува испитувањето на основни клетки само во оние земји, во кои тоа е изрично дозволено – со јасно поставена цел на здравствено испитување. Се разбира дека е забрането клонирањето заради истражувачки цели, што, впрочем, е јасно втемелено и во Каталогот на основните права.

5. Во моментов, работиме на изготвување на преоден извештај за „Специјалната комисија на ЦИА". Како што знаете, имаше редица депортации и на европски државјани од страна на ЦИА. Ние сметаме, а тоа е констатирано и во извештајот на Советот на Европа, дека тука биле повредени европските принципи, но и националните права. Многумина сметаат дека овие дејствија не се гравидни, бидејќи се дел од борбата против тероризмот.

Борбата против тероризмот е важна задача. Меѓутоа, според нас, во оваа борба мора да се почитуваат основните човекови права и слободи. Од таа причина, неколку пати донесувавме резолуции со широка база против Гвантанамо, повикувајќи ги САД да го затворат Гвантанамо и затворениците да му ги предадат на редовниот правен систем.

Во комисијата, со мала поддршка го разгледувавме прашањето на депортирањето на граѓани од страна на ЦИА. Во Каталогот на основните права, на пример, е содржано дека никој не смее да се екстрадира од Европа во земја, во која се применува тортура – а тоа сепак се случи. Имаше низа повреди, за кои ние во Европскиот парламент имаме јасен став: ДА за борбата против тероризмот, но НЕ за злоупотреба на основните човекови права и слободи и НЕ за подредување на европските вредности под конкретните цели на ЦИА или на други американски институции.

Последната точка, која сакам да ја споменам, се однесува на регионот Југоисточна Европа. Во декларацијата од Солун 2003 беше недвосмислено констатирано дека за нив нема да важат само Копенхагенските критериуми. За пристапувањето кон Европската унија нужна претпоставка е соработката со Меѓународниот суд во Ден Хаг. Ова прашање се однесува и на човековите права и на правата на малцинствата и покажува јасно дека Европската унија е заедница на вредности, а не е само економска заедница. На пример, преговорите со Хрватска почнаа тогаш кога се создадоа услови за соработка. Во тој контекст, во моментов, постои голем проблем со Србија, бидејќи Младиќ сè уште не е испорачан, а тоа е еден од условите за склучување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Последната точка која би сакал да ја споменам, е целокупната област на надворешната политика. Без оглед дали дискутираме со Русија или преговараме со Иран, во сите тие прашања е јасно дека Европа и во областа на надворешната политика не се занимава само со економска надворешна политика или надворешна политика во политичка смисла, туку секогаш улога играат и

вредностите. На пример, во нашата критика што ѝ ја упатуваме на Русија поради Чеченија и во врска со однесувањето на Русија кон Грузија и Јужна Осетија, Абхазија или Молдавија и Транснистија.

И во рамките на институциите на Европската унија, бездруго, постојат разлики во имплементацијата на вредностите. Комисијата и Советот се повеќе прагматско-економски ориентирани, а Парламентот е повеќе насочен кон правата на малцинствата и човековите права. Меѓутоа, јасно е дека Европската унија не е само економска заедница. Таа повеќе не е Европска економска заедница, туку Европска унија. Од таа причина, за сите земји кои се на патот кон Европската унија, дискусијата за вредностите и спроведувањето на вредносниот поредок се важен аспект во подготвувањето на членството во Европската унија.

Дел 2

Дискусија

Во врска со односите помеѓу ЕУ и САД. Познатиот австриски писател Карл Краус рече еднаш за односот помеѓу Германија и Австрија: „Ништо не нѐ дели повеќе отколку заедничкиот јазик". Оваа контрадикторност, веројатно, може да се пренесе и на односот помеѓу САД и Европа: „Ништо не нѐ дели повеќе отколку заедничките вредности."

Површински гледано, вредносните ставови им се прилично, но не и потполно слични. Сепак, во интерпретирањето на овие ставови за вредностите постојат големи разлики. На пример, постои разлика во религиозните вредности, тие имаат поголемо значење во САД отколку во Европа. Кога се зборува за „демократија, слобода, човекови права, права на малцинствата," на апстрактно рамниште нема да се забележи никаква разлика. Меѓутоа, во конкретната реализација, на пример, во борбата против тероризмот, како во Гвантанамо, или во однесувањето на Америка спрема случувањата во Латинска Америка, во Ирак или Иран, делумно постојат големи разлики.

Во тој контекст и во врска со проширувањето се развива дебата и во ЕУ. Ставот за САД, во голем дел, но не и во сите нови земји членки е многу попозитивен отколку во старите земји членки. Тоа важи и за Бугарија и за Романија. За распадот на комунизмот Америка де факто не сторила многу повеќе од Европа. Сепак, таа дејствуваше поинаку, се артикулираше појасно и поточно ја изнесе дебатата за вредностите. Меѓутоа, Америка не спроведе повеќе од другите.

Ако денес набљудувам што сѐ Америка вели во врска со односот на Русија кон Чеченија, тогаш Европа дејствува многу појасно од Америка. И во врска со Турција Америка секогаш молчела за прашањето на човековите права. Сепак, Америка де факто успеа да стекне поголемо прифаќање во новите земји членки.

Што се однесува до регионот на Балканот: многумина на Западот сѐ уште не сфатиле дека концептот на Европа, вклучувајќи ги географскиот и содржинскиот концепт, се менува. За земјите основачи на ЕУ, особено за Франција, Европа се

состои само од Западот на нашиот континент. Сѐ останато за нив е веќе компромис. Со оглед на зголемувањето од 6 на 12 земји при проширувањето кон Југот, потоа на 15 земји, и со последното проширување за 10 нови земји, многумина се прашуваат дали тоа воопшто е Европа. Да, тоа е Европа. Меѓутоа, тоа е Европа со поинаков историски развој, што особено важи за Балканот. Луѓето некако прифатија дека Европа повеќе не се граничи само со Атлантскиот Океан и со Средоземното Море. Меѓутоа, многумина не можат да прифатат дека Европа за неколку месеци ќе граничи и со Црното Море, развивајќи се во сосема нова димензија.

Освен тоа, постојат луѓе, особено во редовите на Европската народна партија, кои Европа начелно ја гледаат како христијански клуб. За католичката страна е проблематично да ја вклучи православната заедница во ЕУ. Иако во ЕУ живеат многу Муслимани, сепак, прашањето е уште покомпликувано. Од тоа опкружување се слуша: „Проширување до Хрватска: да! Хрватска е католичка земја, религиозна и е дел од нас. Меѓутоа, потоа треба да се направи пауза.‟

Се разбира дека има сили кои сакаат да повлечат граница преку Балканот. Граница, во чиј составен дел ќе спаѓа и католичкото. Сето останато, особено кога станува збор не само за православието, туку, пред сѐ, за исламот, треба да остане надвор од тие граници. Во врска со тоа, јас имам сосема спротивно мислење. Европа не е христијански клуб, не била христијански клуб и не смее да стане христијански клуб!

## Гордана Силјановска Давкова: Човекот како слика водилка-Барања за етос, патос и логос

*Проф. д-р Гордана Силјановска Давкова е професор по уставно право и политички системи на универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Македонија*

Живееме во противречно време. Постиндустриско општество, информатичко општество, ера на глобализација, ера на техничко-технолошки напредок. Но, истовремено, нашиот живот е исполнет со конвулзии, страв, неизвесна иднина. Постои ли опасност трагајќи по просперитетно општество да го загрозиме опстанокот? Постои, доколку се занемаруваат критериумите на добро, морално, правично, хумано, солидарно. Заканата е реална ако развојот се прифати како совршена можност за решавање на проблемите и подобрување на животот, без да се води сметка за етичкиот елемент во донесувањето развојни одлуки и без да се вгради вредносната димензија во политиката.

На крстопат сме. Мораме да фрлиме поглед наназад за да ги научиме лекциите од минатото, потсетувајќи се на ренесансната цел: „да се вратиме кон природата и да ја воспоставиме нашата човечка природа." Мораме да ја евалуираме реалноста од етички агол, да се соочиме со моралната криза и хипокризија и да иницираме развој со етички лик, развој по мера на човекот. Во изведувањето на овој проект пред нас се следниве предизвици: прво, градење општество во кое луѓето ќе бидат слободни, а нивниот живот квалитетен, од материјален и културен аспект; второ, градење општество во кое луѓето ќе бидат господари на цивилизацијата, а сите човечки творби ќе им служат ним; трето, отфрлање на ексклузивниот национализам и конституирање регионални кооперативни заедници во функција на регионалниот мир и просперитет; четврто, конструирање на глобална кооперативна, интеркултурна и „без граници" заедница, базирана врз универзални етички начела и вредности како солидарност, партнерство, заедништво, толеранција, соработка.

Политиката е амбивалентен феномен. Таа е дејност со која луѓето ги креираат, одржуваат и менуваат општите правила на однесување. Во суштина, се работи за општествена активност која, од една страна е нераскинливо поврзана со постоењето на разлики и судири, а од друга, со потребата за соработка и колективна акција.

Различни мислители и различни традиции различно ја сфаќаат. За едни е уметност на владеењето, односно „она што се однесува на полисот" (класична, античко-грчка варијанта) или „она што се однесува на државата" (како модерна варијанта, Easton. D.), за други е „водење и управување на јавните работи" (Aristotle, Rousseau, J. J; Mill, J.S; Arendt, H.), за трети, решавање судири преку расправа и спогодба (Crick, B.), за четврти, борба за ограничените ресурси (Lasswell, H; Millett, K; Marx, K; Lenin, V.).

Континуирана полемика се води и околу сферата на „политичкото". Традиционално, таа се редуцира на институциите и актерите кои делуваат во „јавната сфера", но таа делува и во „приватната" сфера, врз основа на односите на моќ.

Во изучувањето на политиката присутни се повеќе пристапи како: политичко-филозофски кој повеќе се усредсредува на „она што треба да биде" одошто на „она што е"; емпириски, кој се бави со институциите и структурите; бихевиористички, кој се обидува да воведе научна строгост, како и мноштвото модерни пристапи, меѓу кои посебно место има теоријата на рационалниот избор.

Проучувањето на политиката е научно доколку се темели на објективно знаење за светот на политиката, односно врз дистинкција на фактите од вредностите. Се работи за тешка задача, поради тешкото пристапување кон податоците, поради скриените вредности во политичките модели и теории и опасноста од пристрасност при истражувањето на политиката.

Денешната Европска унија е поинаква од онаа со која започна европскиот сон во педесеттите години на минатиот век. Таа е поширок, подемократски и поинтегриран ентитет. Европската унија е еден од најпрестижните и најпосакуваните клубови во светот. За претендентите за влез во неа заводливо одѕвонуваат зборовите на Роберт Шуман: „Потребно е секој да биде проникнат со уверувањето дека ние имаме потреба едни од други, без разлика на положбата и моќта што ја поседуваме."[2]

Пораката на тогашниот француски министер за надворешни работи најнапред беше прифатена од германскиот канцелар Конрад Аденауер. Тоа им стави крај на вековните непријателства меѓу членките на европските заедници... „Европа се оттргнува од моќта или, поставено малку поинаку, ја надминува моќта во самодоволен свет на закони и правила и меѓународно преговарање и соработка. Таа влегува во постисториски рај на мир и релативен просперитет, реализација на Кантовиот „вечен мир"[3].

Повеќедецениискиот мир за Европејците постави нови приоритети: повеќе вработувања, подобра финансиска положба, поквалитетен живот, но и поголема сигурност, по немилите настани во Њујорк и Лондон. На европските граѓани им е јасно дека без безбедност нема слобода, па 60% од германските граѓани ѝ даваат предност на безбедноста пред слободата.[4] Се разбира, слободата и безбедноста се комплементарни категории. Нема безбедност без слобода на граѓанинот, а без граѓански слободи нема демократија. Правната држава, односно Хобсовиот Левијатан е гаранција за крај на „bellum omnium contra omnes", односно за надминување на предграѓанската прасостојба. Таа/Тој е гарантот за достоинството и слободата на индивидуата. Во духот на јуснатурализмот, за Џон Лок, човекот и неговите природни права: правото на

---

[2] Шуман, Р. : За Европа, Делегација на Европската комисија, Скопје, 2004.
[3] Kagan Robert, Of Paradize and power, New York, 2003, стр.3
[4] Focus, 45/2001, www.focus.de/emnid

живот, на слобода и на имот имаат преегзистентна природа, односно ѝ претходат на државата.

И покрај перманентната секуларизација, современиот европски човек е хомо религиосус. За Шуман, Аденауер и Де Гаспари христијанството, односно „христијанската демократија‟ беше политичка определба, основа за еднаквост на луѓето, достоинство на човекот и мир меѓу народите.

Европа има долга и длабока традиција на социјални држави и соработка на капиталот и трудот. Од ваквата традиција никнуваат солидарноста и еднаквоста. Неолиберализмот ги поткопува овие вредности. Фамилијата и семејството сè уште се значаен сегмент од животот на мнозинството Европјани, како и основна клетка на државата. Приоритет за европските родители е да воспитаат и да одгледаат одговорно, културно, образовано потомство, за кое се спремни да се жртвуваат.

Процесот на европското обединување е врзан за основните прашања: Кои се целите на обединувањето? Зошто националните држави се спремни да пренесат дел од својот суверенитет? Кои се бенефитите за безбедноста и благосостојбата на обединетите? Националнодржавните стратегии се насочени кон креирање конзистентни, односно компатибилни решенија со оние од ЕУ, решенија кои водат кон европеизација на националните системи. Реализацијата на Копенхагенските критериуми се тесно поврзани со аксиолошката рамка на националните системи, односно со вредностите врз кои почива системот. Се разбира, прашањето на вредностите е неодвоиво од моделот на политичката култура, односно традицијата и социјализацијата како нејзини детерминанти.

ЕУ не е хомогено друштво. Има „стара‟ и „нова‟ ЕУ. Има приврзаници на интеграционизмот (застапуван од членките - основачи, Германија, Франција, Италија и Бенелукс државите) и застапници на ориентацијата кон суверенитет (Велика Британија, Данска, Шведска). Се смета дека меѓу новопримените членки е поголем бројот на оние кои го преферираат националниот суверенитет, значи оние со неинтегративни преференци.

Важно е да се потенцира дека податоците од евробарометарот во 2003 откриваат дека граѓаните на новите држави членки биле поријателски поставени кон интеграцијата од просекот на ЕУ-15 и дека, општо, малите земји се попријателски расположени кон ЕУ. Тие очекуваат побрзо решавање на акутните проблеми. Влезот во ЕУ за нив има и силна афекциона вредност , во смисла на реинтеграција кон Европа.

Сепак, поддршката на ЕУ опадна по 2004 год., поради војната во Ирак, расправата за Уставот и неуспешните референдуми во Франција и Холандија, но и специфичните причини за различни земји. ЕУскептицизмот не е насочен генерално против европската интеграција, туку против бирократизацијата и централизацијата на ЕУ.

Зошто ЕУ ги отвори вратите за државите од Централна и Источна Европа?

Прво, по деценискoто повикување да го отфрлат комунизмот како авторитарен модел, се создаде ситуација во која западноевропските држави чувствуваа морална обврска да ја покажат солидарноста со централно и источноевропските земји кои се демократизираа.

Второ, економските можности во проширена Европа се далеку поголеми. Пазарите за западноевропските производи во Централна и Источна Европа не се за занемарување, а евтината работна сила и ниските давачки се примамливи за профитната логика на западнита економија.

Трето, стабилноста на континентот не зависи само од западниот, туку и од источниот дел. Приклучувањето на државите од ЦЕИ значеше и поместување на границите на ЕУ кон Русија. Ако овие држави останеа надвор од европските интегративни процеси, ќе останеше можноста за повторно влијание на Русија, како и дискутабилност на демократизацијата и отворањето на економиите. Економската помош на Унијата е клучна за економската транзиција на земјите од Централна и Источна Европа.

Југоисточна Европа е конгломерат на култури и религии, сместен на крстопатот меѓу Европа и Блискиот Исток, потенцијална етничка и конфликтна зона. На Балканскиот форум во Солун во 2002 год. европскиот комесар Патен изјави: „Изборот за нас е јасен , или ќе извезуваме стабилност на Балканот, или Балканот ќе извезува нестабилност во Европа".[5]

*Кои се аргументите за прифаќање на Балканот како дел на ЕУ?*

Прво, Балканот е дел од Европа - географски, историски, политички, а особено културно. Второ, ЕУ идејата е единствената политика поддржувана од сите политички актери и од севкупната јавност. Трето, ЕУ перспективата е главна моторна сила и мотив за позитивни движења во регионот. Таа ќе ги оневозможи националистичките партии да го дестабилизираат регионот и да го загрозат мирот во поствоениот период и поствоените подрачја. Четврто, стабилноста на Европа не е целосно загарантирана без стабилен Балкан. Вклучувањето на Балканот во ЕУ ќе означи целосно обединување на континентот. Наместо бесконечно менување на границите на Балканот, нужно е нивно бришење преку влез во ЕУ. Романо Проди, при апликацијата на Хрватска во 2003 изјави: „дури кога Балканот ќе стане дел од ЕУ, тогаш може да речеме дека Унијата е целосна. На патот кон ЕУ, балканските држави нема да бидат оставени сами."

Европскиот комесар за проширување, Оли Рен, за релацијата меѓу апсорпциониот капацитет и Западен Балкан ќе рече: „Западниот Балкан воопшто не е проблем за апсорпциониот капацитет на Унијата", а според австрискиот канцелар Волфанг Шисел „ветувањата на ЕУ кон Бугарија, Романија и кон

[5] Speech by Chris Pattern, Western Balkans Democrasy Forum-Thessaloniki, 11 Април 2002

балканските држави мора да бидат почитувани, а Турција треба да се разгледува како посебен случај.‟[6]

Фридрих Еберт Штифтунг и Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија направија извонреден потег организирајќи ја регионалната конференција на тема *„Вредностите и политиката: Европа проширена кон југоисток- заедница на вредности‟*, во Струга, на 17.06.2006 год. На Конференцијата учествуваа политичари, експерти од сферата на науката, администрацијата и медиумите, претставници на невладиниот сектор и на цивилното општество.

Претходно, д-р Алфред Диболд спроведе дванаесет интервјуа со истакнати личности во светот на политиката, науката, културата, новинарството, поставувајќи им суштински прашања за релацијата вредности - политика. Креаторот на прашањата трага по односот на интервјуираните кон основните вредности, кон личностите кои ги персонифицираат, кон вредносните системи во минатото и сегашноста, кон европската мега идеја, кон евалуацијата на националните состојби од аспект на карактерот и квалитетот на политичките идеи и визии, кон способноста за градење и развивање европски вредносен модел, како и кон процесите и тенденциите во ЕУ и на ЕУ кон претендентите за ЕУ од вредносен аспект.

Одговорите ја цртаат аксиолошката рамка на Југоисточна Европа.

Интервјуто со г-дин Холм Зундхаузен ја разоткрива феноменологијата на ЕУ како заедница на држави и народи, интегрирани со и врз заеднички вредности , а интервјуто со г-дин Ханс-Јохан Фогел, ја скенира „германската‟ вредносна рамка, социјалдемократската идеологија и индивидуалниот вредносен хабитус.

Вредносната димензија на политиката е запоставен предмет на истражување и дебатирање не само во регионот туку и пошироко. Тоа не е случајно, туку е поврзано со актуелната политичка практика. Политиката без вредносна есенција не е дијалог, туку монолог. Политиката без аксиолошка срж не е дејност со која човечките суштества се обидуваат да го подобрат животот и да создадат добро општество. Во политиката без вредносна ориентација се потешко го препознаваме Кантовиот човек како највисока цел, а сè почесто го среќаваме Хобсовиот човек- волк. Езуитизмот и макијавелизмот може да го насочат зоон политикон не кон „вечниот мир, туку кон судирот на цивилизациите и кон bellum omnium contra omnes. Современата политика е повеќе моќ, одошто авторитет. Во услови на неограничени потреби и желби и ограничени ресурси, таа се манифестира како борба за ограничените ресурси, во која власта се користи како инструмент (Lasswell)[7]. Потребна е политика како „уметност на можното‟, политика како „усогласено делување‟, политика како инструмент за усогласување, а не закана и употреба на гола сила.

---

[6] ‟ Future Enlargement: ‛absorption capacity' coming to the fore", 23 март 2006, www.euractive.com
[7] Lasswell, H. Politics: Who gets, What, when, How? (New York,: McGraw-Hill)1936

Конференцијата беше ретка прилика за размена на ставови и видувања, соочување на аргументи, презентирање на искуства, заедничко трагање по одговори.

Соговорниците постигнаа консензус за две клучни прашања. Прво, за тоа дека квалитетот на политичките идеи и визии како и начинот на нивната реализација во политичките процеси се неразделни од системот на вредности, од базичните убедувања и уверувања (вклучувајќи ги и религиозните), од основните претстави за човекот и неговата генеричка суштина и улога. Второ, за тоа дека ЕУ не е само економска и политичка заедница туку и заедница на вредности. Според тоа, земјите од Југоисточна Европа можат да се надеваат на членство во ЕУ доколку поседуваат и развиваат и вредносен систем компатибилен со европскиот.

За сите интервјуирани, за сите воведничари и дискутанти, но и за сите граѓани во регионот, европската идеја е врвна вредност, „идеја-водилка", идеја која како ниту една друга ги обединува сите политички партии, етноси и религии. ЕУ перспективата е поттик за градење култура на мирот, толеранција и стабилност. Во неа луѓето од регионот гледаат „модус вивенди". Креирањето и оживотворувањето на европската идеја и визија не е право и обврска само на политичарите, туку на сите општествени групи и субјекти.

Луѓето од Југоисточна Европа себеси се гледаат како бивши, сегашни и идни Европјани во географска, историска, политичка и културна смисла. Хомо Балканикус е Хомо Европикус. Реинтеграцијата за луѓето од Балканот има симболизам во себе зашто значи враќање кон заедничките европски корени, создавани и на нивна почва. Античкото културно наследство, Римското царство, христијанството, просветителството и двете светски војни се основните точки и нишки на вредносна синергија меѓу Западот и Истокот. Отоманската империја и комунизмот, пак, доведоа до нивно разидување.

Суштински вредности на општеството, но и на животот на поединците, според интервјуираните и учесниците во расправата се: слободата, храброста, правдата и правичноста, солидарноста, верноста и посветеноста на семејството, хуманоста, патриотизмот, рамноправноста, вербата во Господ. На овие вредности почива и западната цивилизација. Со оглед на хетерогениот етнички и религиозен амбиент, посебно значење има способноста за соживот и мирно решавање на споровите.

Кога е во прашање поблиското минато, односно периодот на реалсоцијализмот и комунизмот, и покрај сличностите на еднопартските системи, постоеја битни разлики меѓу Албанија, како најзатворен и најизолиран државен систем на европско тло, Бугарија, како членка на Варшавскиот пакт и советски сателит и Македонија како членка на СФРЈ, со модел на самоуправување во внатрешните односи и неврзување во надворешните, како и отвореност на границите и слободна комуникација со Запад. Сите комунистичките режими ја ограничуваа слободата и ги акцентираа еднаквоста и солидарноста како вредносни темели на системот.

Во интервјуата и во дискусијата отворено и критички се говореше за кризата на вредносниот систем и опасноста од вредносен вакуум во периодот на транзиција, што директно корелира со рушење на етиката во политиката; со присуство на олигархискиот елемент во владеењето; со партитократскиот модел на власт; со „brain drain‟; со отсуство на економска демократија, односно непостоење партнерство на капиталот и трудот; со дезидеологизацијата на партиите во кои процесот на одлучување е сконцентриран во тесен круг на луѓе кои не ги адресираат интересите на граѓаните; со криза на лидерството и делегитимизација на политичарите; со политизирана и партизирана администрација, регрутирана врз „spoils‟, а не врз „merit‟ систем; со политички зависното судство; со неавтентичниот и фрагментиран невладин сектор; со притисоците врз медиумите....

Јавноста сѐ погласно бара одлучно справување со клиентелизмот, непотизмот, криминализацијата и организираниот криминал, бара реформи, бара европеизација на економските, политичките и севкупните процеси, бара „rechstaat‟, бара вредносно втемелена политика.

Потребни се вистински реформатори чија политичка активност е инспирирана од „служење на општото добро‟, а не од лукративни цели. Потребна е нова генерација политичари , раководени од етос, патос и логос.

Реалистичкиот пристап кон внатрешните состојби и одлучните реформи ќе го европеизираат регионот.

ЕУ мора да стави крај на гетоизацијата на регионот и на „креирањето‟ посебни, специјални критериуми и формули за негова евроинтеграција, од типот на т.н. „привилегирано партнерство‟[8] зашто на тој начин предизвикува фрустрации, апатија, па и автархија, ги реанимира реликтите на парохијалната, патријахалната и поданичка политичка култура, а ја дестимулира партиципативната, со што се отвора простор за демагозите и радикалите.

Не постои ЕУ скептицизам во регионот, не постои ни ЕУ еуфорија, но постои убедување дека во ЕУ егзистира балканофобија и балканоскептицизам.

Да заклучам. Во меѓународните односи е докажано дека перспективата за членство во ЕУ е силен поттик за внатрешни промени во државите. Проширувајќи се, Унијата носеше мир и просперитет. Светот се сеќава на зборовите на Кенеди: „Ich bin ein Berliner‟, искажани во далечната 1963 год. Пркосниот идеализам наспроти бруталната реалност значеше верба во слобода, демократија, отвореност. Требаше да помине повеќе од четвртина век од говорот на Кенеди за да се сруши Берлинскиот ѕид. Го урнаа луѓето кои ги делеше. Неговиот пад обедини еден град, една нација, еден континент.

[8] Идејата за привилегирано партнерство е промовирана од германската канцеларка Ангела Меркел во изјавата по средбата со словенечкиот премиер Јанез Јанша, на прашањето за европската перспектива на Западниот Балкан (Merkel moots "privileged partnership" for Balkans", 17.03.2006, EUObserver. http://www.euobserver.com )

Базичните вредности вистински ќе го обединат европскиот демос, а него го сочинуваат и граѓаните на Југоисточна Европа.

На Југоисточна Европа, во мозаикот на темелните вредности, особено ѝ се потребни регионалната солидарност и солидарноста на ЕУ со регионот.

## Холм Зундхаузен: Враќање кон Европа? Југоисточна Европа помеѓу Западот и Истокот

Проф. д-р Холм Зундхаузен е професор по историја на Југоисточна Европа на Источноевропскиот институт на Слободниот универзитет Берлин (*Osteuropa-Institut der Freien Universität Berlin). Тој е уредник на „Forschungen zur osteuropäischen Geschichte",коуредник на "Südost-Forschungen", "Balkanologischen Veröffentlichungen", и "Österreichischen Osthefte".*

*Интервју на д-р Алфред Диболд со проф. д-р Холм Зундхаузен.*

*Во европскиот Устав од 2003 се вели: Вредностите врз кои се темели Европската унија се: почитување на достоинството на човекот, на слободата, на демократијата, на еднаквоста, на владеењето на правото и почитување на правата на човекот, вклучувајќи ги правата на оние лица кои се малцинства. Тие вредности им се заеднички на општествата во земјите членки на ЕУ, кои се одликуваат со плурализам, недискриминација, толеранција, правичност, солидарност и еднаквост помеѓу мажите и жените. Како овие вредности можат да се стават во историски контекст?*

Тие се резултат на долг историски процес, кој се протегал низ повеќе епохи: од хуманизмот и просветителството до Француската револуција и револуцијата од 1848. Овој процес бил поврзан со постепеното валоризирање на поединецот наспрема заедницата и на поделбата на црквата и на државата. Во западните општества спомenатите вредности биле прифатени како основна цел, а во текот на последните децении го нашле своето место и во меѓународни спогодби (на пример, во Повелбата на Обединетите нации). Околноста што, пред сѐ, станува збор за „западни" вредности, што тие не секогаш се почитуваат на „Западот" и делумно се во колизија со други вредности (на пример, кога заедницата се цени повеќе од поединецот), предизвикала многу конфликти за вредностите, кои сѐ уште не се надминати.

*Што подразбирате под поимите „Запад" и „Исток" како шифри? Што сакате да кажете со нив?*

Со нив сакам да кажам дека „Западот" и „Истокот" не треба воопшто, или пак, само условно да се сфатат во географска смисла, туку станува збор за ментални простори кои се поврзани со определени (различни) вредности. Тие не се географски поими, од причина што ние на „Западот" можеме да набљудуваме феномени и движења кои се децидно антизападни (да се потсетиме на националсоцијализмот во Германија), и обратно, на „Истокот" се среќаваат групи и движења кои се прозападно ориентирани, но и такви кои децидно сакаат да се дистанцираат од „Западот". Критиката на „Западот", односно на неговите вредности и на општествените системи се појавува во две форми. Од една страна, како критика на дискрепанцата помеѓу замислените цели и реалноста. Тоа е прозападната варијанта на критиката на „Западот", која како

самокритика е широко распространета и на „Западот”. Од друга страна, постои и критика на поставените цели (независно од реалноста). Тоа е антизападната варијанта на критиката на „Западот”. Значи, не е доволно да се направи само географска поделба. „Западот” стои за еден каталог на вредности, кои нашле свој одраз во Европската конвенција и во некои други меѓународни документи, кои, меѓутоа, не се неспорни.

*Сметате ли дека вредностите на Балканот се поинакви од оние, на пример, во Велика Британија, Германија, Франција?*

Некаде до почетокот на 19 век сигурно имаше јасни разлики во поставувањето на приоритети. Во општествата на Балканот, за разлика од „Западот”, заедницата, на пример, имаше многу поголемо значење од поединецот. Поединецот се стекна со поголемо значење со рецепцијата на римското право во текот на 19.век. Во Западна Европа, правното откривање на човековото јас траеше со векови. Наспроти тоа, во постотоманските земји на Балканот, римското право било воведено во еден вид шок-терапија. И како што поинаку не можеше да се очекува, тој процес предизвика силни конфликти. Од таа причина, воопшто не изненадува фактот што на балканското поднебје (слично како и во Русија) постоеле и сè уште постојат два табора. Од втората половина на 19 век, елитите се поделени во два табора, кои јас грубо упростено ги нарекувам „Западњаци”, односно „Европејци” и „Популисти”. „Западњаците” тежнееле кон модернизирање на своите општества според западноевропски модели, зборувајќи за „враќање во Европа”. Се разбира дека под Европа не се мисли на географскиот поим. Гледано од географски аспект, земјите од Балканот секогаш биле дел од Европа, па затоа не можеле да се вратат во Европа. Значи, и во овој случај, станува збор за ментален склоп. Наспроти нив, „Популистите” биле скептични спрема западноевропските модели и ги отфрлувале, повикувајќи се на „традиционалните” вредности. Воведувањето на римското право, на пример, тие го сфатиле како напад на нивните идеи за правичност, сметајќи го индивудуализмот како убиствен за општеството. Од таа причина, рецепцијата на римското право се претворила во тежок процес, полн со конфликти, бидејќи менталните структури се менуваат значително поспоро од надворешните околности, кои, на пример, се воведуваат преку создавање на институции. Менталните структури и начините на размислување се менуваат многу бавно. Во изјавите на многу православни свештеници (без оглед дали се од Русија или од Балканот) станува јасно дека тие имаат други приоритети и тежнеат кон поинакви вредности, отколку „Западот”. За нив заедницата, и натаму, има поголемо значење од поединецот. Поединецот вреди само тогаш кога е дел од заедницата. Тој нема (речиси) никаква сопствена вредност.

*Дали по железната завеса следи религиозно-културна завеса?*

Во моментов, на тоа прашање не може да се даде јасен одговор. Иако не мора да се случи такво нешто, сепак не е исклучена можноста. Дури и да постои таква завеса, што не се надевам, географските граници од времето на дихотомијата

Исток-Запад не би се совпаднале со новите граници. До 1989, „Источна Европа" беше збирен поим за социјалистичките земји од Источна Европа. Со колабирањето на реалсоцијалистичките системи, повторно стана јасна разноликоста на Источна Европа. Историчарите и порано разликувале помеѓу три простори во Источна Европа: просторот на Источна и Централна Европа (од Балтичкото Море до Унгарија и Хрватска), просторот на потесна Источна Европа (Русија, Белорусија и Источна Украина) и просторот на Балканот, вклучувајќи ја Романија. Уште од Средниот век, Источна и Централна Европа биле културно и религиозно ориентирани спрема Западот. Во потесниот регион на Источна Европа се развил еден поинаков културен модел од оној во Западна, од една страна, и во Источна и Централна Европа, од друга: станува збор за моделот на источната црква со изразени византиски елементи. И просторот на Балканот има свои особености, бидејќи четири до пет векови бил под отоманска власт. Доколку сега се појави културна завеса, се поставува прашањето: по која линија ќе се протега? Според мене, „Западот" би навлегол подлабоко во поранешниот „Исток", додека оние општества кои се изразено православни и својата вера ја сметаат за важен дел од идентитетот, можеби би сакале да одат по поинаков пат. Според нив, развојот што се случил во Западна и Централна Европа по Француската револуција е погрешен пат. Тоа се формулации на некои православни теолози. Тука мислам на српскиот митрополит Николај Велимировиќ, кого некои луѓе го сметаат за најголемиот српски теолог на 20 век. Во 2003, Српската црква го прогласи за светец. Во безброј списи тој повторил: Западот одел по погрешен пат кој ние ќе го избегнеме. Тој децидно го отфрлил она што ние го формулираме и прифаќаме како цели: не практиката или реалноста, туку самите цели!

*Дали црквата има големо влијание на државата и може ли тоа да се одрази и во политиката?*

Тешко е да се одговори на тоа прашање. Таа област не е доволно истражувана. По 1989, многумина сметаа дека секаде дошло до еден вид „ренесанса" на верата. Дури и да е така, останува отворено прашањето: дали станува збор за преодна појава, чиј интензитет веќе се намалува, или пак, се работи за трасирање на долгорочни патеки. Од друга страна, се поставува прашањето: дали под вера се подразбира побожност или културен референцијален систем. Со векови, верата претставувала витален културен фактор. Припадноста кон една (изразено религиозна) култура не мора да е идентична со побожност. И атеистите можат да припаѓаат кон истата таа култура. Во западните општества, голем број луѓе истапиле од црквата. Меѓутоа, самиот чин не значи дека тие истапиле и од културата која со векови била со верска конотација. Слични феномени сигурно постојат и во други општества. Тука особено мислам на Балканот: таму припадноста кон одредена вероисповед, во многу случаи, има функција на еден вид национален пасош. Славомакедонецот ќе рече: православието е неотуѓив дел од македонскиот национален идентитет, иако тој никогаш не одел в црква и нема никаква врска со верата. Од тие причини, треба да се прави дистинкција помеѓу ревитализација на религиозноста по 1989, која

била условена и од несигурноста во ориентацијата како последица на распаѓањето на системот, и верата како важен дел од културниот идентитет, која не мора да е поврзана со побожност, односно религиозност. Тоа важи како за христијанското така и за муслиманското население. За Албанците, од кои околу 70% се муслимани, се вели дека не се особено побожни. Станува збор за култура во која израснале. Дури и кога не практикуваат никакви верски обичаи, културниот систем за нив значи идентификација.

*Вие зборувате за вредностите како процес и како проекти. Што поточно подразбирате под тоа?*

Под тоа подразбирам дека вредностите не се постигнуваат во одреден период, за потоа да останат стабилни. За разлика од трката со автомобили, во развојот на општествата нема линија на целта која се поминува еднаш и се знае кој е победникот. Постојано доаѓа до целни конфликти помеѓу различни вредности, на пример, помеѓу слободата и социјалната правда, помеѓу правата на заедницата и правата на поединецот, помеѓу приватната сопственост и социјалната одговорност и сл. Токму во постсоцијалистичките земји тоа е голем проблем, Меѓутоа, не е ограничен само на постсоцијалистичките земји. Не постои идеално општество. Постојано настануваат дискрепанци помеѓу целите и секојдневната практика. Постојано треба да се тежнее кон намалување или целосно отстранување на таа дискрепанца. Едно нешто е сигурно: и кога ќе се постигне резултат во еден домен, настануваат нови дискрепанци во нов домен. Тоа е перманентен процес.

*Која улога, притоа, ја игра верата? Постојат ли разлики помеѓу источната и западната црква во однос на вредностите?*

Сигурно дека постојат разлики. Предмалку ги споменав. Ако ги погледнеме списите на теолозите, станува мошне јасно, дека источната црква има поинакви идеи од западната црква. Во православието во преден план стојат заедницата, мистиката, одбивањето на рационалните, па дури и на навидум рационалните феномени. Поединецот има само подредена улога. Она што православните теолози му го префрлуваат на Западот, е дека Западот, според нив, практикува претеран индивидуализам и е премногу материјалистичен. И поделбата помеѓу црквата и државата се отфрлуваат, исто како и општествениот плурализам и сл. Значи постојат значајни разлики.

*Вие велите дека во Југоисточна Европа, односно на Балканот, не постои нешто како историската припадност кон еден заеднички круг, каква што постои на Западот. Поради тоа, во сегашноста, постојат проблеми на идентитетот. Како ќе се одразат тие? Каде постојат разлики?*

Разликите едноставно се базираат на различните развојни патишта кои ги изоделе општествата на Западот и општествата во Југоисточна Европа. Нам ни

се повеќе или помалку познати како предностите така и слабостите на епохите на реформацијата, на противреформацијата, на просветителството и сл. Тоа е нешто со што можеме да се идентификуваме ние самите, но и да го идентифуикуваме нашето минато. Такво нешто недостига на Балканот. Таму не се случила ниту реформација, ниту противреформација. Кај просветителството е особено проблематично, бидејќи се познати некои поединечни, мошне реномирани просветители од Балканот, но тие можат да се избројат на приститe од една рака. Тоа движење не било многу распространето, па затоа постојат разлики и во историските искуства. Она што ние денес го застапуваме како идеали се идеали кои настанале во преговори во текот на еден долг процес на созревање во Западна Европа.

*Дали постојат контроверзии помеѓу славофилите и западњаците? Станува ли збор за „судир на цивилизации"?*

Такви контроверзии сигурно постојат. Добро е познат, на пример, спорот помеѓу славофилите и западњаците во Русија во текот на 19 век. По падот на социјализмот во Советскиот Сојуз и во Русија, во текот на 90-тите години, настанале слични табори, се разбира, во модифицирана форма, кои оперираат со исти матрици на аргументирање како славифилите и западњаците во 19 век.

Она што е помалку истражувано е околноста што и на Балканот среќаваме слични појави. И таму елитите се поделени во два табора од средината или најдоцна од последната третина/четвртина на 19 век. Таа поделеност трае и сега, а по 1989 повторно стана јасна и во јавноста. На пример, ако се потсетам на безбројните дискусии во 90-тите години во бивша Југославија – тие беа многу конкретни. Или кога ќе помислам на Белград, град чија елита е јасно поделена. Од една страна, постојат луѓе кои се отворени кон светот, се борат за правата на поединците и на малцинствата, и, од друга страна, луѓе кои ги интерпретираат индивидуализмот, плурализмот, толеранцијата и секуларизацијата и сл. како фронтален напад и закана за својата заедница, сакајќи, по секоја цена, да ги прекинат врските со прозападно ориентираниот надворешен свет.

*Проширувањето на ЕУ е политички предизвик. Се среќаваат припадници на различни култури. Како државите можат да се справат со тие предизвици?*

Нам ни треба многу поинтензивен дијалог од оној што го имавме досега, и тоа на обете страни. Тоа значи, при проширувањето на ЕУ кон Југоисточна Европа не треба да се внимава само на политичките системи, на економските системи и на правните системи, туку и на аспектите на културниот идентитет и на разликите во вредносните системи. Во Европската унија, тие долго време биле занемарувани. Можеби досега такво нешто и не било толку потребно, бидејќи досега само една земја членка беше од Балканот (Грција), а неодамна кон ЕУ ѝ пристапи и Кипар. Меѓутоа, со пристапувањето на Романија и Бугарија, вкупно четири држави ќе бидат од Балканот. И државите кои се дел од „Западен

Балкан" тежнеат кон членството во ЕУ. Тој развој не може и не треба да се запира. По пристапувањето на Романија и на Бугарија кон ЕУ, останатиот дел од Балканот ќе биде речиси целосно опкружен од државите на ЕУ. На држава како Швајцарија тоа воопшто не ѝ пречи, бидејќи таа е богата држава со висок стандард, која се чувствува обврзана кон истите вредности како и земјите на ЕУ. Меѓутоа, останатите земји на просторот на Западниот Балкан не можат да живеат нормално во таква ситуација. Од таа причина, треба да е во наш интерес процесот на проширување да се заврши и што е можно побрзо да се примат земјите од Балканот кои сè уште не се членки на ЕУ. Меѓутоа, со тоа е поврзана и потребата од многу поинтензивна дискусија, не само за нашите сличности и за имплементацијата на Копнехагенските критериуми, туку и за нашите разлики, особено во областа на културите. Покрај Копенхагенските критериуми, треба да прифатиме и еден реципрочен процес на учење и да се разбереме за тоа што всушност се „европски" вредности и како ЕУ може да опстане како заедница.

*Мнозинството на населението на Балканот е православно. Покрај нив, на Балканот живеат 8 милиони муслимани. Дали вредностите на православните и на муслиманите се компатибилни со европските вредности, онака како што се опишани во Уставот на ЕУ?*

На тоа прашање не може да се даде општ одговор. Како во православните, така и кај муслиманските верски заедници постојат многумина кои немаат никаков проблем со „европските вредности" и кои не само што живеат според западните вредности туку ги прифаќаат од сопствено убедување. Но, постојат и групи кои не ги прифаќаат овие вредности или ги одбиваат децидно. Такви „фундаменталистички" групации постојат и на Запад. Тука мислам, на пример, на САД, каде што постои христијански фундаментализам, кој не го одобрува секој. И обратно, кај православните и кај муслиманските верски заедници, секако, постојат групации чии идеи воопшто не се компатибилни со вредностите кои ние ги застапуваме.

Интересен е исламот на Балканот. Во моментов, не може да се даде јасен одговор на прашањето дали тој ислам е нешто посебно или е варијанта која се разликува од исламот во другите европски земји  и од исламот во воневропските земји. Постојат неколку индикатори за тоа дека навистина постои специфичен балкански ислам. Муслиманите од Балканот се разликуваат од релативно неодамна доселените муслимански имигранти во Западна Европа по тоа што веќе со генерации живеат во регионот, што долго време биле во контакт со соседните христијански народи, што еден дел од нив или од нивните претци потекнуваат од тие народи, што често го зборуваат истиот јазик, па дури и во нивните обичаи постојат многу мали разлики од обичаите на христијанското население. Сето тоа може да зборува во прилог на тезата дека исламот на Балканот во многу аспекти се разликува од исламот на неодамна доселените муслимански имигранти во Западна Европа, од една страна, и од исламот во арапските земји или во југоисточна Азија, од друга страна, како и дека називот „евроислам" можеби подобро им прилега на муслиманите на Балканот отколку

на оние во Западна Европа. Впрочем, како и христијанството, исламот не е ниту единствена целина, ниту, пак, е статичка целина.

*Срдечно Ви благодарам.*

## ***Интервјуа***

*Интервјуата во Албанија ги правеа д-р Александар Дима и д-р Алфред Диболд, во Бугарија ги правеа Арнолд Вемхернер и д-р Алфред Диболд, а во Македонија, Штефан Денерт и д-р Алфред Диболд.*

*Албанија*

### Реџеп Мејдани, поранешен претседател на Република Албанија

*Реџеп Кемал Мејдани беше претседател на Албанија од 1997 до 2002. По неговите студии по физика и математика во Тирана и Париз каде што тој во 1976 докторирал и сѐ до 1996 беше професор на универзитетот во Тирана. Во 1991 тој беше претседател на државната изборна комисија, а од 1992 е ангажиран на прашањето за човековите права. На реформскиот конгрес на Социјалистичката партија на Албанија во 1996 година Мејдани беше избран за нејзин генерален секретар. Во 1997 на изборите тој дојде во Парламентот и оттаму беше избран за претседател на државата. При неговота кандидатура за претседател на Социјалистичката партија во 2003 тој загуби од дотогашниоит претседател и премиер Фатос Нано.*

*Господин Мејдани, дали можете како поранешен претседател на Република Албанија и како научник да ни ги опишете вредностите што за Вас се важни? Како се гледате себеси, што Ви значи Вашата личност?*

Важно е само да се биде скромен и мирен и на другите да им се пристапува со извесна добронамерност. Јас себеси би се опишал како граѓанин и интелектуалец, како некој кој работи на тоа решенијата за проблемите да ги бара преку институционални и законски вообичени патишта, да се етаблира нова „филозофија‟ во чии темели се почитувањето на слободите и правата на човекот и солидарноста меѓу луѓето.

Во поглед на мојот конкретен придонес како политичар и поранешен претседател на Република Албанија, би можел да се повикам на проф. д-р. Нино Бокачо кој во Франција беше мој ментор за докторатот. Кога јас го сретнав доста години подоцна и го прашав како тој ја проценува својата важна работа како научник и педагог тој без двоумење одговори „Јас исполнив само неколку празнини. Ако не бев јас, тогаш ќе беше некој друг да ги исполни нештата ‟. Овој одговор мене ми се допадна, тој го докажува скромниот, но слободен дух и голема творечка сила. Јас не би сакал на Вашето прашање повеќе да си се опишувам, туку токму да дадам ваков одговор.

*Пред да преминете во политиката долги години работевте како научник. Кои идеали Вам Ви останаа во сеќавање? Дали на Вас во развојот на Вашата личност и Вашите вредности особено влијаеше некоја историска личност или некој домашен или странски политичар?*

Како што веќе рековте,  јас доста доцна се вклучив во политиката, иако, како интелктуалец, уште во мојата младост со учеството во многубројните јавни манифестации индиректно дадов придонес. Мојот прв политички ангажман - претседател на централната изборна комисија на првите слободни избори во 1991 ми беше доверен токму како на неутрално лице од подрачјето на високото образование, а пет години подоцна, по изманипулираните избори од 26 мај 1996 - прв пат во мојот живот станав член на партија - Социјалистичката партија, која во тоа време беше најголема опозициска партија. Мојот живот долго време беше како академик и соодветно на ова академско милје и неговите духовни великани и авторитетите како Аристотел, Галилеј, Њутн или Ајнштајн се тие кои оставија трага на моите интереси и моите интелектуално-хуманитарни вредносни претстави. Тука се поврзуваат идеализмот, солидарната соработка, интернационализмот, желбата  да се запознае светот и да му се служи на човештвото со тоа што човекот ќе произведува знаење и ќе придонесе во обликувањето и еманципацијата.

*Но зарем немаше одредени политички личности кои влијаеја врз Вас токму како албански политичар?*

Секако читав многу за големите политички лидери, како и за политичко-философските големини како Сартр или Хавел.  Како политичар  лично се сретнав со многу личности на денешницава,  а и денес соработувам  во рамките на Мадридскиот клуб, организација на поранешни шефови на држави и влади. Сите тие за време на нивното владеење демонстрираа јасно демократско држење.

Особено го ценам Клинтон - јас кон него имам слабост  и за неговиот начин на водење политика. Тоа веројатно е поврзано со тоа што Клинтон и американската администрација на извонреден начин придонесоа за разбивање на крвавата воена машинерија на Милошевиќ, со тоа што ја  запреа  неговата политика на етничко чистење и геноцид врз албанскиот народ на Косово и врз другите народи од поранешната Југославија.

Од албанските личности особено го ценам Ѓерѓ Кастриоти Скендербег[9] како нескршлив бранител на албанските подрачја и христијанството од османлиските воени сили. Повисок респект имам кон „патријархот" на  независноста, патриотот Исмаил Ќемали[10] или кон премиерот Фан Ноли[11]. Ретко чувство на

---

[9] Скендербег, едноставно Ѓерѓ Кастриоти (1405-1468), албански воен заповедник и народен херој, кој , иако првин на дворот на султанот во Едрене преминал во ислам и таму се здобил со воено образование, организирал обединување на Албанија и отпор против Османлиите.

[10] Исмаил Ќемали (1844-1919), албански политичар;  играл огромна улога при прогласување на независност на Албанија во 1912 од Османлиското царство и бил претседател на провизорната влада на земјата; по неговото повлекување во 1914 ја напуштил Албанија и живеел во Италија до неговата смрт.

[11] Теофан (Фан) Стилијан Ноли (1882-1965), ортодоксен албански бискуп и политичар; ангажиран во САД за албанската независност и нејзиното признавање; по падот на Ахмед Зогу 1924 претседател на влада, но во истата година беше симнат и од егзил му опонираше на Зогу, кој се прогласи за крал. За време на Втората светска војна  Ноли имаше контакти со албанските комунисти под Енвер Хоџа.

гордост предизвикува кај мене важната хуманистка од светки размер, големата Албанка Мајка Тереза[12]. Но таа е единствена така идаелна и недостижна.

Тоа беа сосема различни личности. Инаку, некого да го наречам мој политички пример ми паѓа тешко - веројатно и поради тоа што идеалите во политиката денеска често се гледат како наивни или штетат на секој успех.

*Вие ја спомнавте слободата и солидарноста. Ако сега го гледате општството на Вашата земја немате ли чувство дека секој, најмалку во првата линија, мисли само на себе? Дали тоа е појава на севкупната транзиција и дали тоа е сврзано со тоа што во комунизмот недостигаше слободата или тука имаме специфична карактеристика на населението на Балканот , населението на Албанија?*

Како и другите балкански народи, и албанскиот народ страдаше под постојан окупатор или од внатрешните судири кои биле поттикнати од странските сили и од големите кланови од Албанија. Исто така, и времето на комунистичката диктатура придонело за значително исцрпување, истовремено покрај идеолошката и духовната деформација и до реализација на и денес големите проекти, како на пр. во енергетската бранша - сето тоа благодарение на работата и жртвите на целиот албански народ. Ако се погледне историјата на Албанците тогаш веднаш ќе се види дека од особено значење било чувството на слобода и на солидарност, карактеристични и за тешките од сиромаштија обележани времиња. Тоа чувство ја достигна својата кулминација за време на косовската криза кога албанското население за време од две недели се зголеми за 600.000 албански бегалци кои беа избркани со оружена сила, со масовни убиства и со разрушувања на нивните наследени подрачја на Косово. Албанските семејства, кои подготвено ги прифатија во своите домови браќата и сестрите од Косово, ги сочуваа честа и достоинството на албанската држава. На таква солидарност наидовме исто така и за време на Втората светска војна кога ниту еден Евреин што живееше во Албанија не беше предаден на нацистите. Иако тие ја ризикуваа својата глава, многу албански семјества ги криеја Евреите што живееја во Албанија во своите куќи. Со тоа Албанија е единствена во светската историја.

Двата примера докажуваат дека слободата и солидарноста се инхерентни во најдлабоките слоеви на албанскиот дух. На прв поглед изгледа дека тие се заборавени или паднале во длабок сон. Но кога настапува ситуација со значителни размери како што се двете напред спомнати, тогаш овие елементи повторно се појавуваат со целосна историска виталност.

*Но денес не може да се избегне впечатокот дека секој во прва линија мисли на себе. Дали е тоа поврзано со политичките и со општествените прилики на нашето време?*

[12] Мајка Тереза, едноставно Агнес Гонџа Бојаџио (1910-1997); основач на католичкиот ред во Индија, била од албанско потекло родена во Скопје.

Не може да се негира дека  ваквото однесување во една или друга форма  сега, за време на овие политички преодни фази, излегува на виделина. Исто така, помалку може да се негира дека и западниот свет страда од недостиг на љубов, како што што нагласуваше Мајка Тереза. За посткомунистичката Албанија сепак постојат неколку причини.

Од една страна, Албнците што живееја во изолација го  познаваа западниот свет само од разгледници или од телевизиски екрани и го идеализираа. Западот за нив претставуваше рај од благосостојба, среќа и пари.  Гладни за таква благосостојба и за западниот животен стандард, тие сакаа својот сопствен сиромашен свет да го променат преку ноќ.  При тоа ги заборавија соседите, пријателите или во некои случаи и семејствата. Но  не може да се воопштува. Така, многу сериозни социјални проблеми беа помалку болни благодарение на 600 до 700 милиони долари што годишно албански емигранти од западните земји ги испраќаа на своите семејства во Албанија. За да се објасни значењето на овој сума за Албанија: нашиот државен буџет изнесува нешто помалку од двојно од оваа сума.

Второ, трансформацијата на албанското стопанство од целосно централизирано кон слободно стопанство на почетокот се одвиваше  диво и без никави правила, но секако со изразено популистички дух. Непосредна последица беше што постојните општествени структури се распаднаа, а човечките и хуманитарните вредности  сосема исчезнаа бидејќи сите безглаво трчаа кон брзата добивка. Приватизација беше неопходна, но беше изведена без цврста стратегија и без перспективи,  понекогаш според чисто политички критериуми поради што илјадници луѓе останаа без работа. Во овој „суров‟  капитализам на општествената сцена се појавија луѓе кои не поседуваа никакви способности, но затоа со авантуристичка храброст се фрлија во светот на капиталот и добивката со чисто спекулативни намери.  Избегнувањето на даноците и корупцијата сѐ повеќе стануваа придружна околност на реформскиот процес што на концептот на слобода и солидарност им нанесоа тешки удари.

Трето, врз овој „развој на чувство‟ влијаеја и миграционите процеси што за брзото и солидарно хуманизирање на албанското општество значеше додатна тешкотија. Во некои случаи, како Тирана или Драч, не беа доволни градските капацитети за да се совлада ненадејниот прилив од руралните подрачја. Но не смееме да заборавиме дека на крајот од комунистичкиот период населението во руралните подрачја беше двојно поголемо од градското додека денес скоро да е израмнето. Двете нешта покажуваат дека миграцијата не беше балансиран процес, а сразмерот е далеку од оној во развиените европски земји. Концептуалното прашање за слободата и солидарноста е тесно поврзано со можно брзо приспособување на градовите со вистинската „апсорпција‟ на миграционите процеси.

*Вие спомнавте една низа структурни и ментални околности што водат кон феноменот дека сѐ повеќе се распространува егоистичен начин на однесување и*

*опаѓање на солидарноста во албанското општество. Во која мера ова е сврзано со односот на Албанија со другите земји? Каква улога игра овој однос?*

Навистина, тука може да се набљудува процес кој е поврзан со тоа што би можело да се означи како комплекс на помала вредност. Нашата историја и развојот на нашата националност се провлекуваше од дамнина до денес преку една спирала на херојски, но неправедно трагични случувања. Од историјата со постојани окупации и револуции со востанија подготвени за жртвувања и војни за слобода и независнот може многу да се извлече за да се потисне комплексот на помала вредност на храброто и гордо албанско население, кое ги сака мирот и слободата.

За жал, овој комплекс на помала вредност постои и денес по многу години на нашите напори да се дојде до слободниот и демократски развој во сосема нов и отворен систем. Тој постои како израз на различни интереси и особено е изразен кон странците на подрачјето на политиката, останување на власт и преземање на власт. Но сè уште се појавува слободен албански граѓанин. И покрај нашите моментални тешкотии во преодната фаза, овие граѓани, а и албанската младина која често студира во странство, се уметници, спортисти, научници и интелектуалци, експерти за секое стручно подрачје и успешни албански деловни луѓе со многукратни и динамични инернационални контакти, што значи партнери и сериозна конкуренција, па дури и надмоќни. Благодарение на нивните способности, на капацитетите, на нивниот талент, на нивната работа, на нивната храброст, на нивниот морал и чесност го оставија далеку назад „историскиот‟ комплекс на помала вредност во однос на странците и се појавуваат како самостојни и професионално рамноправни, а со тоа и како слободни и солидарни граѓани.

Во еден отворен систем таквите можности постојат на политичко поле и во многу други од него зависни институции. И тука мора човекот да се оддели засекогаш од ова чувство на помала вредност и да делува во рамките на достојното заедништво и билатерално признатиот суверенитет како вистнски и слободен партнер. Инаку нема да се има успех под новите услови во „скутот на народот‟ да се воспостават оние позитивни историски вредности кои беа и се битен составен дел на слободата и солидарноста.

*Вие ѝ припаѓате на Социјалистичката партија, а со тоа на една посткомунистичка партија. Дали има позитивни вредности од комунистичкото време кои помогнале во промената на партијата и во развојот на нејзината програма?*

Како што веќе беше речено, јас прв пат во мојот живот во 1996 станав член на една партија. Јас ѝ приjдов на тогаш опозициската Социјалистичка партија за да дадам скромен придонес на албанската демократизација во вистинска насока и да помогнам кон извесна нормализација.

Социјалистичката партија ја наследи политичката структура на Партијата на трудот во почетоците на транзицијата повеќе од другите новоосновани партии.

Но поранешните, меѓу нив и водечки, членови на Партијата на трудот можат да се најдат и во другите партии. И покрај заедничкото потекло од „мајка-партија", многу од овие екскомунисти сакале да се претворат преку ноќ во „антикомунисти". За среќа, јас од ова бев поштеден бидејќи порано не бев партиски член.

Тешко е денес да се зборува за вредностите на една поранешна државна партија со чисто идеолошка природа како што беше Партијата на трудот. Но на индивидуално рамниште мора да се нагласи изразениот индивидуализам и преданоста на бројните комунисти кон базата за нејзините задачи спротивно на партискиот врв.

*Но, сепак, Вие дојдовте во Социјалистичката партија. Зошто токму во оваа партија? Кои се околностите што Ве довеле до тоа што Вие не се придруживте на некоја друга политичка формација?*

Ако се мери според моето семејно потекло, треба мојата политичка припадност повеќе да биде десно отколку лево. Од друга страна, јас пораснав во универзитетската средина која се карактеризира, по правило, со социјална склоност. Сè ова се наоѓаше поблиску до мојот поглед на свет (светоглед) така што јас се чувствувам привлечен од модерната социјалистичка или, поточно, социјадемократската партија. Кога јас ѝ пристапив, за кусо време настанаа промени во поглед на програмата, на организациската и на водечката структура. Тука дуваше свеж ветер кој партијата преку реформи ја донесе поблиску до целта на една социјалдемократска партија од европски тип. Ако фрлам поглед назад можам да кажам дека многу нешта се развија во позитивна насока, но постојат и работи кои треба да се променат.

*Социјалистичката партија значи сè уште не се има доволно променето. Каде ги гледате проблемите, каде треба да се дејствува како таа би станала модерна социјалдемократска партија.*

За продлабочување на трансформацијата погледот мора да се насочи кон електоратот на Партијава. Јас сум убеден, имајќи ја предвид актуелната ситуација како опозициска партија по осум години владеење, дека реформирањето ќе може да оди напред само ако се успее да се нормализира комуникацијата помеѓу партиското членство и симпатизерите и да се создаде обострана доверба, да заживее моралното гледиште во партијата и во нејзините водечки структури и да се погрижи за враќањето на „социјалистички дух". Ако ние неколку личности кои ги сметаат за корумпирани или за кои постојат такви гласини за извесно време на рефлексија и на самопроверка не ги држиме подалеку од партиските структури, нашиот имиџ само бавно го менуваме и нема да можеме повторно да добиеме поддршка и доверба од народот. Со тоа би се забавило збогатувањето преку пристапот на чесни и идеалистички луѓе, способни интелектуалци или талентирана младина. Поради тоа, на прво место мора да стои моментот на борбата против корупцијата, од

теорија во практика, како средство за збогатување, за здобивање на влијание и реализирање на сопствените интереси и тоа да бидат носечки елементи; тоа значи  чистење на партиските редови.

На партискиот конгрес на Социјалистичката партија во декември 2003 год., како и во октомври 2005., моите најважни предлози беа во рамките на партијата да се дозволат фракции - не во класична смисла,  но како  претставништво на алтернативи со тоа што кандидатите, според листата на нивните подржувачи, би добиле пристап до водечките тела на партијата. Но, за жал, овој предлог во 2003 не беше разбран,  не поради проблематичната ситуација во која се наоѓаше партијата, па беше прифатен дури на денот на изборите во мај 2005, но сега под помирните услови. Тој навистина не можеше во иста мера да придонесе за спасот на партијата како во 2003, но сепак се работи за концептуален напредок што овозможува демократско реформирање на Социјалистичката партија, репрезентирање на алтернативите во нејзините водечки структури, па конечно овозможува слога во една голема партија.  Но со чудење морав да забележам како ова алтернативно застапување и денес практично не е спроведено и истото се претставува не како фактор на кохезија и плуралност туку како двоење. Тука се појавува  застарениот и некогаш од Партијата на трудот култивираниот концепт  на „апсолутната униформност". Понатака верувам дека преку избраните претставници на сите партиски нивоа помалку се изведува вршење на власт, туку балансирање на сили, инситуционализирање на плуралност без теоретски или метафизички предуслови, сеедно дали партијата е во владата или во опозиција.

За да се надминат сегашните слабости на партијата за неизбежни сметам два други тесно поврзани принципа: консензус и колегијалност. Ако се успее овие две нешта да се истакнат, а донесувањето на одлуките да се базираат врз нив, ќе дојдеме, „на вистинско место во вистинско време", до вредни политички решенија. Тоа е, како што реков, во 2003 исто толку важно како и прифаќањето на претставувањето на алтернативата.

*Ова значи дека Социјалистичката партија  сè уште доволно не се оддалечила од комунистичката Партија на трудот, од нејзиното наследство, а Вие изгледа тука гледате големи проблеми.*

Мислам дека препознавам погрешна и за демократијата штетна реминисценција на идејата за апсолутното единство во  раководењето на партијата. Ако оваа идеја повторно стане политички принцип тоа ќе биде голема грешка и проблем, па дури и опасност за иднината. Апсолутната униформност се движи спротивно на колегијалноста, на кардиналниот принцип на демократските партии и нивната слога. Актуелната и други ситуации можат да бидат совладани ако колегијалноста биде воведена во сите партиски структури и му даде отпор на теоретскиот и на практичниот унитаризам на партискиот врв. Со оглед на денешниот општествен развој мора некогашните аргументи кои ја надминуваат автократската еднообразност на внатрешното единство на партијата да се исфрлат надвор.

Единството мора да произлезе од дебатите меѓу различните алтернативи и конвергенцијата на нивното решение. Слободата и солидарноста во партијата мора да бидат конципирани како солидарност во различноста, а не како солидарност во униформноста, како слобода на отворање, а не како слобода на затворање. Тие се етички принцип и ја опфаќаат меѓусебната доверба, меѓусебното почитување, разбирање во достоинството, толеранција, компромис. Наредбодавните структури не смеат да се држат повеќе кон тоа да ги исклучуваат мислењата што во партијата се поинакви, а кои се битни за внатрешниот процес на демократизација. Тоа одговара на концептот на една партија која не се потпира на идеологија, туку на бирачите и поради тоа е слободно обединувањето на општествените групи на слободни и рамноправни луѓе. Инаку, нема да добиеме чесни и идеалистички луѓе, ниту еден важен интелектуалец кој е за развој на размислата во партијата. Исто така, мора да се засили учество на жените, а особено на младите, па младите се тие идни членови на секоја демократска партија.

*Вие доста зборувавте за старата партиска структура која Вам Ви изгледа како пречка за демократскит развој. Но има ли нешто од времето на комунизмот што Вам Ви недостига.*

Во комунизмот, како политички систем и како политичка практика - не како теорија и идеја - тешко да може нешто да се најде, пред сè тогаш кога се набљудува ортодоксната варијанта во Албанија.

Но во мое време, на универзитетот како студент и како научник, бевме вредни во нашата заедничка работа. Ние не бевме вистински слободни, но бевме ценети од општеството и почитувани, а меѓусебно бевме солидарни и си помагавме. Без сомнение, ние тогаш и во тие тешки услови дадовме достоинствена работа, постоеше квалифицирано образование во професионален и технички поглед кои потоа дадоа раководни и стручни кадри, педагози и научници, кои работат не само во Албанија туку и во целиот свет и се карактеризираат со мошне високо ниво, на што ние денес сме горди. За жал многу од овие позитивни аспекти, за што јас од контактите со универзитетски колеги знам, се загубија.

*Вашата земја сака да стане членка на ЕУ. Дали имате чувство дека „старите" држави на ЕУ за време на процесот на доближување ја враќаат назад Вашата земја со свои одлуки. Дали имаше одлуки што имаат лоши последици за Вашата земја?*

Пристапувањето е единствено решение за да се преживее и да се оди напред во нашиов глобален свет. Навистина постојат и негативни влијанија, ќе настанат набргу сериозни проблеми за домашните производи и деловни активности, а тоа не само за нас, туку и за силните држави од Европа. Но со интеграцијата во ЕУ сите Албанци, било во Албанија, Косово, Македонија или во Црна Гора ќе го остварат својот сон на сопствената интеграција.

Независно од проблемите кои излегоа на виделина при гласањето за Европскиот устав, сепак тоа покажува дека новата Европа од денес се протега од Лисабон до балтичките земји, што е придобивка од извонредна политичка вредност. Но тоа не се однесува само на земјите кои останаа надвор од ЕУ. Ако 25 земји-членки се затворат тогаш ќе се умножат конкретните грижи на другите земји, вклучително и Албанија. На пример, за овие земји надвор од Унијата слободата на движењето ќе биде уште попроблематична, дискриминаторска и поограничена, особено за жителите на Западниот Балкан.

Големи проблеми ќе се појават и во деветте нови членки. Овој силен процес на проширување со еден заеднички пазар од околу 450 милиони жители бара по сила на нештата одредено ниво на стопанска и институционална хомогенизација. Ќе дојде до расправии како во „старите", така и во новите земји-членки и тоа ќе се одвива меѓу тие две страни. Со тоа останува итно прашање како овој силен блок сфатлив за народите, ќе може да биде за нив поволна реалност, како пример за другите народи. Како Унијата ќе стане актер кој на глобалната бина зборува со силен политички, како и економски глас. Природно е дека патот кон потребната конвергенција е тежок пат бидејќи колку што Унијата станува сè поголема дотолку ќе бидат поголеми административни предизвици, дотолку ќе биде попроблематично балансирањето и хомогенизирањето.

*Тоа значи дека Европската унија и самата е процес и тоа еден комплексен процес кој сака и мора да ги достигне истовремено и различноста и единството. Како ова треба да функционира и какво значење има за Албанија?*

Дискуиите за различноста, различни реакции за хомогенизацијата и можности на едно балансирање постоеја и порано. ЕУ поради тоа во голема мера одамна ја негуваше флексибилноста. Не попусто се зборува во Брисел за „варијабилна геометрија". Оваа еластична логика влијаеше скоро на сите големи проекти во изминативе години, но прво се однесуваше во еден дел на членките, на едно „јадро", а потоа постојано се проширувaше на другите членки. Тоа беше и случајот со еврото, како и со Шенгенскиот договор.

Сега се забележуваат тешкотиите и на рамниште на колективното одлучување. Социјалната политика во Европа тешко се координира, а надворешната и безбедносната политика сè уште се потпира повеќе на „теоријата на коалиција на добрата волја" отколку врз регуларниот систем на институционалното политичко-административно преплетување. Но со ова во голема мера на флексибилност ЕУ го достигнува максимумот на толеранција кон различноста на земјите-членки.

Законите на ЕУ не се применуват само во Брисел, туку токму од националните влади на земјите-членки. Ова прави за потребно една повисока меѓусебна доверба на различните политичко-економски системи. На пример, еден ирски потрошувач мора да купува бугарски, романски или турски животни намирници, а не само да им се верува на селаните и производителите од нивните земји, туку

и на администрацијата во поглед на контролата, на царинската работа и на сигурноста на граница. Мора да се верува во соодветниот правен систем како правна гаранција за потеклото на животните намирници. Дали може една идна земја членка како Бугарија, Романија и Хрватска или, исто така, Албанија како утрешен кандидат да ја разбуди оваа доверба? Во овој поглед предизвиците изгледаат ненадминливи. А сепак ЕУ сака да оди и понатаму и да ги надмине овие бариери и воздржаности. Таа ги ублажува преку стратегија на либерализација на трговијата, фондови за помош и многукратен ангажман на постојните диверзитети и таа може да служи како модел за идната светска политика.

*Но во моментот не изгледа така дека за идните членови или кандидати како Албанија условите за пристапување се заканувaат да бидат отежнати токму поради овие внатрешни тешкотии во ЕУ. Кога Албанија ќе ѝ припаѓа на ЕУ?*

Навистина денес ќе се поставaт поострите прашања во рамките на преговорите за договор за стабилизација и асоцијација според европскиот „Биг Банг" со десетте нови земји и евроатлантскиот сојуз со седумте земји. Дали ќе се причека во извесна степен на хомогенизација на денешните земји-членки за човекот сериозно да се сврти кон понтамошните кандидати или ова ќе се одвива побрзо? Како човекот ќе се справи со планираниот влез на Бугарија и Романија во 2007? Дали преговорите со Турција со нејзиното претежно муслимаснко население ќе бидат „префинети" и временски ќе се развлечат, а наспроти ова ќе се забрза приемот на католичка Хрватска? Дали Македонија и понатака ќе се смета за земја од Западен Балкан или како дел од Југоисточна Европа? Но вознемирувачко е тоа што во овој контекст поимот „Југоисточна Европа" ги опфаќа сите земји од Балканскиот Полуостров кој беше заменет со поимот „Западен Балкан", кој се протега токму и на оние земји што остануваат пред вратата на ЕУ. Дали ќе се примени теоријата за „три интеграциски брзини", долгорочниот концепт на Cordon sanitaire, на оној од „розовата карта" (муслиманска) или според терминологијата на Биг банг „теоријата на црните дупки" кои интеграцијата на Албанија и неколку други земји од Западен Балкан ќе ги помести на денот Свети никогаш. Сѐ ова мора да биде анализирано од надлежните албански и европски институции и тоа за Албанија да бидат транспарентни.

*Дали тешкотиите во поглед на приемот на Албанија лежат повеќе во албанската или во европската страна? Што сѐ стои зад тоа дека во процесот на проширување изгледа дојде до застој?*

Јас внимателно ја следев јавната дискусија што се водеше во Франција за Европскиот устав и не можам да заобиколам и да не ја изразам мојата загриженост. Како на страната кои беа за, но и кај противниците, голема улога играше концептот на национална држава што во јадрото претставува сериозна пречка за изградба на една солидна и здрава европска зграда. Според моето

мислење, се работи за јамка  поради процесот на глобализација со неговата сè повеќе усовршена информациска и комуникациска технологија.

Јас лично себеси се сметам за бранител на „революционарниот став" што ги опфаќа битните промени на денешниот концепт на простор и време. Ние сме сведоци на компримирање или уништување на дистанци и простор  во човековото доживување, а ова се огледа присилно и во временска структура на човековото делување. Овој феномен јас го доживувам катадневно и со растечки интензитет.

Независно од разликите во мислењата за овој простор-време-проблем, ова води до ерозија на стариот концепт на локалните и националните граници, на нивната вредност и на нивното значење, што влијаат врз многу подрачја на човековата мисла и делување. Концептот на сувереност конструиран со Вестфалскиот мир е еден таков концепт, кој нужно бара битни реформи . Но просторно-временскиот однос на различните култури, етнички групи, нации и територии мора повторно да се оценува. Поинаку речено, при градењето на европската зграда не може да се земе како фундамент национално-државниот концепт и тоа дури никако, со тоа што фанатично  ќе се  брани  „архаичен костур".

*Што донесе процесот за прием во ЕУ на Вашата земја имајќи ги предвид овие интернационални или супранационални тешкотии?*

Во прва линија, тој процес помогна кај промените и консолидацијата на политичко-правниот и институционално-административниот систем и на менталитетот на албанското општество. Природно,  не смее да се премолчи значителната помош што придонесе кон развојот на материјалните структури во многу животно важни подрачја, кон подобрување на животните услови и кон значителна динамика. Денес  ние без вредната помош на европските плаќачи на данок не ќе бевме тука каде што сме.

*А кои се, според Вашето мислење, вредностите на Албанија кои би можеле да извршат позитивно влијание врз другите ЕУ-земји?*

Без да се најдеме во празната реторика, убеден сум дека Албанците како еден од најстарите народи во Европа независно од нивниот скромен број, можат да понудат сопствени вредности. Сè уште институцијата семејство како основна клетка на општеството во Албанија има далеку поголемо значење отколку во другите земји на Европската унија.

*Кон семејството припаѓа и младинат , иднина на секое општство. Но да се вратиме пак на политиката, партиите во Југоисточна Европа имаат големи тешкотии  младината да ја привлечат во политиката  во бројки вредни за спомен. Што мора да се случи за да се смени оваа ситуација?*

Точно е дека кај нас еден дел од младината споредено со постариот дел на населението е навистина рамнодушен во однос на политиката. Ова може понекогаш да се утврди кај учеството на изборите. Ова веројатно не е поврзано со разочарувањето по еуфоријата на почетокот од транзицијата. Но, не верувам дека ние во Албанија, споредено со другите демократски земји од Западна Европа, имаме значително пониско учество на младите на изборите. Ако се посматра просечната возраст на оние што се активни во политиката или работат во различни политички институции - погледнете ја владата, собранието, градските совети - тука се работи за навистина млади луѓе, дури и помлади отколку во многу други земји со консолидирана демократија.

Но, особено голем проблем за здравиот и рамноправен развој на албанската демократија во моите очи е внесувањето на жените во политиката, нивното достоинствено, квантитативно и квалитативно застапување во важни институции на албанската држава и во албанското општество.

*Вашата партија се означува како социјалдемократска партија. Дали во неа и понатаму имаат значење такви вредности како солидарноста, слободата и демократијата имајќи ја предвид глобализацијата?*

Социјалистичката партија на Албанија денес е членка на Социјалистичката интернационала. Значи, таа е партија што ги прифаќа вредностите на европската социјалдемократија и се обидува тие да ги отелотвори, што може да се види од нејзината програма. Но, како партија во транзиција таа има и свои проблеми концептуално да ги одреди вредностите како солидарноста, слободата и демократијата. Еден дел од овие проблеми се обидов да ги објаснам.

Лично мислам дека процесот на глобализацијата не може да биде успешен ако на наведените вредности не им се даде истакнато место - на слободата за сите, на солидарноста и на вистинската демократија која мора да се сврти, пред сѐ, кон малцинстава и кон послабите. Истовремено сум убеден дека и на глобалното рамниште е потребно да се зачува многукратноста на културата и на јазикот. На идеолошкото рамниште универзалната вредност на слободата и човековите права - и тоа за секој поединец е решавачки фактор за потребната слога во глобализираниот свет. Понатаму, не можам да негирам дека јас на стопанско ниво на место на социјално пазарно стопанство, кое е условено од националните граници и внатрешните амбиции би дал предност на „моралното пазарно стопанство", под што човекот би разбрал социјално пазарно стопанство на глобално ниво, значи социјално безгранично стопанство. И на крај, јас не можам да претпоставам во поглед на политичкото ниво дека под услови на глобализација и интердепеденција ќе настане нов светски поредок , без да го разбие концептот на национални држави и суверенитет.

## Илир Мета, поранешен премиер на Република Албанија

*Илир Мета беше претседател на влада од 1999 до почетокот на 2002 и од јули 2002 до јули 2003 - министер за надворешни работи на Албанија. Како студентски водач на Универзитетот од Тирана учествувал во симнувањето на комунистичкиот режим од власт, во 1992 пристапил кон социјалистичката партија како економски научник, а веќе во 1993 станува нејзин потпретседател. Од 1992 е пратеник, а во 1996/97 заменик на претседателот на одборот за надворешни работи, потоа државен секретар во Министерството за надворешни работи, а подоцна потпретседател во владата на Пандели Мајко. По неговото повлекување од оваа функција на предлог на Фатос Нано, Мета во 1999 станува претседател на владата. Иако изборите од 2001 ја потврдија неговата влада, тој се повлече од оваа функција по недоразбирањата со Нано, но сепак во 2002/2003 остана во неговата влада како министер за надворешни работи. Во 2004 Мета ја напушти Социјалистичката партија на Албанија и основа своја партија.*

*Господине Мета, можете ли првин нешто да ни кажете за вредностите коишто ви се важни Вам лично, но и Вам како човек кој е во јавноста? Како би се карактеризирале себеси?*

Сметам дека е тешко да се зборува за себе и за вредностите што човек ги смета за значајни и ги почитува, бидејќи се тоа оние што ги цени кај другите или ги посакува другите да ги имаат. Но, се надевам дека тие можат да се најдат и кај мене. Овие вредности се поврзани со солидарноста, благодарноста, верноста, општествената кохеренција и патриотизмот, значи зависат од оние работи кои, како што верувам јас, се важни за интеграција на еден човек, едно општество, една нација.

*Дали во тој поглед постои за Вас во Вашата политичка и морална ориентација некој авторитет, нешто што Вие го имате предвид?*

Без сомнение постои некој кој има особено големо значење и во подлабока смисла е хуманистичка душа на мојата нација, нацијата која во нејзината историја многу силно страдала за својата слобода и за подобар живот. Отелотворувањето на оваа хуманост се наоѓа во ликот и делото на Мајка Тереза.

*Дали имате директен политички авторитет - во странство или во Албанија?*

Постојат низа мошне различни политичари кои извршиле големо влијание врз мене. Во извесна смисла за мене духовна фигура е Фелипе Гонзалес - личност која многу придонела да се надминат тешкотиите на транзицијата во Шпанија. Гонзалес овозможи едно идеално решение за преминот од диктатура во демократија, а со тоа изградба на една европска земја.

Подоцна се сретнав со различни политичари и поблиску ги запознав. Мошне високо го ценам поранешниот австриски сојузен канцелар Враницки, кој во 1997 беше вонреден пратеник на ОБСЕ за Албанија. Често бевме заедно уште кога тој беше сојузен канцелар, но исто така повеќе пати се сретнавме и по неговото повлекување. Исто така имам голема почит кон грчкиот претседател на влада Симитис, како еден крајно сериозен човек , кој е мошне концентриран и лојален и поседува интегритет во голема мера. Но постојот и други европски политичари кои делувале врз мене и со кои, верувам, делиме основни вредносни претстави.

Што се однесува на домашните политичари, меѓу нив се наоѓаат интересни личности и би било добро поточно да ги оцениме. Но мошне е тешко за толку кусо време на демократски развој и на нова политичка култура да се најде идеален политичар.

*Вие спомнавте една за Вас важна вредност - солидарноста и општествената кохерентност. Но, во моментов може да се забележи дека во албанското општество, како и во општествата на другите балкански земји се шири егоизам, дека секој поединец сѐ повеќе или првин мисли за себе?*

Кога ме прашувате ќе Ви одговорам дека нашите земји страдаат од тоа што од една екстремност одат во друга. Нашите општества од колективизацијата на сопственоста, но исто така и од идејата на колективно ориентирани општества преминуваат во екстремен индивидуализам. Тоа е секако последица на претходното немање на слобода. Она што сега го имаме е резултат на тврда и сурова транзиција, на падот кој тешко да можеше, ако не и невозможно, да се изведе контролирано. Но нашата сегашна ситуација е исто така и резултат на корупцијата и, воопшто, моралното деформирање на нашето општество. Таа е, како што верувам, во основа резултат на заостанатиот развој на нашиот регион.

Поради тоа, без сомнение, солидарноста е онаа вредност, секако и потреба, да се хуманизира ова општество и да се создаде друга перспектива за да се дојде до општеството во кое сите ќе преземат повеќе одговорност за заедничката иднина.

*Вие колективизацијата во времето на комунизмот ја наведовте како еден екстрем во кој се наоѓаше албанското општество. Дали за Вас постојат вредности, од оваа временска перспектива, кои Вие ќе ги оцените како позитивни и кои би можеле да придонесат кон решавање на денешните проблеми?*

Јас денес не сум член на ниедна поранешна комунистичка партија, но бев член на социјалистичката партија. Дали комунизмот, значи еден надминат систем, поседуваше некои вредности или предности што би можеле денес да придонесат да се спротивставиме на суровоста на брзата промена во стопанството и во општеството - тука би сакал да го спомнам општото училишно образование на населението. И покрај дефектите на стариот систем

на образование, неоспорно е дека училишното образование имаше приоритет во комунистичкото време и токму ова образование на масите сепак дозволи процесот на транзиција да најде поддршка во целата земја. Тоа добро му дојде не само на развојот на земјата и на надминувањето на проблемите од транзицијата туку исто така и на интеграцијата на Албанците во Европа и надвор од Европа.

*Со тоа ја спомнавте темата за односот на Албанците во Европа. Албанија сака да пристапи кон ЕУ, но мора соодветно да исполни редица предуслови кои токму во тековниот општестен формациски процес се сврзани со не помалку проблеми. Дали може Албанија да ги исполни условите за прием во ЕУ? И дали овие барања ѝ носат на земјата корист или негативности?*

Ако веќе ме прашувате за релацијата на Албанија и Европската унија, тогаш јас сум на мислење дека процесот на европската интеграција во нашиов случај е процес кој е многу повеќе зависен од волјата и подготвеноста на албанската страна. На моја жалост, желбата на албанскиот народ е едногласно насочена кон интеграцијата, но напорите не се доволни. Албанската страна, значи владата и соодветните институции, демонстрираат недоволна волја за да ги спроведат реформите барани од ЕУ и со кои повисоките норми ќе станат стандард.
Не верувам дека заклучоците што нашата влада треба да ги донесе според барањето на ЕУ се насочени против интересите на земјата, граѓаните или одредените општествени слоеви. Навистина, стандардите што треба да се исполнат ги повредуваат интересите на одредени политичари и стопански групи кои од тоа профитираат од што земјата има сериозни проблеми што се однесува на правосудството, нелојалната конкуренција на пазарот, врските на политиката и организираните престапници, неформалното стопанство и други работи. Но Албанија ги нема со ЕУ оние основни проблеми кои ги имаа другите земји како Полска со која дојде до конфронтација поради аграрната политика и поради другите работи.

*Вие ја спомнавте незадоволителната правна држава во Албанија, како и пречките кои ги прават групните интереси за напредок на демократизацијата на земјата и за исполнување на интегративните критериуми. Каде ги гледате главните тешкотии на денешното албанско општество?*

Најголем проблем се и остануваат чесни и слободни избори. Се знае дека последните избори беа вистински скандал и се направи вистинско тргување со гласовите на бирачите (гласачите). Причината за оваа недоволна демократија лежи во тоа што двете најважни партии и нивните сателити ја расипаа волјата на човекот и граѓанинот. Тоа е најважен проблем бидејќи без слободни избори нема да имаме легитимни институции кои самите ќе ја гарантираат стабилноста

и напредокот на реформите и ќе можат да предизвикаат доверба кај јавноста. Тоа, според мое мислење, е вистинскиот проблем што денес го има Албанија.

## Дритеро Аголи, писател

*Дритеро Аголи е роден во 1931 година, а од 1950 во Албанија е познат како писател. Потекнува од селско семејство. Го посетувал Ленинградскиот универзитет, а по неговото враќање се посветува на новинарството и на пишувањето. Во почетокот тој главно објавувал лирика, а од 1970 и проза. Уште во 1960-тите бил прогонуван поради советскиот ревизионизам. Од 1972 до 1992 бил претседател на здружението на албанските писатели и уметници. Иако со тоа припаѓал на комунистичките номенклатури, тој и по падот на комунистичкиот режим е респектиран како автор и како јавна личност. Како писател во 1990-тите е особено продуктивен, а на почетокот на транзицијата седеше во собранието на страната на социјалистичката партија.*

*Господине Аголи, познати сте како писател во албанската јавност, но и надвор од Албанија. Истовремено, Вие ја доживеавте и социјалистичката фаза на земјата како и последните години карактеризирани со многу пресврти. Нас нè интересираат вредностите што за Вас се важни. Како се гледате себеси како личност?*

Тешко е да се зборува за себе како личност. Тоа подобро би требало да го направат другите за да се добие што е можно пообјективна слика. Тој што зборува за себе самиот можно е да се срами од одредени работи и ќе избегнува да каже сè или би можел да се обиде себеси да се величи. Јас како писател, како и целата моја генерација сме воспитани и маркирани во едно веќе поминато време, времето на социјализмот. Ние сите носиме во нас позитивни и негативни страни на тој систем. Ние сме, би можело така да се рече, како оние бротчиња што лежат на брегот и треба да се очистат од алгите што се залепени за нив.

Тоа беше проблематично време. Како што е познато, постоеше силна цензура со помош на која и литературата беше контролирана, како и сите други подрачја, како што се институциите и установите на културата и политиката. Но, без сомнение, во нас остана трага од она време, од оној систем и од она општество. Овие работи се огледаат и во моите дела и тоа како критички преглед. Тука не се фали системот, повеќе се работи за дела што го критикуваат системот. Тоа е и причина што неколку мои книги беа забранети и уништени. Во 1964 година тоа беше случај кога се појави мојата прва книга со раскази под наслов „Бучавата од поранешниот ветер" - што набргу беше забранета бидејќи на романот му се префрлаше за „дехероизација" на личностите. Тоа беше еден израз кој во тоа време секојдневно се употребуваше. Исто и драмата „Белата возраст", како и романот „Сјајот и поразот на другарот Зуло" - исчезнаа за извесно време по првото објавување, а романот беше издаден повторно дури во 1973 година. Тој се сметаше како критика на општеството. Во центарот стоеше државната моќ и индивидуата, сè се вртеше околу тоа како власта да ја менува индивидуата. Романот беше мошне добро примен во Европа.

*Вие зборувате за цензурата и ограничување на литературата и политиката во социјалистичка Албанија. Каков беше односот меѓу Вас и политиката?*

Јас несум професионален политичар. Јас сум писател кој се занимава со политика - како и секој граѓанин кој оди на избори. Како бирач човекот се занимава со политика, а како небирач не. Аристотел имал право кога рекол дека човекот е зоон политикон, политичко животно. Јас сум такво политичко животно бидејќи сум писател и тоа во најголема мера бидејќи писателот е огледало на неговото општество. Поради тоа бев член на партијата за трудот, бев комунист, па да, дури член на централниот комитет на партијата, долго време исто така и претседател на здруженијата на писатели и уметници. Тогаш можеше многу да се направи, како што јас, Исмаил Кадаре[13] и другите го правеа. И покрај тогашните услови, ние ја одразувавме таа реалност. Кога дојде време за промена на режимот, јас отидов во Социјалистичката партија што настана од Партијата на трудот која само го смени името. Во првите години сѐ уште носеше во себе елементи на комунизмот, но, сепак, сѐ повеќе се ослободуваше од истите. И јас се ослободив (очистив) од многу работи, но нешто и остана.

*Вие зборувате за некој вид чистење или пречистување што Вашата земја, Вашата партија, но и Вие самите го направивте. Дали тоа помина без проблеми? Дали преломот не помина со тешкотии кои и денес се вирулентни?*

Се сеќавам на една песна од грчкиот поет Сеферис[14] која зборува за некој остров на кој имало црква и некој светец. Еден ден, одеднаш, на островот се појавиле многу змии. Светецот ги собрал мачките и тие ги изеле змиите така што островот сосема се ослободил од нив. Но истовремено изумреле и мачките. Зошто? Затоа што тие изеле многу отров. И во нашето денешно општество луѓето имаа голтнато многу отров. Со тој отров се отстрануваше противникот, понекогаш и поранешен пријател на кој човекот му станал противник. И тој отров и нам ни нанесе штети.

Од едно такво општество потекнувам и јас. Јас бев примен во Социјалистичката партија, бев во нејзините водечки тела; на почетокот во партиското претседателство, а потоа и во нејзиниот Централен комитет. Конечно сакав да ја напуштам. Таа стана партија на преминот - тоа значи таа се ослободи од тоа што во времето на социјализмот беше догма. Таа стана партија која стои поблиску до европските партии. Притоа се водеа многубројни полемики и дискусии, а во моето занимавање со политика јас воопшто не се воздржував да зборувам за недостатоците на оваа Социјалистичка партија. Во последните осум години јас често ја критикував во написите и во интервјуата, веројатно повеќе од нејзините политички противници, повеќе дури и од опозицијата. Некои

[13] Исмаил Кадаре (*1936) е мошне познат албански писател во странство. Кадаре живееше во Париз 1990-1999, бидејќи во Албанија му се префрлаше дека стоел блиску до паднатиот комунистики режим, додека тој важеше за некој кој никогаш не се држеше до правилата пропишани од режимот; од 1999 тој е повторно во Албанија, Тирана.

[14] Георгиос Сеферис (1900-1971), Новогрчки лиричар, 1963 нобеловец за литература.

разбраа, некои не сакаа да разберат. Но и покрај тоа јас не истапив од Социјалистичката партија, а таа нема направено обид да ме исклучи. Сѐ уште сум писател и сум близок до неа.

*Тоа значи дека Вие баравте конфронтации и во Вашата партија која се наоѓаше во преоден стадиум и која едно време сакавте да ја напуштите, како што веќе рековте. Дали се разликува Вашето однесување од она во комунистичката Партија на трудот?*

Она што сакам да го појаснам е дека мора да се кажат како добрите така и лошите работи , и кога се работи за партија чиј член е тој самиот. Еден француски современ филозоф Башлер[15] кажа: „Пред да го запознаеш другиот мораш со него да се расправаш. Мораш да се спротивставиш на нештата за да ја пронајдеш вистината; без расправија и дикусија нештата не може да се запознаат. Вистината не е ќерка на симпатијата , таа е ќерка на дискусијата".

Ова секогаш го имав предвид. Кога претседателот на Социјалистичката партија рече дека ова можело да се спореди со мочуриште, му одговорив дека е тој утот од мочуриштето. Не се воздржуваав да ја изговорам вистината, а рамката на моите можности веројатно ја практицирав во многуте критики. И покрај тоа, секогаш останував на нејзина страна. Како сите ние, и јас сум комплексен човек. И јас има свои добри и лоши страни. Можеби во минатиот систем требаше да критикувам некои работи поостро, но условите беа такви. И не само тоа - човек има семејство и роднини на семејството и не сака да им се нанесе штета. Во една песна се вели дека и во времето на Галилеј имало други Галилеи кои ќе можеа да ја кажат вистината, но сепак тие имале семејства. Тие впрочем знаеле дека земјата се врти, но доколку го кажеле тоа ќе завршеле на клада. Така се однесуваа и со писателите што живееја во тој систем; тие знаеја многу работи; тие знаеја дека земјата се врти, но тие сепак имаа семејства. Таков човек сум јас.

*Ако Вие себеси не се сметате за политичар - дали има странски или домашни политичари кои имаа најмногу влијание врз Вас? Кои основни вредности во политиката се битни за Вас?*

Јас сум формиран во социјалистичко општество и во тоа време имавме комунистички идеали. Ние навистина ги имавме, како многу други интелектуалци во светот, како истакнатите комунистички писатели Арагон[16], Пол Елијар[17], па дури и Пикасо и Мајаковски[18], кои идеалот на комунизмот го

[15] Гастон Башлар (1884-1962), француски филозоф и критичар, професор во Дижон и Париз на Сорбона.

[16] Луј Арагон (1897-1982), француски писател, сосновач на движењето на сурелисти, подоцна член на комунистичката партија.

[17] Пол Елијар (1895-1952), француски лиричар, активен во отпорот, а од 1942 член на комунистичката партија.

[18] Валдимир Мајаковски (1893-1930), руски писател, сосновач на движењето и главен претставник на рускиот футуризам; од 1908 член на болшевиците.

имаа како свој идеал. Верувавме дека светот ќе може да се промени, дека луѓето ќе се здобијат со рамноправност, дека сиромаштијата ќе може да се надмине, дека ќе има голема солидарност, а исто така и целосна слобода. Тоа беа нашите идеали што ги носевме во себе и кои извршија влијание врз нас. Врз мене влијаеја филозофски големини како Маркс, но исто така и политички како Енвер Хоџа. Тоа беше наш идеал, нашата генерација не може ова да го негира. Одредено време тоа беше така, но, сепак, сè повеќе почна да се лади воодушевеноста затоа што забележувавме сè поголеми недостатоци на нашето општество.

Како писател го имав Наим Фрашери[19] како идеал затоа што тој беше поет инспириран од Запад, особено од француската револуција. Тој се ориентираше кон хуманост, сакаше слобода, сакаше рамноправност меѓу луѓето, но исто така и братство. Во овој поглед, но и во другите нешта на политиката тој беше мој идеал и за моето творење беше од големо значење. Сè ова ми помогна да создадам сопствено мислење за развојот на општеството. Како мој пример тој не беше само како писател, тој беше извонреден политичар, особено што се однесува на татковината, на обединувањето на албанската нација поради неволјите што на мојот народ му беа направени од другите. Но и покрај тоа велел дека ние мораме да бидеме браќа со другите балкански народи. Тој пишувал и на грчки и во една негова мошне позната песна тој вели „Албанците и Грците". Со тоа неговиот дух имаше, како да речам, една интернационална страна.

Исто така се угледав и на Фан Ноли[20] на еден од нашите најдобри социјалисти. Јас го нарекувам така затоа што тој ја изведе јунската револуција. Иако можел да владее само шест месеци, тој Албанија ја направи забележлива за Европа, а тоа беше желбата на луѓето, тоа беше она што го сакавме јас и мојата земја.

Надвор од мојата земја во мојата младост ги имав за пример Маркс, Ленин, а подоцна како возрасен и Вили Брант. Брант ми се допадна како социјалист, човек со ставови, но тој не изврши поголемо влијание врз мене. Па јас бев веќе возрасен и не дозволив лесно да паднам под влијание, но ми беше симпатичен. Ова се однесува и на другите европски социјалисти како Митеран. Но врз мене влијаеја Наим Фрашери, Фан Ноли и Енвер Хоџа.

*Доближувањето до Европа, очигледно, за Вас има големо значење. Но Европа не е денес само географски или културен поим туку ги поседува социоекономските, а и политичките структури. Дали верувате дека Албанија е доволно зрела за овие европски структури?*

---

[19] Наим Фрашери (1846-1900), албански писател, пред с# лиричар, уште тогаш пишувал главно на албански; рано учествувал во албанската ослободителна борба.

[20] Теофан (Фан) Стилијан Ноли (1882-1965), ортодоксен албански бискуп и политичар; ангажиран во САД за албанската независност и нејзиното признавање; по падот на Ахмед Зогу 1924, претседател на влада, но во истата година беше симнат и од егзил му опонираше на Зогу, кој се прогласи за крал. За време на Втората светска војна Ноли имаше контакти со албанските комунисти под Енвер Хоџа.

Не, јас не верувам. Од една страна, ние мораме да имаме развиено стопанство за да можеме заеднички да постоиме со напредните земји на Европа. Тоа се однесува и на социјалните аспекти како и на културното и образовното рамниште. Луѓето мораат да ја вежбаат меѓусебната толеранција, но исто така и во однос на политиката. Политичката дебата не смее да води кон расправија ниту до непријателство, туку секоја промена на владата делува како инсталирање на нова окупаторска сила.

Со тоа мислам дека нам сè уште ни недостига демократска политичка култура. Кога со стопанскиот развој ќе се подобри и демократската структура, кога во дискусиите за настанатите проблеми ќе владее толеранција и кога ќе се постапува против нетолеранцијата и догматизмот воопшто, кога во рамките на општеството нема да има одмазда - тогаш ќе бидеме зрели за Европа. Кој живее изолирано во своите четири ѕида, тој не може да ѝ припаѓа на Европа. Оваа голема рана на нашето општество, одмаздата, мора да биде отстранета.

*Дали одмаздата од ментален и социокултурен аспект на албанското општество ја сметате за нешто што истовремено може да се означи како цивилизациска заостанатост?*

Одмаздата и земањето правда во свои раце не значи секогаш крвна одмазда. Одмаздата може да се врши и со зборови и со јазикот, за што не ни е секогаш потребно оружје. Ако некој и самиот е лош и на другите сака да им наштети - и тоа е одмазда во поширока смисла на зборот. Или еден вид перманентна револуција што се состои во тоа што една партија што доаѓа на власт ја менува сета државна управа - врши чистка на управата и тоа се случува сите четири години. Такво нешто не постои во Европа. Со ова покажува недостиг на демократска култура и го попречува патот кон Европа. Норвешка е напредна земја која не сака да ѝ пријде на ЕУ, а ние сакаме што е можно побрзо да бидеме примени и без да ги исполниме овие услови. Нам ни се брза да добиеме шенгенски пасош, но не веруваме дека ни е потребен пасош на стопанскиот и културниот развој.

*Како би можела Светската заедница, имајќи ја предвид оваа состојба во Албанија, да ѝ помогне? Што треба да направи и самата Албанија за да добие приклучок кон европскиот обединувачки процес?*

Оние што од ЕУ доаѓаат во Албанија мораат првин да ги проучат приликите во Албанија. Тие не смеат да дојдат со ставот како што тоа го прават кај другите земји, туку мора да знаат како е создадено албанското општество, какви се адетите и обичаите, кои се позитивните страни што ги поседува Албанија. Мора да ја познаваат психичката сосојба на оваа земја. Не е доволно кога доаѓаат умни луѓе кои својата работа би можеле подобро да ја извршат во Бугарија или Романија. Иако ние со другите балкански народи имаме многу заеднички нешта, сепак мошне се разликуваме од нив.

*Каде се тие разлики? Дали, социопсихолошки гледано, постои сосема посебен албански тип?*

Албанците се мошне умни, тие се луѓе со голема фантазија, но тие се и нестрпливи и често превидуват колку работа е потребна за едно нешто. Она за што е потребно десет години, тие сакаат да го постигнат во една година, она за што се потребни пет месеци работа, тие сакаат да го направат за еден час. Оној што ја познава психологијата на земјата, а доаѓа во неа, може на Албанија да ѝ направи добра услуга.

Но, во прва линија, Албанците само мора да ја уобличат својата држава. Ние, за жал, сме навикнале друг да ја заврши нашата работа. Тука имавме лоша наука.Тоа лежи во нашата психологија - тогаш кога некој нè води сме способни за многу работи. На пример, во Турција имаше триесетина претседатели на влади, а кој знае колку многу беа заповедници, добри војници, извонредни државници од албанско потекло. Или да ја земеме Грција - колку храбри јунаци на грчката револуција беа Албанци? Албанците поседуваат големи способности кога некој друг ќе ги води; кога тоа самите го прават доаѓа до мешаници и караници. Овој психолошки момент мораат Албанците сами да го променат. Тие мораат во прва линија да се борат за тоа својата работа сами да ја извршат и на патот за Европа да немаат потреба да добиваат упатства од дадилката.

*Добро, Албанците мора сами да работат за пристапот кон Европа. Истовремено, тие се мошне способни луѓе, но сепак се нестрпливи и лошо координирани. Може ли тоа што го кажавте да се резимира?*

Албанците спроведоа големи промени за мошне кратко време, особено во градовите. Тоа се луѓе со многу енергија со неограничена фантазија во сите подрачја на размислување, но исто така способни мафијаши - тука ги надминуваат и Италијанците или Русите. Во работите на мафијата тие побрзо доспеваат до водечки позиции отколку во другите позиции на извршна власт. Нивните способности не одат само во една насока, тие се сеопфатни и распрскани поради што им се потребни силни и способни водечки сили што ќе ги раководат. Водечката сила не смее да заостанува зад работниот процес. Кај нас народот се развива брзо и добро, работите ги разбира полесно и побрзо отколку неговото водство кое ништо не разбира или се прави дека не разбрало. То значи дека народот е побрз и покултурен отколку водечките сили.

*Политичката иднина е поврзана и со идните политичари. Како Вие ја гледате денешната албанска младина денес? Изгледа дека таа повеќе ја избегнува политиката, нејзиниот политички ангажман во поголема мера е ограничен.*

Порано постоеле млади кои биле активни во политиката, млади луѓе кои ги сакаа промените и се залагаа за напредок. Но потоа се рашири млитавоста меѓу младината, бидејќи функционерите на партијата не се грижеле за тоа дека доаѓаат нови млади сили. Остана само стариот кадар кој младината вистински

не ја разбра. Оваа промашена политика се покажа и во тоа што во мигот кога Социјалистичката партија се подели сите млади заминаа во социјалистичкото интеграционо движење.

Но кога политичкото раководство ќе ги постави младите на водечките позиции соодветни на нивната способност во општеството, стопанството, партијата, како и во културата и во образовниот систем, тогаш тие би можеле да се доближат до партијата и да дадат свој придонес. Конечно, се работи за луѓе што оделе на училишта и кои разбираат да работат и да дејствуваат. Така таа може да биде активна и не треба само да чека.

*Дали се работи главно за проблемот на Социјалистичката партија и нејзиното раководство? Тоа значи дека од страна на младите постои голема отвореност и подготвност, само ќе треба да ѝ се пријде.*

Младите мораат и сами нешто повеќе да направат за себе. Тие мора да бидат поактивни и трајно да придонесуваат за решавање на општествените проблеми. Тие не треба развојот на опшеството да го гледаат како нешто туѓо и само да се забавуват и да бараат неограничена слобода. Секако, тука голема тежина имаат раководствата на партиите и здруженијата; тие треба да се ангажираат и да реализираат повеќе семинари за улогата на младината во општеството; за улогата кај настанувањето на слободно општество.

Нас ни е потребна и голема соработка со европските претставници, со фондации кои тука имаат канцеларии, со ОБСЕ. Мораме да ја организираме работата со младината. Некои земји според она што го знам овде се мошне активни, пред сѐ, Италија, но исто така и Франција и Германија, и многу прават во оваа насока, иако имаат различни подрачја на делување. Се покажува разбудување, растечка активност, особено кај демонстрациите, штрајковите и протестите на кои учеството на младите е мошне големо.

Во времето на антифашистичката борба, на пример, беа, пред сѐ, младите во Албанија кои се бореа и ја преобразија земјата. 70.000 партизани се бореа и, ако се гледаат паднатите, нивната година на раѓање беше 1925, 1920, на најстарите 1915. Возраста на паднатите борци беше во просек 22 години. За време на косовската војна младината беше активна. Тие доаѓаа од дома и прифаќаа бегалци од Косово. Тие учествуваа во преминот од социјалистичкиот систем во демократско општество. Без младината нема промени. Но тие мораат активно да учествуваат и во дневнополитичките работи. Ним учеството во раководењето со земјата мора да им биде начин на живеење.

*Да го резимираме веќе реченото и да фрлиме поглед на моменталната состојба на албанското општество: Дали таа епоха на комунизмот во Албанија ја сметате за загубено време?*

Не, јас не верувам во тоа. И покрај големите недостатоци кои постоеја во целиот комунистички лагер и кои се базираа врз системот, тој исто така имаше и многу

позитивни нешта. Тука го вбројувам политичко-моралното подрачје и солидарноста што беа изразени бидејќи луѓето живееја во една заедница. Тој систем исто така даде голем придонес кон еманципацијата на жените - токму кај нас на Балканот каде што жените беа повеќе изолирани. Исто така, придонесе и кон развојот на училиштата, на културата и на слични подрачја. Во времето на Ахмед Зогу[21] и до 1944 година во Албанија постоеја само 7 средни училишта додека во социјалистичко време 370 средни и 12 универзитети - пред тоа ние немавме ниту еден универзитет. Исто така, имаше опера, балет и народен театар, едно филмско студио произведуваше годишно 14 филмови, како и многу други институции. И денес нашата струја доаѓа од тогаш изградените хидроцентрали додека во последните 15 години не е изградена ниту една централа.

Од културниот развој профитираше музиката, но пред сè литературата. Пред времето на социјализмот ниту еден наш писател не беше преведен на друг јазик за да може светот да го запознае. Но во ова време доаѓа до преводи и нашата литература се прошири во светот, во Германија, и со тоа нашите писатели станаа познати. Тоа го докажува високото ниво. Преведени се и делата од почетоците на албанската литература, од автори од средниот век или од времето на Ахмед Зогу, па до тие од епохата на социјализмот. Ова играше значајна улога.

*Според тоа социјалистичката фаза беше значаен развоен чекор за земјата во насока на модернизацијата. Но истовремено таа беше и фазата на изолација и тоа во поголема мера отколку во другите источноевропски земји. Дали Албанците имаа можност да комуницираат со останатиот свет, веројатно не многу ограничено - и покрај познанставата кои тоа можеа да го прават со неколку албански автори.*

Имате право што се однесува на Албанија од 60-тите години. Оваа изолација беше мошне строга. Секако се тргуваше и тоа како со западните исто така и со социјалистичките земји. Иако со посредување на другите, постоеше комуникација со надворешниот свет. Нашите уметнички ансамбли, како државниот ансамбл за народни песни и народни танци, настапуваа во странство како во Франција а во Париз и во Рим имаше наша археолошка изложба.

Значи постоше извесна комуникација. Ние, за жал, сме мошне навикнати да мислиме црно-бело, а нештата априори да ги отфрламе. Некои дури се прашуваат: Дали во социјализмот постоеше љубовта? Ако човек не сака, нема да има деца. Нам ни е доста од такви прашања, а само ова прашање уште не е поставено: Дали вие во социјализмот правевте деца?

[21] Ахмед Зогу (1895-1961), како Зогу И бил крал на Албанците од 1928-1939 до италијанската окупација на Албанија, во 1946 формално симнат; тој бил 1923-24 претседател на владата и 1925-1928 претседател на Албанија, пред да се прогласи за крал.

*Вие пледирате за тоа време на социјализмот да се набљудува диференцирано. Дали е така, дали постојат вредности од тоа време што за Вас се од значење?*

Да, социјализмот имаше и добри страни. Заостанатите и средновековни обичаи беа потиснати, немаше крвна одмазда. Луѓето не мораа да живеат скриени во своите четири ѕида, диктатурата не поднесуваше таква самоизолација. Семејствата беа поцврсто поврзани отколку денес. Човекот беше порамноправен, немаше голема разлика во платите. Ова секако водеше до одредена заостанатост во однос на денешниот свет, бидејќи во капиталистичкото општество односот на платите е поинаков.

Позитивна беше тогаш и солидарноста меѓу луѓето, што се должеше на тоа што луѓето заедно работеа и навистина беа солидарни. Во времето на социјализмот комунистите правеа напори да ги користат добрите традицонални страни на народот, како што е солидарноста, која во одредени моменти од нашата историја се повторуваше. Денес го критикуваме тој систем поради диктатурата и другите нешта. На денот на основањето на Социјалистичката партија, кога си зема ново име, јас бев првиот кој стана и го критизираше системот, Енвер Хоџа и диктатурата. Сите други делегати ми рипнаа на врат. Секако, јас мојата критика не ја изреков радосно, повеќе со одредена болка. Зошто мораше така да се случи, зошто многу нешта беа залудни?

Но не сè и не сето време на социјализмот беше попусто. И средниот век не беше залуден. Во секој систем можат да се најдат позитивни елементи. Зарем во средниот век не требаше да постои еден Сервантес, но тој сепак постоеше, постоеше и Дон Кихот, постоеја германските Нибелунзи, постоеја големи сликари кои сепак потекнуваат од она време, не од ова модерното, денешното. Социјализмот беше систем кој владееше во една половина од Европа. Такво нешто се случило и во времето на Карло Велики. Нели Карло Велики се обидел преку војни да ја обедини цела Европа?

*Бугарија*

**Сергеј Станишев, премиер на Република Бугарија**

*Сергеј Станишев од август 2005 е претседател на Владата на Бугарија. Тој студирал историја и политички науки во Москва и е доктор по историја. Тој ѝ пристапил на Бугарската социјалистичка партија (БСП) и се ангажирал за нејзина модернизација и прозападна ориентација. Во 2001 станал претседател и шеф на пратеничката група на опозициската БСП во парламентот. По изборите во 2005 им успеа на социјалистите во коалиција со други партии нивниот врвен кандидат Станишев да стане претседател на Владата. Во центарот на изборната кампања Станишев ги стави и реформите потребни за прием во ЕУ.*

*Господине премиер, Вие потекнувате од комунистичко семејство. Дали тоа влијаеше врз Вашата одлука за политичка кариера или нешто друго влијаеше врз Вас? Вие доста доцна се одлучивте за политиката?*

Да, по промените во Бугарија. Тоа е поврзано со тоа што студирав историја, а докторирав на тема за историјата на Русија во 19 век. По докторирањето се испостави дека во Бугарија поради промените во 90-тите и поради хаотичните услови на преминот во почетокот немаше изгледи за академска кариера. Првин работев извесно време како слободен новинар за интернационални теми и пишував за ситуацијата во земјите од Западен Балкан, за Русија и за некои други региони кои во тоа време беа интересни. Така дојдов во позиција на експерт во одделот за надворешна плоитика на Социјалистичката партија.

Што се однесува до улогата на моето семејство - па во Бугарија семејството е од големо значење за политичката ориентација. Има луѓе кои според традицијата на нивното семејство континуирно од 1920 или 1940 припаѓаат на едно или на друго политичко крило. Оваа припадност влијае врз изборното однесување на децата и внуците затоа што семејството е тоа што создава доверлива атмосфера и ги обликува вредностите на секоја личност.

*Како историчар имате, временски, многу широк увид во политичките случувања. Дали тоа нешто значеше за Вас? Дали постои некоја историска личност или политичар на кого Вие се угледувате?*

Јас не би кажал, дека имам одреден пример. Да се биде историчар е навистина од голема предност за еден политичар. Човекот поседува основни информации и познава различни случувања, потоа знае што се случувало во различни земји и во различни временски периоди. Тоа го изострува погледот кон тоа што денес се случува. Ако сакаме денес да спомнеме одредена личност тогаш мислам дека Васил Левски[22], како апостол на националната преродба и националното

[22]Васил Левски, и (исто така) Васил Иванов Кунчев (1837-1873) , водач на бугарското национално движење против владеењето на Османлиите. 1858-1864 , Левски, монах веќе се залага за движењето за

движење за ослободување може да биде важен авторитет за секој Бугарин. Тој беше и интересен политичар и мислител во времето на ослободителните борби протов османлиското угнетување, кога  во јавноста ги објавил своите визии за иднината на Бугарија. Интересно, а сепак важно е што Левски, токму во она време во кое во цела Европа се прошири национално движење, Бугарија ја претстави како толерантна земја во која секој граѓанин, независно од неговата религија и етничка припадност, треба да се чувствува пријатно и да биде рамноправен.

*Дали Вие немавте политички воспитувач, кои Ве вовеле во политиката, а Вашето политичко мислење на одреден начин битно го обликувале ?*

Не, немав. Секако, во детството можев да набљудувам како функционира политиката, но, секако, скриена зад превезот и мислам   дека со тоа мојот денешен агол на гледање доби извесно проширување. На овој начин човекот не е еуфоричен во успесите затоа што знае дека по секоја победа пак има мошне многу предизвици и многу нови проблеми што мора да бидат решени.

*Вие во бугарската социјалистичка партија имавте позиција на експерт за надворешна политика. Потоа како секретар  за меѓународни работи во истата партија  придонесовте во голема мера БСП да биде примена во Социјалистичката интернационала. Дали за Вас, особено во Вашата позиција како претседател на Владата на Бугарија во денешно време социјалдемократските вредности сѐ уште имаат значење?*

Секако дека е така. Тие имаат значење во модерниот свет и тие имаат значење за мене и за мојата позиција како премиер. Секоја политичка партија учествува на избори за да дојде до одредена позиција на власт и ги носи своите визии, своите приоритети и своите основни вредности. Секако дека сите знаеме  колку многу светот се промени во последните 15 или 16 години по падот на железната завеса и по распадот  на поранешниот социјалистички систем во Источниот блок.  Овој пресврт влијаеше, исто така, и врз западните земји и врз Западна Европа, кои се развиваат во насока на глобализација.

*Глобализацијата изгледа дека е сепак објективен проце, кој не може да се избегне во стопанска смисла. Каква улога  треба да играат тука социјалдемократските вредности?*

Проблематично е што глобализацијата се перципира како чисто економски феномен  што ги почитува само своите правила. Но токму за секој социјалдемократ и секој социјалист на светов е мошне важно да најде пат, да ја обликува  глобализацијата посоцијално и поодговорно во однос на човештвото

---

независност и се обидува да организира востание во Бугарија. Во 1872 тој бил фатен од Османлиите и погубен.

кое стои пред глобалните предизвици. Ние сепак гледаме што се случува околу нас; во многу земји расте сиромаштијата. Јазот меѓу богатите и сиромашните земји станува уште поголем со глобализацијата. Во една иста земја - а тоа се однесува на земјите од третиот свет - постојат различни паралелни светови едни до други. Постојат острови на модерниот развој и еден богат слој на општеството, но истовремено сме сведоци на оптоварувачка сиромаштија, на болести и на многу други проблеми.

Од овие причини секој социјалдемократ треба да ги користи даденостите што постојат во глобалниот свет за големите можности на меѓународната соработка. Верувам дека денес во глобалниот свет токму интернационализмот е важен - основна вредност и принцип на социјалната демократија. Ние можеме да набљудуваме како социјалдемократските партии и партиите на европските социјалисти го формираа глобалниот прогресивен форум, една мошне важна активност на која припадниците од политички лево-центристичкото поле дискутираат за светски проблеми со невладините и еколошките организации. Ние социјалдемократите бараме сопствен пат и сопствени одговори бидејќи со промените во стопанството мораа да се променат и политичките партии, Кон тоа да го додадеме токму тоа што и социјалдемократските партии прават понекогаш реформи кои не се типично социјалдемократски, што се однесува на стариот поим на општество на благосостојба. Мораме да бидеме прагматични, да се приспособуваме на променетите околности, но во ниеден случај не смееме да ги заборавиме нашите вредности и основни принципи. Ние треба многу повеќе да ги услогласиме истите со новата реалност и да најдеме нови механизми за тие да важат и во изменетиот свет.

*Можете ли ова да го прецизирате, кога веќе зборуваме за вредностите? Кои се основните вредности и принципи на Вашата партија?*

Па еден од основните принципи за секоја социјалистичка партија е солидарноста - солидарноста меѓу луѓето, меѓу граѓаните. Тоа е од особено голема важност во денешно време кога сме сведоци на атомизација на светот во кој секоја индивидуа се бори за сопствено преживување и за сопствен успех во пазарно-стопански услови, еден свет во кој е загубен еден дел од нашите вредности. Тоа е тажна вистина и со неа мора да се зафатиме зашто не верувам дека ултралибералите ќе ги решат проблемите само со делување на слободниот пазар. Спротивно, општите нешта не се способни да го решат проблемот на социјалната интеграција и ефикасност на едно општество.

*Вие спомнавте какво значење имаат традиционалните семејни вредности во бугарското општество, но и за Вас лично. Дали науката на православната црква за Вас лично или за бугарското општество како целина игра улога во развојот на овие вредности? Дали религијата е сѐ уште фактор?*

Да, верувам дека таа игра улога. Според моето мислење, таа е повеќе културен отколку религиозен фактор, изгледа дека Бугарите како нација не се особено

религиозни - споредено со Грците. Но, според моето сфаќање, Бугарската православна црква сепак игра важна улога во развојот на бугарската нација. Главната заслуга на црквата е што за време од 500 години странско владеење - странско и во поглед на религиозните гледишта - османлиските Турци сепак биле муслимани - решавачки придонела за одржување на бугарската нација и националност, како и на бугарската култура.

Исто така, и почетоците на националното ослободително движење лежат во борбата за ослободување на црквата, во османлиското царство грчко-православната црква беше таа којашто требало да ја почитуваат сите христијани. Така на почетокот на преродбата на црквата започна со сите сеќавања на средновековното бугарско царство, со настава на бугарски јазик, азбука, литература итн. Потоа дојде следната фаза, веќе спомнатото движење за ослободување на црквата која сакаше во нејзините институции да создаде независност. Дури подоцна уследил чекорот кон следната етапа во националното ослободително движење.

*Тука бугарската црква очигледно одиграла важна улога за националната свест и националното движење за независност. Но што би можела таа да придонесе во денешната ситуација, кога помалку се работи за ослободување, а повеќе за обликување меѓу националните и наднационалните структури?*

Според моето мислење, една, но мошне важна особеност доаѓа до израз дека во православната црква високо се цени толеранцијата и се зема предвид како иманентна вредност. Токму тоа е карактеристичен феномен во Бугарија, па дури во средниот век ниту еретички движења, ниту други ривали на црквата не биле изложени на религиозно гонење. Ако тоа и било, се случувало мошне ретко - спротивно на католичката црква. За Бугарија во она време религиозното гонење не било карактеристично, а особено важно е дека едно такво однесување се развило подоцна, по почетокот на националното ослободително движење.

Толеранција во општеството на Бугарија има силна традиција и мошне висока вредност. Токму овде, во центарот на Софија, можете да видите во круг од 500 м православна катедрала, муслиманска џамија и синагога кои се наоѓаат една покрај друга во мирна коегзистенција. Тука имаме значајна своевидност на Бугарија што се базира врз вредностите на толеранција меѓу различните религии и етнички групи. За време на Втората светска војна кога Бугарија беше во сојуз со националсоцијалистичка Германија, покрај Данска како една од ретките земји на Европа која била под фашистички режим или била во сојуз со него, ги спасила своите Евреи и тоа под голем притисок на православната црква, на бугарската јавност и на силите на отпорот кои во тоа време беа мошне активни. Мислам, поради овој интересен феномен треба да се соопшти која важна улога токму овие вредности ја играат во модерната историја, а кои опстанале со векови. И што токму по 1990 е забележително и покрај проблемите и лошите искуства, според моето мислење, упатува на позитивната страна на нашата земја, е фактот дека ние тука имаме избалансиран етнички модел. Различните религии и етнички групи се меѓусебно добро сврзани што се

однесува на политичкиот развој на земјата и на нејзиното учество во социјалниот развој на општеството.

*Православната црква е дел од историското наследство на земјата, други нешта на децении на социјализам. Ако ги споредите политиката и вредностите од времето на комунизмот и денес, како би ги опишале и каде ја гледате главната разлика?*

Во принцип сум на мислење дека човековите вредности и принципи се мошне стари, скоро од стариот век. Десетте божји заповеди се мошно добро формулирани. Ако сега ја погледаме најновата историја на Бугарија, а особено комунистичкото време, можете да забележите дека заповедите на комунистите се мошне слични на десетте заповеди на христијанската религија. Тоа е и причина зошто јас ги сметам за основни вредности што не се менуваат со времето.

*Тоа значи дека вредносната ориентација не се променила? Имајќи го предвид големиот пресврт во последната деценија една таква изјава е зачудувачка.*

Секако, дека постојат работи што се промениле, особено во политиката, па во временскиот распон од 1989 до 1994 не постоеше никаква политика во смисла на еден плуралистички политички систем. Комунистичката партија не беше никаква партија бидејќи според дефиницијата една партија е онаа што ги застапува заедничките интереси на еден дел од општеството. Комунистичката партија беше создадена да го застапува целото општество и од ова гледна точка таа не беше политичка партија. Според моето гледиште, таа повеќе беше дел од управата на тоталитарниот систем. Многу луѓе не поседуваа леви склоности, уверувања или вредности, тие беа во партијата само поради тоа зашто тоа беше претпоставка, неизбежен услов за да се направи кариера во управата или во некое друго подрачје. Навистина, по 1990, кога многу луѓе имаа слобода сами да избираат, многу формални членови на комунистичката партија направија скоро екстремна промена со одење во десниот политички спектрум.

Од друга страна сум на мислење дека Социјалистичката партија во поледните 15 години едноставно не се движеше само кон центарот. Секако, можат да се најдат извесни точки во нашата програма, во нашата политика итн. Но мене ми се чини дека Социјалистичката партија се развива, исто така, и во друга насока и во сосема друг поглед. Таа од партијата што беше дел од државата стана модерна нормална политичка партија, таа се отвори кон бугарското општество и доколку е ова сосема друг развој, таа влијаеше врз активностите и врз политиката на самата партија.

*Вие ја спомнавте основната вредност на социјалдемократијата: солидарноста. Истовремено зборувате за општество што се атомизира. Верувате ли дека токму на младата генерација ѝ недостига солидарност и поради тоа постои мал*

*интерес за политиката, за партиската припадност и за активна позиција во општеството?*

Да, јас ова го гледам вака - во младата генерација има помалку солидарност. Општеството во Бугарија навистина многу се променило, во многу подрачја на добро, но сепак во извесен поглед и на лошо. Тоа е она што веќе го спомнав, прекумерно раширен ултралиберален начин на размислување и екстремен пазарен либерализам. Превладува принципот секој друг да се смета за конкурент и да се внимава дека и самиот мора да се биде конкурентно способен. Овој принцип содржи нешто многу лошо, се губат основните и националните вредности на солидарност и меѓусебна помош и јас не верувам дека тоа е добро.

*Дали би им препорачале на младите луѓе да одат во политика? Како, според Ваше мислење, би можеле овие млади и сè повеќе неполитични луѓе да ги заинтересирате за политика, на што би морало да се апелира?*

Младите луѓе треба да одат во политика само ако сакаат нешто да променат. Секогаш кога ги сретнувам и тие почнуваат да го критикуваат она што се случува во општеството, се обидувам да им се објаснам дека единствена можност нешто да се промени е политиката. Па политиката е секаде. Ако некој нешто сака да промени, мора да се кандидира за член на општински совет или да пристапи кон некоја партија за да влијае врз нејзината политика и да ја придвижи во насока што самиот ја сака. Следниот чекор би бил да се оди во собрание и тој пат би морал да се продолжи бидејќи политиката е секаде и во секој момент е во допир со нашиот живот. Одлуките на општинскиот совет, одлуките на собранието, на владата - тие секого го погодуваат, тие влијаат врз начинот како е организирано општеството, како е организиран образовниот систем или нашиот здравствен и социјален систем. Ова е мошне важно и јас забележувам растечки интерес на млади луѓе за Социјалистичката партија. Ова може да се следи исто така и кај изборите, во изборните резултати и во структурата на избирачите кои ги избраа левите.

*Дали Социјалистичката партија во Бугарија станува сè поинтересна за младите луѓе? Кај падот на социјализмот беа други политички сили кон кои се сврте младината.*

Навистина, во моментот се одвива сеопфатен процес на подмладување на бирачите во Социјалистичката партија. Тоа го сметам за сосема нормално. Гледате, наполно е разбирливо дека во 90-тите, кога започнаа демократските промени во Бугарија, младата генариција беше за десно-центристичките политички формации и за Унијата на демократските сили бидејќи тие го репрезентираа пресвртот. Револуцијата беше во оној момент кога нашето општество се отвори кон западната демократија и кон пазарното стопанство. Поради тоа најголем број млади луѓе на мојата генерација политички се приклучи кон партиите од центарот десно. Најчесто тие беа доста разочарани од тоа што се случува, па нели беше ветено дека се што беше добро во

социјалистичкиот систем ќе се задржи: социјалната сигурност, слободниот пристап до образование и такви работи, но секако и тоа дека Бугарите ќе бидат во можност да патуваат и нивниот одмор да го поминат на Канарските Острови. Тоа беа очекувањата што се ширеа. Фактот што токму младата генерација беше погодена од стопанските реформи подоцна доведе до разочарување и многу млади се вратија во левицата.

Според традицијата, левото крило е силата што го менува општеството. Социјалистички партии се оние партии кои не сакаат да ги прифатат неправдата и нееднаквоста. Тие не прифаќаат да има луѓе што се исклучени од општеството; дека самото раѓање ги осудило на тоа бидејќи имаат сиромашни родители. Без образование и да се биде сиромав, без добра работа и без шанси да се патува, тоа за социјалистичките партии не е прифатливо. Верувам дека тоа е она што младите луѓе сакаат сега да го променат. Тие сакаат да се слободни, да бидат активни, ним им е потребна можноста да го развиваат сопствениот талент. А тоа не може да се случи само врз база на слободен пазар.

*Бугарија веќе од пред десет години води преговори за прием во ЕУ. Тоа претпоставува однапред многу промени на полето на законодавството, примена на насоките итн. Но при тоа се работи повеќе за формален аспект на пристапот. Наспроти ова, може ли да се констатира некое влијание на бугарското општество, врз неговите вредносни претстави, начинот на однесување, начинот на размислување?*

Реформите што се направија кај нас можат да се објаснат во голем дел со волјата и одлучноста да се влезе во ЕУ. Тоа е високата цел што си ја постави нашето општество; пак да биде примено во европското семјество и тоа во политички, стопански и социјален поглед. Како што знаете, Бугарија е крајно оптимистичка во однос на членството во ЕУ, повеќе од многу други држави во Европа. Тоа можеби доаѓа оттаму што сè уште не сме дел од Унијата. Некои луѓе приемот во ЕУ го посматраат со очите на потрошувач така што тие веруваат дека ЕУ, само откако еднаш ќе станеме членка, автоматски ќе ни ги реши сите проблеми - што секако нема да се случи, конечно ЕУ не е добротворна организација.

*Членството во ЕУ значи не само предност туку тоа е повеќе сврзано со многу различни предизвици. Дали тука не треба човекот да се плаши од разочарување кое би можело да доведе до сосема други реакции во Бугарија?*

Јас во нивниот оптимизам гледам во принцип позитивен тренд бидејќи тоа покажува дека волјата за пристапување кон Европската унија е мошне силна и за ова прашање постои широк консензус. Тоа ги поддржува многуте реформи кои треба да се спроведат во нашето општество. Освен тоа, барањата и условите од страна на Европската унија се поттик за бугарското општество и бугарската државна управа, за политичарите и сите институции во земјата. Во текот на овој процес ние ќе се промениме, како и кај нас важечките правила.

Токму поради тоа верувам дека пристапувањето за Бугарија е предност и важно затоа што со тоа ќе се заврши процесот на разделбата од владејачките сили затоа што ќе се дојде до подобра контрола на институциите од страна на граѓаните и до воведување на јасни пазарни правила што ќе важат за сите. Кога ќе важат, тоа ќе влијае врз секој член на општеството. И токму тој процес се гледа во Бугарија.

Моето мислење е дека Бугарите се, што се однесува до промени, мошне флексибилни луѓе и способни да се прилагодат. Пред многу години бев сведок на тешките дискусии во Германија во врска со реформата на законот за пензија и една друга реформа во социјалното законодавство. Наспроти ова, во Бугарија во последните 15 години изведовме реформи од огромен обем. Тоа беше основна промена во општеството, сепак ние опстанавме и се прилагодивме. А сега има Бугари кои учествувале во спроведување на тие промени во рамките на новиот систем, во кој бројот на жители почна да расте, и можат успешно да работат и живеат во новото општество.

*Дали Бугарија ќе се придржува до критериумите од Копенхаген за доближување до Европската унија? Општествата што се во транзиција, што презеле силни напори врз себе се додатно конфронтирани со барањата што им се поставени однадвор. Нели тешкотиите може да се очекуваат тука?*

Ние тука имаме работа со постојан процес. Точно е дека ние се наоѓаме во најтешката фаза на примена. Сепак Бугарија направи мошне видлив напредок во примена на критериумите за членување во ЕУ и докажа за сето ова време дека е земја којашто може да се справи со тешкотии и може да ги совлада - и тоа во крајно напната фаза, во која се покажува дека и самата ЕУ има внатрешни проблеми поради двата неуспешни референдуми и поради недостиг на финансиски перспективи и соодветни договори. И покрај сите тешкотии, Бугарија уредно ги исполни своите обврски. Секако, имаше извесно одложување, па дури и мирување поради бугарските парламентарни избори бидејќи течеше изборната кампања и никој не собра политичка волја да ги спроведе договорените реформи. Но, по изборите, имаме нова влада која ужива широка поддршка во Собранието и се потпира врз големите фракции и партии. Нам ни е потребна оваа поддршка, ние мораме да ги обединиме политичката волја и политичките сили за да ги спроведеме потребните реформи и да ги исполниме европските критериуми пред датумот на нашето полноправно членство во ЕУ.

*Од Вас спомнатите два референдуми во Франција и во Холандија покажуваат дека постојат воздржувања во однос на проширувањето. Какви последици има тоа врз Бугарија и другите балкански земји?*

Ние сме земја во преоден стадиум, земја која веќе го потпишала договорот за пристапување. Во моментот во земјите од Европската унија се одвива процес на ратификација на договорите за проширување, но прашањето за прием на

Бугарија, верувам, веќе е одлучено. Целата напнатост се врти околу тоа дали ние ќе бидеме примени во Унија веќе во почетокот на 2007 или приемот ќе биде поместен за една година. Крајниот резултат нема да има влијание. Бугарија ќе ѝ припаѓа на Европската унија и мислам дека од тоа ќе произлезат и предности за ЕУ, впрочем ние не сме питачи кои чекаат само на тоа нивните проблеми да бидат решени со средствата од европските фондови.

*Дали приемот на Бугарија ќе донесе позитивни нешта за ЕУ?*

Бугарија може да даде содржински придонес со тоа што со нејзината 15-годишна стабилност во целиот регион служи како пример на успешни реформи. Ако се прашува за иднината на земјите од Западниот Балкан, убеден сум дека членството на Бугарија од јануари 2007 ќе биде охрабрувачки и важен сигнал за нивниот развој. Ние знаеме дека по етничките конфликти и војни што избија во земјите од поранешната Југославија, демократијата и развојот на пазарното стопанство сè уште е слаб и кршлив. Па и мирот во овие земји е крајно кревок; во регионот постојат многу спорни прашања. Општествата и политичарите на овие земји со големо внимание следат од непосредна близина каква судбина на Бугарија - добриот ученик - му доаѓа на Балканот. И тие со внимание ќе следат колку Европа ќе ги исполни своите обврски во однос на Бугарија. Оттаму би можело за овие земји и нивниот развој поместувањето на приемот на Бугарија да се сфати како негативен сигнал.

## Меглена Кунева, министерка за европски прашања

*Д-р Меглена Штиланова Кунева беше министер за европски прашања во владата на Симеон Саксобурготски и оваа функција ја извршуваше и во новата влада на Станишев. Како доктор на правни науки, работеше во подрачјето на високото образование, како и во бугарското радио. Од 1990 до 2001 таа беше правна советничка на Министерскиот совет и соработуваше во изработката на нацрт-законите од екологијата, информатиката и од другите подрачја. Од 2001 е пратеник и оттогаш е надлежна за преговори со Европската унија и за европските прашања.*

*Првин би сакале да Ви честитаме за повторното именување за министерка за европска интеграција со што се гарантира континуитетот на европската политика на Бугарија во фаза пред пристапот во ЕУ. Вие во 2001 прв пат бевте именувани како министер за европска интеграција во владата на Симеон Саксобурготски. Како дојдовте во политиката?*

Кога во 2001 неколку мои колеги од Правниот факултет на Универзитетот во Софија дадоа предлог да ме номинираат мене, мојата прва реакција беше „не, зошто токму јас"? Но, кога ден за ден се судирав со оваа можност, сепак на крај го прифатив предлогот бидејќи дојдов до заклучок дека беше дојден вистинскиот момент - зрел стадиум на демократскиот развој - за да се преземе одговорност за развојот на земјата.
Јас сум по професија адвокатка, школувана правничка и сум со уверување дека ова, барем за мене, е најдобрата професија. Јас студирав право за заштита на човековата околина, а во мојата докторска дисертација се работеше за правните аспекти на заштитата на човековата околина. Можеби ова има некакво подлабоко значење, бидејќи работата на полето на заштитата на човековата околина е работа на уверувањето. Таа не се ограничува на чисто правни прашања, човекот многу повеќе мора да се бори за да го постигне тоа во што верува. За мене тоа е работа на правно поле, а со тоа и прашање на сопственото убедување во поглед на тоа што е законски, а што противзаконито, што е исправно, а што е погрешно. А надвор од тоа, меѓу тоа што денес го работам и мојата професија како правник има многу заеднички црти, општеството може сепак да се промени преку правни методи и постапки.

Човекот ја носи одговорноста и ги исполнува обврските што произлегуваат од неа не само како член на владејачката партија туку и преку работата во Собранието, па дури и преку кое било политичко учество што е примерено на демократско битие на државата. Уште за време на мојата работа како правна советничка на Министерскиот совет, бев во тесен контакт со политиката, но главно само од гледиштето на државата во смисла дали и колку моите предлог-решенија и препораки беа вистински и добри за земјата.

Во меѓувреме, јас им припаѓам на оние политичари што се во структурите на една партија  и сум мошне задоволна што нашата партија како либерална на центарот најде прием во политичкиот спектар.

*Ако точно Ве разбрав, во 2001 не мислевте активно да се вклучите во политката. Дали постоеја ментори или примери кои извршија влијание врз Вашата политичка кариера и Вашиот политички живот?*

Моето семејство  на подрачјето на политиката има мошне горчливо искуство. Иако тоа не учествуваше со особена активност во политичките случувања и стоеше во служба на земјата, семејствата на двајцата мои родители многу страдаа поради политиката. Од оваа причина,  претставата да учествувам во политичкиот живот на земјата не беше атрактивна.  Но, и покрај тоа, на крајот дојдов до заклучок дека токму сега е моментот да зачекорам по истиот пат за кој во основа се одлучија многу демократски расположени луѓе во Бугарија. Овој пат значи на политичкиот живот да му се отворат нови идеи и добри демократски практики.

Јас многу читам за таканаречената социјалистичка револуција во Бугарија, значи пред 1944. Од ова време јас открив навистина неколку личности како пример. Наспроти ова, никогаш не бев предизвикана од социјалистичкиот период на мојата земја да земам пример или модел.  Јас  се занимавам детално со историјата на Бугарија и се обидувам  да бидам горда на историјата на слободна Бугарија - Бугарија пред 1944 -  а не да мора да се срамам  поради моето семејство и моите пријатели. Тоа би биле контурите на мојот политички пример. Секако, дека на мене силно влијаеше личноста на поранешниот претседател на владата Симеон Саксобурготски[23]. Според моето мислење, тој е навистина извонреден човек кој многу направи за политичката култура и политичката многустраност на Бугарија.

*Вие сте член на една централистичка партија. Што значи ова за Вашата политичка работа, што  се за Вас главните вредности во Вашата работа во оваа партија?*

Самодоверба.  Ако треба вредностите  коишто се за мене меродавни да ги изразам со еден збор, тогаш би го навела зборот самодоверба.  Тоа значи довербата во себе, довербата во сопствената способност, да се влијае на нештата, а на општеството да му се даде, што секој од нас мора да го направи со средства на модерната држава за луѓе кои се наоѓаат  во запоставена положба.  Тоа припаѓа кон личната одговорност на секој поодделен член на нашето општество. Оваа куса, но јасна дефиниција може, верувам, на јавноста

[23] Симеон Саксобурготски (*1937) и Симеон од Сахзен-Кобург и Гота (Simeon von Sachsen-Coburg-Gotha) Саксобурготски, како последен бугарски цар (Симеон II) беше симнат со  укинување на монархијата во 1946 и тој отишол во егзил во Шпанија. Првпат се враќа во Бугарија во 1996 година, а во 2001 ја основа партијата Национално движење Симеон 2 и благодарение на високата победа беше претседател на владата од 2001 до 2005.

да ѝ ја објасни либералната идеја. Секако, има уште други аспекти на либералните вредносни претстави што се однесуваат на либералниот стопански поредок, либералната политика или либералната ЕУ-политика. Но тоа е малку покомплицирано.

Според моето мислење, еден либерал како политичар се огледа во тоа што се залага да бара сопствени сили соодветни за потребите на земјата, а не да чека на државата додека таа се развие толку што ќе може да им понуди на членовите на општеството содветни социјални услуги. Тоа значи да се преземе одговорноста и тоа незаобиколно. Така можат да се опишат нашите главни вредности. Но, секако дека не може сѐ наеднаш да се направи и ние во основа не сакаме да поддржиме нагли промени. Но, според нашите претстави, земјата ќе изгледа поинаку ако пазарното стопанство се разива со сразмерна социјална стабилност, а сепак со помош на иницијатива на секој поодделен член на општеството.

*Не е на крај ниту задача на политиката да дефинира што значи солидарноста во рамките на општеството, но и што значи слободата и праведноста. Дали можете да ни објасните каков став има Вашата партија за праведноста, солидарноста и слободата?*

Овие вредности што ги спомнавте сега се тие што нас не одредуваат како горди Европјани. Преку правната држава гарантираната праведност - тоа е синоним на државноста, во основа тоа е поим што ние денес го имаме за државата. Можеби тоа е дури и синоним за цивилизацијата. Без праведноста, без правниот поредок не би била воопшто можна целата творба на Европската унија. Без праведност не постои разбирање. Ние во рамките на бугарското општество без стопанство базирано врз правото и законот, без социјалниот живот базиран врз правото и законот или без останатите правно-државни аспекти на општеството не можеме да постигнеме консензус. Стриктната правна основа за една држава е единствениот пат кон здрав општествен живот.

*Вие веќе ја спомнавте Европската унија и укажавте на незаобиколната основа на функционалниот правен поредок. Но во време на референдумите за прифаќање на Европскиот устав во Франција и Холандија се покажаа значителни проблеми. Дали верувате дека ова ќе има влијание врз земјите кај следната рунда на проширување и можеби ќе го успори процесот на интеграцијата? Во тој поглед како ја гледате Вие иднината на балканските земји?*

Јас сум тука мошне оптимист, затоа што Европски совет на 3 октомври му даде нов импулс на процесот на проширувањето. Истовремено, не смее да се заборави дека проширувањето како политички проект е мошне важен за целата ЕУ. Како претставничка на Бугарија во преговорите за пристапување можам само да нагласам дека мојата земја по сите проблематични законски реформи, длабоките промени и изградба на институциите изгледа денес сосема поинаку

отколку порано. Бугарија е место каде што може да се живее поубаво отколку во почетокот на преговорите за пристапот.

Овој процес им нуди на соседните земји добра перспектива бидејќи тој на секоја земја која ги чува и негува истите вредности, која ќе собере сила целиот процес да го реализира ѝ покажува принципиелна можност. Но, тука најтешко, можеби во сите овие години на долготрајни преговори, е да се одржи ентузијазмот. Но, кога тоа ќе се има зад себе, а тешкотиите ќе се надминат, добивката за земјата е енормна. Верувам дека тие можат да се видат и во Источна Геминија, иако не може директно да се спореди. Таму може да се забележи како се остваруваат сега ветувањата, иако тоа за Источна Германија беше нешто поедноствно бидејќи стана составен дел на ЕУ без драматични преговори. Но, може да се види како таму навистина се промени состојбата, откако таа стана нормална европска земја.

*Ако се гледа кон тоа со кои земји би можела ЕУ во иднина да биде проширена или ќе се прошири, се поставува прашањето за заеднички фундаменти на Унијата. Дали земјите како Босна и Херцеговина или Турција имаат исти вредности како централноевропските земји или Вие тука гледате разлики?*

Не е само точно како ќе се чита историјата на европското минато туку исто така како ние ќе ја формулираме историјата на европската сегашност. Јас мислам дека имаме многу заеднички нешта. Европа тврди дека Европската унија е политички проект. Тоа претпоставува заеднички вредности, но исто така и се залага за тие вредности, што е потешко отколку само да се интересира за оваа или онаа страна на нашата заедничка историја или тврди ,дека некоја земја во одреден временски миг има големо значење за цела Европа затоа што таа дала битен придонес за европскиот развој со една книга или откритие или нешто слично. Тоа денес не е доволно. Да се учествува во политичкиот проект на Европа значи многу повеќе, а ова „повеќе‟ се однесува на иднината, а не на минатото. Европа е денес политички проект повеќе од кога било. Проектот што има врска со нашите ставови: кон Кјото-протоколот или кон генетски изменетите организми; кон прашањето дали сме подготвени да се откажеме од националните надлежности (компетенции) и тие да ги пренесеме на Европскиот парламент; дали сме подготвени да ги прифатиме правилата на квалификуваните мнозински одлуки или на анонимноста, ако на пр. се донесе одлука во Европа за даночната политика. Во многу национални држави согласувањето со ова сè уште е проблематично. И тоа е една страна на Европа, составен дел на државната зрелост за пристап во Унијата. Како ќе се води политичкиот дијалог во рамките на поодделни земји е исто така прашање за вредностите.

Европската унија е отворен проект што е насочен кон сегашноста на Европа, а не кон минатото. Често со географски или историски аргументи го базираме нашето право дека сме дел од Европа, но тоа не е доволно. Токму сега мораме да имаме нешто такво како европска вокација. Но ознаката „Европјанин‟ едноставно е погрешна: ние мораме како членки на Европската унија да бидеме

повикани, што има подлабоко значење. Со право упатувате на проблематиката со Европскиорт устав: се работи за еден испит за Европа.

*Ако е Европа политички проект на иднината, тогаш се поставува прашањето за тие кои се најмногу погодени со оваа иднина. Мислите ли дека младите луѓе треба да играат поголема улога во политиката? Како ќе се успее повеќе млади луѓе да бидат вовлечени во политиката?*

Тука повторно се судруваме со прашањето на авторитетите. Во нашата партија имавме доволно голем број млади министри, а просечната возраст на нашата парламентарна фракција во последното народно собрание како и тој во последната влада беше најниска. Поранешниот претседател на владата често велеше на шега дека тоа било поради него за да се компензира неговата одмината возраст. Во стварноста ѝ успеа на либералната партија „Националното движење Симеон II" да привлече голем број млади луѓе. Многумина од нив своето образование го завршиле во странство. Со тоа мене ми се чини дека го следиме моделот на другите земји, како на пр. нашиот сосед Грција. Грците започнаа нивните образовани и во странство успешни земјаци да ги повикуваат за да се ангажираат за својата земја и да учествуваат во управата. Впрочем, верувам дека човекот вистински може да биде задоволен само во својата татковина, затоа што тука може не само да направи нешто за себе или за своето семејство, туку исто така и за сопствената татковина. Ова особено важи за првата емиграциска генерација. Можеби ситуацијата ќе се промени по првата генерација, но чувството за вистинското значење на своите делувања се само во татковината. Кон тоа уште тука живеат и семејства, па дури и Бугари кои се населени во странство, во својата татковина бараат признание. Јас имам многу пријатели кои работат во странство, таму имат основано сопствени претпријатија и имаат доста стабилен живот. Но кога ќе се сретнеме во Бугарија, тие токму тука бараат признание за тоа дека се навистина успешни и дека нивните напори имаат значење за другите. Единствен пат Бугарите во странство да ги обедините со нивната татковина се состои во тоа да се поканат да работат за татковината. Ако тие се сигурни дека ќе можат себеси да се реализираат во татковината , тогаш тие, за што сум убедена, пак ќе се вратат.

**Јелиаско Христов, претседател на КНСБ**

*Д-р Јелиаско Христов е претседател на Конфедерацијата на независните синдикати во Бугарија (КНСБ). Основачкиот конгрес на КНСБ се одржа во 1990, по што Централниот совет на бугарските синдикати се распушти. Произлезен од стариот синдикален систем КНСБ во моментов броји точно 600.000 членови - во 1993 имаше 1,6 милиони и е најголем синдикален сојуз. КНСБ е член на Меѓународниот сојуз на слободни синдикати и на Европскиот сојуз на синдикатите.*

*Господине Христов, Вие сте претседател на Обединетите независни синдикати во Бугарија и со тоа се наоѓате во јавниот живот. Кои се за Вас решавачките вредносни претстави? Што е за Вас да се биде човек?*

Јас пораснав во семејство во кое христјанските доблести се пишуваат со големи букви. Чесноста и пристојноста, љубовта, добрината и милосрдието, почитувањето и толеранцијата во однос на мислењето, ставовите и однесување на другите, ангажирањето и свеста за одговорноста -тоа се вредносни претстави со кои јас сум воспитан. Јас семејството и пријателството мошне ги ценам, а мразам дволичност и предавство. Подоцна, а особено кога се одлучив потребите на синдикатот да бидат мојата професија и вокација, дојде кон ова и слободата, праведноста и солидарноста. Тоа се вредности благодарение на кои Европа можеше да се исправи од урнатините од војната, заостанатата пустош, да ги надмине конфронтациите и да ја создаде обединетата Европа од денес. Без слободата, демократијата и хуманоста не може да се замисли развојот на општеството.

Вистинскиот човек, некој кој претставува личност, според мојата проценка се карактеризира со извесна динамика и е ангажиран стручњак во својата област, тој е некој кој постојано се обидува себеси да се усоврши, тој е одговорен, кооперативен и толерантен во однос наповеќе работи, кој поседува развиено чувство за одговорност и е тој кого го погодува болката и страдањето на другиот.

*Со овој широк фундамент на вредности Вие се наоѓате на пресечката на политиката, општеството и стопанството. Дали постои некој бугарски или странски политичар или некоја друга личност кој или која имал/а влијание врз Вашето градење на овие вредносни претстави?*

Не земајќи ги предвид моите родители и моето семејство, најголемо влијание врз мојот развиток како човек и личност имаше апостолот на слободата Весил Левски[24] со неговата преданост, несебичност и храброст, со неговиот вистински

[24] Васил Левски, и (исто така) Васил Иванов Кунчев (1837-1873) , водач на бугарското национално движење против владеењето на Османлиите. 1858-1864 , Левски, монах, веќе се залага за движењето за независност и се обидува да организира востание во Бугарија. Во 1872 тој бил фатен од Османлиите и погубен.

и возвишен патриотизам. Што се однесува на мојата професионална работа, тоа беа две водечки личности на германското синдикално движење - Ханс Беклер и Ернст Брајт - водечки пример за подигнување и развој на синдикалните вредности и како последица на ова беше предодредено моето идно припаѓање кон работите на синдикатот и работниците на Бугарија.

Како претседател на најголемиот синдикат на Бугарија, мене ми остави силен впечаток како двајци големи Германци Конрад Аденауер и Ханс Беклер[25] во повоена Германија си подадоа рака. И тоа не во духот на популизмот, не за да се обезбеди мир и не навидум обезбедување на социјалниот мир, туку за заеднички да се проектира и да се постигне социјален модел кој итно ќе понуди, и покрај сите негови иманентни спротивности меѓу трудот и капиталот, пристојни правила што ќе обезбедат урамнотеженост на општеството. Мојата средба со Ернст Брејт[26] во 1999 во Софија ми остана во постојано сеќавање. Пред сè, мене ми остави впечаток неговото уверување дека и во кризното време мора да се залага за социјална праведност, а синдикатите немаат никакво право да отстапат пред кои било предизвици, дека како во стопанското така и во социјалното подрачје, па дури и во проблематичните времиња можат да созреат успесите ако социјалните партнери меѓусебно се поддржуваат. Јозеф Грубер, директор на канцеларијата на Конрад Аденауер во Софија изврши исто така влијание врз мене.

Од бугарските политичари би сакал да ги наведам Иван Костов[27], Петар Стојанов[28] и Георги Прванов[29]. Иако Иван Костов беше на врвот на десната влада во судбоносното време за Бугарија, кога важеше да се преземат непопуларни мерки, тој сепак имаше државнички начин на размислување и беше свесен за големото значење на социјалниот дијалог и за улогата на синдикатите во потегот на реформите на општеството. Во овој период нам заеднички ни успеа да создадеме во Бугарија нови социјални и работни закони,

---

[25] Ханс Беклер (1875-1951), веќе во 1894 станал синдикалист и член на СПД (Социјалдемократска партија на Германија); бил пратеник во Рајхстагот од 1928 до 1922; неговото име го носи Фондацијата на ДГБ (Сојуз на синдикати на Германија) - Hans-Bökler.

[26] Ернст Брајт (*1924) , синдикалист; од 1957 член на СПД, 1971-1982 претседател на Синдикатот на поштата, а 1982-1990 претседател на ДГБ.

[27] Иван Костов (*1949), бугарски политичар, по неговото работење во високо образование беше избран во 1990 во Собрание за „Унијата на демократски сили„ (Бугарската СДП), а кон крајот на истата година во коалициската влада од СДС и Бугарската социјалистичка партија (БСП, наследничка на КП) станал министер за финансии. Во 1997, потпомогнат од изборната коалиција „Обединети демократски сили" на СДС со повеќе помали партии станува претседател на владата на Бугарија, по парламентарните избори во 2001 него го замени Симеон Саксобурготски, порано Симеон II, кој кусо пред тоа направи своја изборна програма.

[28] Петар Стојанов (*1952), бугарски политичар; 1997-2002 претседател на држава. Адвокатот Стојанов беше како член на СДС 1991-1992 заменик-министер за правда; од 1994, во меѓувреме заменик-претседател на партијата, е во парламенот, во 1997 како кандидат на бугарската опозиција беше избран за претседател на државата.

[29] Георги Прванов (*1957), бугарски политичар; од 2002 претседател на државата. Прванов е од 1981 член на бугарската социјалистичка партија. Во 1994 беше заменик претседател, 1996-2002 претседател на БСП. Од 1994 пратеник, а по претседателски избори во 2001 Прванов станува претседател на државата наместо Стојанов.

и тоа во смисла на модерниот европски социјален модел. Ернст Брајт ми даде храброст, а Емилио Габаљо[30] морална поддршка.

*Врз основа на Вашето придржување кон вредности како сидикалист - ако се посматра денешната ситуација во земјата, се добива чувство дека секој пред сѐ мисли само на себе. Дали е тоа феномен на транзицијата, а е можеби поврзано со тоа што отпаднаа поранешните ограничувања на слободата во комунизмот или е карактеристика на населението на Балканот?*

Оваа констатација е навистина исправна и тоа многу ме загрижува. Јас сметам дека оваа околност е за размислување, дека се уништени старите вредности без новите во меѓувреме да бидат етаблирани. Падот на Берлинскиот ѕид значеше шок за милиони, доведе до мешаница во вредностите, до отфрлање на сѐ што е старо и обидот со минатото сосем да се раскине. Кај голем дел од луѓето, порано пропагираниот колективизам, тврдењето на единство на индивидуални, колективни и јавни интереси, и тоа преку свеста или преку конформистичко приспособување на увежбаното колективно однесување се претворија во нивен спротивен дел, во индивидуализамот. Се плашам дека индивидуализмот во своите ирационални форми сѐ повеќе доминира во системот на вредностите на нашето општество и дека тој ќе се пренесе и врз семејството, кое кај нас во Бугарија е од голема вредност уште од дамнина, но сега сѐ повеќе се разнишува. За многумина безобѕирноста, егоизмот или простотилакот стануваат доблести. Но, таквите вредности се многу оддалечени од европските вредности.

Секако дека не верувам дека индивидуализмот е карактеристика на населението на Балкан, дека би морало да се земе како нешто веќе дадено. Тој е повеќе резултат на транзицијата, каде што товарите се нерамномерно распределени, а сега откако државата сѐ повеќе се оддалечува од нејзините патерналистички функции, секој на свој начин се обидува да се справи со ситуацијата иако тој притоа понекогаш ги повредува интересите на другите. Ова изостанување на вистинската солидарност се наоѓа во конфликт со основата на синдикалното движење.

*Ако се постави оваа дијагноза за сѐ поголемото егоистично општество, сепак се поставува прашањето како човек да се справи со оваа проблематика. Дали во овој контекст Вие ги гледате позитивните вредности и вредносни претпоставки од комунистичкото време, кои во моменталната транзиција би можеле да бидат од помош за општеството и стопанството токму за Вас и за Вашата синдикална работа?*

Тоа тука во Бугарија не ми изгледа применливо. Поимите „слобода", „солидарност" и „праведност" кај носителите на одлуки и во комунистичкото општество поседуваа голем углед, но тие останаа празни фрази, не придонесоа

[30] Емилио Габаљо (*1937), научник од економското подрачје и синдикалист, од 1991 генерален секретар на Европскиот сојуз на синдикатите.

кон промените и не станаа вредности во општеството. „Солидарноста" зрачеше идеолошки примитивизам, „праведноста" се состоеше во поука, еднаквост во сиромаштијата, а поимот „слобода" никогаш не се интерпретираше во контекстот на почитување на достоинството на секој поединец.

Новото откривање на вредности е секогаш проблематичен процес, сепак во транзициските години тој доби драматични и болни црти за широките општествени слоеви. Тешко е да се убеди една петтина од работноспособно население кое е невработено дека целосната вработеност е Химера во пазарното стопанство. Како може да се разбуди вербата кај 35 – 40 % луѓе кои живеат во беда и сиромаштија дека тие сепак ќе можат да го најдат вистинскиот излез, а јавноста е солидарна со нивната судбина кога поларизацијата меѓу сиромашните и богатите зафаќа толку драматични размери? Овие луѓе не се слободни, тие не можат да се радуваат на човековото достоинство затоа што тие се секојдневно оптоварени со грижата и стравот за преживување на нивното семејство. Тие не се во состојба да носат одговорност затоа што само слободни луѓе можат да бидат одговорни.

Ова го кажувам со голема болка, но без трага за чезнеење по минатото. Историски единственото можно споредување со комунизмот е страшно бидејќи за многумина тогаш беше карактеристично да бидат рамнодушни и навикнати на неслободата. Ако ние денес во услови на реална политичка демократија би се справиле со неслободата, тоа би ми изгледало како самоубиство.

Во извесен поглед, прочуената издржливост на Бугарите и нивното верување дека сè ќе биде донесено во ред без нивна решавачка интервенција , е поволна околност за политичкиот премин, за избегнување на насилство и пролевање на крвта. Со тоа се прави лоша шега - па голем дел на бугарското општество не најде сили да ги обмисли своите вредносни претстави, а цивилното општество остана неразвиено.

*Дали тоа значи дека од комунистичкото време нема ништо што ним би им недостигало?*

Така паушално тоа не може да се рече. Мислам дека ние нашето минато мораме да го третираме со извесна претпазливост. Јас сум противник на двата екстремни начини на постапување кон нашата најнова историја, на тој што радикално се одбиваат, додека другиот чезнее по минатото, а и тој што се акцептира без никакво размислување. Во услови на авторитарна државност во комунизмот имаше повеќе сигурност за живот, во одредена смисла имаше и поредок, државност, институционалност. Не можам да прифатам дека денес здравствениот, образовниот систем и сигурноста стануваат стока што за најголем број луѓе во нашата земја се „луксузна" стока. Не можам да прифатам дека во нашата земја во меѓувреме се етаблирани работни односи со вработување без договори и социјална сигурност, без исплата на плати и придонеси во вредност од стотици милиони лева, со 15-16 часовен работен ден, без плаќање на прекувремена работа, со масовни повреди на работните, па дури

и на човековите права, најчесто во услови на див капитализам, меѓу кои се илјадници жени кои работат во работилници на грчките и на турските претпријатија. Такво нешто досега не постоеше, а при тоа ние сме денес во 21 век и сакаме во Европа.

*Со зборот Европа допревте важна тема. Вашата земја наскоро ќе биде членка на ЕУ, откако ги спроведе многукратните процеси за да ги исполни условите за прием. Дали имате чувство дека при преговорите за пристапување старите ЕУ-членки бараа одлуки кои во реалноста воопшто не се погодни за Вашата земја?*

Да, тоа е точно. Тука би можело да се спомне бараното запирање на атомската централа „Козлодуј", сепак постојат експертски прогнози кои упатуваа на негативни последици за електростопанството и со тоа сврзаните неповолни социјални влијанија - покачување на цената на струјата, намалување на вработувањето и затворање на работните места. Друг пример е прифаќањето на 7-годишна преодна регулатива за слободата на движење на луѓето од земјите кандидати.

Еден дел на претстојните проблеми резултира од едностраната форма на преговорите за прием. Во основа не постоеја никакви преговори, повеќе им се пропишуваа на земјите кандидати извесни правила и се преговараше за модалитетите и роковите. Ова би можело, особено по приемот, да има неповолни последици во неколку сектори. Искуството од поранешните приеми покажува дека тогашните преговори беа од поблага природа.

Отворено речено, имам чувство дека во последно време недостига европската солидарност, а пред сè од страна на „старата Европа" во однос на новите земји-кандидати. Тоа е особено загрижувачко ако сакаме нашата нова Европа повеќе да ја видиме како заеднички пазар за стоки, а не како систем за колективната сигурност. По одбивањето на Европскиот устав на референдумите во неколку ЕУ-земји во поостра форма се поставува прашањето каков став имаат ЕУ-граѓаните за приемот на Бугарија. Од друга страна, разбирливи се стравовите на луѓето таму за нивниот имот, нивните работни места и нивната социјална сигурност.

*Вие ги истакнавте непосредните тешкотии од процесот за пристапување на Вашата земја. Но ако уште еднаш фрлиме поглед врз основното рамниште на вредности, што овој процес на Бугарија ѝ донесе позитивно, а што негативно?*

Бугарија на 25 април го потпиша договорот за прием. Без сомнение, тоа е историска шанса за нашата земја - но исто така и шанса која бара висока одговорност и ангажман. Владата, стопанството и различни сектори на работа се стојат пред многубројни предизвици. Преговорите за прием и напорите што Бугарија ги презеде за исполнување на економските и социјалните критериуми, без сомнение, придонесоа земјата да се сврти во насока на демократијата и пазарното стопанство.

Пристапувањето кон вредностите на обединета Европа - слобода, солидарност, праведност - ќе биде процес за кој е потребно време. Притоа, мораме да оставиме отворена можност да ги зачуваме социјалните права на сите Бугари, за што нашата земја се обврза со ратификација на социјалната карта. Ние, КНСБ и јас лично како негов претседател сакаме да се залагаме за социјален дијалог, за работни, социјални и синдикални права, за гарантирање на праведни работните услови и за достојни животни перспективи на сите бугарски граѓани бидејќи во спротивен случај не можеме да бидеме дел од обединета Европа.

*Но како може Вашата земја да постигне овие принципи и преориентираните вредности да ги етаблира во нејзиното општеств, во кое демократијата и пазарното стопанство најдоа место дури пред неколку години?*

Според моето мислење, не е доволна само гола популаризација. Овие вредности мора конкретно, преку одредени институционални и административни механизми, да станат правосилни и да се применуваат. Демократијата како политички поредок е незамислива ако нејзе не ѝ одговара примерен стопански поредок, па ако уште би се загубила содржината на слободата како вредност, тогаш што би значела политичката слобода без стопанската.

Кај прашањето за човековата слобода како таква не се работи за објаснување на намери и цели туку за обликување на една политика која му обезбедува на поединецот исполнување на неговите најважни стопански и социјални потреби. Ние се залагаме за повеќе слобода и социјална праведност, за стопанска стабилизација и повеќе сигурност. Но тоа може да се постигне само ако ние секојдневно се залагаме за изградба на цивилното општество и тоа биде став на секој граѓанин. Тука не можеме да сметаме на помош однадвор; никој не може да ни ја одземе во оваа работа. Мора да биде јасно дека ние нема бесплатно да добиеме европски животен стандард, туку дека ние мораме да го постигнеме преку свеста на граѓаните и нашето залагање. Пристапот во Европската унија не е излет за време на викендот, применувањето на сеевропските вредности ќе бара многу напори, талент и силна волја како луѓето од балканските земји, кон кои припаѓаме и ние Бугарите, би дале свој придонес кон големиот европски проект.

Но, уште еднаш да се вратам на Вашето конкретно прашање: Јас не мислам дека преговорите за прием не ѝ донесоа на Бугарија некакви негативни вредности. Како што беше речено, нашите проблеми со вредносните претстави се поврзани со процесот на трансформација во нашата земја.

*Ако работите ги посматраме од обратна перспектива бидејќи Вие веќе зборувавте за приемот на балканските земји во Европа; кои бугарски позитивни вредности, според Вашето мислење, ќе влијаат позитивно врз другите ЕУ-членки?*

Бугарската свест за сопствениот идентитет и неговото значење за Европа се потпира, без сомнение, на минатото на земјата. Бугарската држава егзистира уште од пред 1300 години, а веќе кон крајот на 9 век Бугарија направила два важни чекора - го прифатила христијанството и словенското писмо, што треба да се посматра како прв чекор кон интеграцијата. Канонизацијата на творците на бугарската азбука и нивното именување за заштитен патрон на Европа е нешто што ние можеме да ѝ го дадеме на Европа. Бугарија ѝ го дала на Европа и на светот Џон Атанасоф, пронаоѓач на компјутерот, како и многу други извонредни пејачи и музички интерпретатори. Бугарскиот фоклор и „мистичност на бугарските гласови" импонираат токму преку нивната совршеност и единственост. Понатамошен придонес на нашата земја ќе биде, без сомнение, примерот на мултиетничката толеранција, толеранцијата која овозможува да се сочува соживотот и покрај разликите во културната многукратност и да се одржи духовната големина; исто така, големиот интелектуален потенцијал на Бугарите, особено на младината. Истовремено сум свесен дека без поделба на одговорноста, само со индивидуалната и националната самосвест не може да се градат заеднички европски вредности.

*Вие го спомнавте големиот потенцијал на бугарската младина. Ова имплицира дека младината во процесот на трансформација и интеграција треба да преземе битен удел. Но, од друга страна, партиите од Југоисточна Европа имаат значителни проблеми да ги придобијат младите луѓе за политички ангажмани. Што мора да се случи за ова да се промени?*

Имате право, навистина сè помалку млади луѓе се инересираат за политиката и за политичките партии. Слична е состојба и кај синидикатите. Ние мора да направиме сè за тие да ни веруваат и да сфатат дека тие нема да бидат манипулирани и искористени за туѓи цели. Таа не смеат да се почувствуваат искористени. Многу повеќе мораме да им помогнеме во убедувањето дека тие навистина ќе можат да соодлучуваат за судбината на земјата и да учествуваат во наведените процеси. Политичарите мора да се оддалечат од лагите, невистините, популизмот, евтините ветувања и убавите пароли. Младината нема потреба од додворувачки зборови, туку активно дејствување преку тоа што сегашниот нивен живот и тоа тука во Бугарија ќе биде подобар, за да не мораат да се иселуваат поради грижата за нивната издршка.

Објаснувањето на овој феномен мене ми изгледа дека е во сè поголемо проширување на индивидуализмот за којшто веќе зборувавме. Граѓаните, а особено младите луѓе, сè помалку се спремни себеси да се сметаат за дел од политичката, професионалната или некоја друга заедница. Ова доведува до опаѓање на политичките партии, но и на синдикатите. Очигледно, на политичката класа во Бугарија ѝ е потребна нова политичка култура на компромис и консензус наместо на вообразеност и агресија во политичкиот живот, свртување кон реалните проблеми на луѓето и повеќе слух за проблемите на младината.

*Пристапот на Бугарија во ЕУ е во тесна врска со глобализацијата со која земјите на овој свет се конфронтираа. Дали во ова денешно време на глобализација, според Вашата проценка, вредностите како солидарноста, слободата и демократијата играат уште некаква улога?*

Во основа Вашето прашање цели на тоа дали овие вредности во веков на глобализација не се утопија. Глобализацијата со сите нејзини економски предности дозволи истовремено најдлабока поделба на светот , и тоа не само меѓу оние што имаат и тие што немаат, меѓу богатите и сиромавите, туку и меѓу зоните на мирот и зоните на конфликтите. Таа создаде свет и начин на живеење кои сè повеќе се несигурни и позависни од случајност, еден немилосрден и ограбувачки свет, без никаква солидарност, свет со негов сопствен вредносен систем, кој е многу оддалечен од социјалната праведност.

Овие нови реалности се навистина силен предизвик за вредности како слободата, солидарноста и демократијата. Според моето мислење, токму поради тоа расте нивното значење, затоа што новите можности што ги нуди глобализацијата можат и мораат да се искористат за одржлив пораст и подобрување на животните услови на најголем број луѓе. Повеќе од кога било ни е потребна глобалната соработка за да се изнајдат алтернативи, особено за гладот, сиромаштијата, болестите и криминалитетот. Од тие причини ние ги поддржуваме барањата на МОТ и на меѓународните Синдикати за „глобализација со хуман лик", за глобализацијата во насока на пораст, социјална праведност и стабилност. И ние сакаме да извршиме притисок врз владата што се однесува на преземаните обврски во врска со развојните цели на новиот[31] век.

[31] Со тоа веројатно се мисли на милениумски развојни цели формулирани во милениумски заклучок донесен од страна на државите-членки на ООН.

*Македонија*

**Радмила Шекеринска, поранешен претседател на Владата на Република Македонија**

*Радмила Шеќеринска од 1 ноември 2002. е потпретседател на Владата на Република Македонија и е задолжена со секторот за Европска интеграција и координација на странската помош. Таа од 1995 до 1999 година беше претседател на социјалдемократската младина при СДСМ, а исто така до 1999 и втор потпретседател на СДСМ. Од 1996 до 1998 член на градскиот совет на Скопје, од 1998 до 2002 беше пратеник во македонското Собрание, а извршуваше различни функции во нејзината партија како и во собраниските одбори. По завршувањето на студиите по електротехника, таа работеше како асистент на факултетот; во 2004 таа доби награда на Светскиот економски форум и стана членка на Млади глобални лидери (Young Global Leader). Разговорот е направен на 12 октомври 2005 во Скопје.*

*Политиката може да се дефинира како влијание на поредокот и обликување на општеството врз основа на определени вредности и конкретна слика за човекот. Кои се Вашите вредности и каква е Вашата слика за човекот?*

Вие ме прашувате за мотивацијата како политичарка. Во општества во транзиција, политиката не е особено ценета професија. Многу често, некои европски колеги ме прашуваа што е тоа што ме натерало да се одлучам за една професија која честопати е наблагодарна и има таков лош имиџ. Честопати во моите одговори поаѓав од тезата дека нашиот личен живот е прашање на избор. Прашањето на иднината и развојот на една земја е исто така прашање на заеднички избор. Мојот став е дека во моменти на криза и во моменти на сериозна трансформација на општеството, јас избирам да учествувам во процесот на негова промена.

Не сакам и не сум сакала во претходниот период да бидам задоволна со тоа каде сме. На Македонија ѝ беа потребни промени и сè уште ѝ се потребни промени. За ова прашање постои консензус. Но, се поставуваат две прашања: Првото е, какви промени, и второто, кој ќе ги поддржи тие промени? Околу овие две прашања честопати немаме исти ставови. Мислам дека едно од најлошите наследства кои ги имаме од социјализмот и од претходната федерација беше нашата пасивност како граѓани.

Ова го кажувам од позиција на некој кој не е стопроцентен критичар на социјализмот. Ние во Македонија, делумно, во тој период од 50 години успеавме да се промениме од општество кое беше доминантно земјоделско и во голем дел неедуцирано, во општество во кое образованието е значаен дел од надградбата. Меѓутоа, особено во последните 20-тина години од социјализмот, македонската популација, а претпоставувам и другите околу нас, се навикна да очекува дека некој друг треба да ги носи одлуките. Прво, тоа е недемократска ситуација.

Меѓутоа, уште полошо, тоа е ситуација која е многу конформистичка: јас не ги носам одлуките, значи, немам ни одговорност. Според мене тоа беше најважната длабока реформа која ни се случила во овие 15 години: преземање на лична и заедничка одговорност. Според мене, најголемата мисија која мора да ја имаат политичарите во овој регион и во ова време е да дефинираат перспектива, да работат на неа, но и да собираат поддршка за едно вака променето општество. Се извинувам што ми беше долг одговорот, но прашањето беше општо.

*Одговорно да се дејствува за Вас очигледно е централна категорија во денешниот политички живот на Македонија. Дали постојат вредности кои лично Ви се многу важни?*

Доколку продолжев со одговорот понатаму, ќе се обидев да го балансирам принципот на индивидуална одговорност со принципите на солидарност. Меѓутоа го избрав тоа што го кажав како одговор затоа што мислам дека тоа во моментов најмногу ни недостасува. За мене лично некои од основните принципи, од основните вредности, се вредностите на еднаквост на шансите, која може да е реална само преку принципите на солидарност. Кај нас принципот на еднаквост на шансите можете да го разгледувате низ повеќе призми. Типичната, што доминираше во политичката реторика, беше етничкиот фокус. Значи, еднаквост на шанси за сите етнички заедници. Мислам дека за Македонија ова е многу важно. Нема стабилно мултиетничко општество, што инаку е многу тешко само по себе, доколку нема еднаквост на шансите. Меѓутоа, тука не запира принципот, тој мора да има и родова и социјална димензија. Кога би морала да бирам, никој од нас не може да избегне од основниот принцип на слобода и човекови права, меѓутоа принципот на шанса за мене е многу важен.

*Ако тоа се спореди со минатото, пред 20 или 30 години, дали тогаш се смениле вредностите во општеството, или тие главно останале исти?*

Тоа е многу тешко прашање. Во политиката анализираме ден за ден и забораваме да се вратиме 20 години назад. Бидејќи сме општество во транзиција, нема дефинитивен одговор. Делови од општеството се менуваа многу брзо, а некои делови сè уште не се променети. На пример, принципот на солидарност, мислам дека бил карактеристика на македонското општество и сè уште е. Принципите слобода, човекови права и демократија мислам дека ни станаа принципи што се прифатени во општеството. Кога би го анализирала македонското општество и неговите слабости, би рекла дека ги покажува типичните слабости на европско општество со тоа што тие проблеми кај нас се поизразени.

Мислам дека позитивната страна на македонското општество како држава, зборувам општо, а не како етнички концепт, е тоа што покажува прилично голема отвореност кон другите во рамките на своето општество, меѓутоа и кон останатиот свет. Од тој аспект, тоа не е ксенофобично. Помеѓу етничките групи има определено ниво на недоверба и на страв. Тоа е под влијание на сето она

што се случувало околу нас и на бројните конфликти на Балканот. Меѓутоа, сите истражувања во македонската етничка заедница, албанската етничка заедница и во другите помали етнички заедници покажуваат дека интересот за поддршка на какви било радикални, екстремни или воени и конфликтни решенија не постои. Таа добра основа и во една ваква држава е битно, преку поголема комуникација помеѓу етничките заедници да се изгради подлабока доверба.

*Да Ви се вратиме како политичар. Нешто слушнавме за Вашата мотивација. Како влеговте во политиката?*

Случајно и непланирано. Јас немам ни образовен бекграунд што би бил близок на политиката. Јас сум електроинженер и работев како асистент на Универзитетот, на факултетот за електротехника. Затоа имав планови да имам академска и техничка кариера. Во тој живот учествував на еден проект на германскиот универзитет Вилменау, но не успеав да научам германски. Кога влегов во политичката партија, во Социјалдемократскиот сојуз, мојот план беше да ја поддржам политиката на партијата. Мислев дека во такви моменти на пресврт треба да им помогнеме на оние партии што нудат разумност, а не радикални опции. Помагав во активностите на поддршка на некои од пратениците на СДСМ во 1992 година. Меѓутоа, едно водеше кон друго и лека-полека јас навистина навлегував во политиката. До 2002 не признавав дека политиката е моја професија, но сега веќе морам.

*Дали имавте или сè уште имате идоли или ментори за Вашиот политички ангажман, иако според Вашата изјава претходно постепено и ненамерно сте ја почнале Вашата професионална кариера како политичар?*

Ние сме мала држава и обично менторскиот систем не функционира толку добро. Меѓутоа, во 1992 година, кога се вклучив во СДСМ, тоа не беше партија која имаше многу младо членство. За жал, на почетокот на 90-тите години, многу млади луѓе повеќе прифаќаа тврда реторика. Нам што влеговме во партијата, партиското раководство навистина ни посвети внимание. Сегашниот претседател на државата, сегашниот министер за финансии и нашиот амбасадор во Атина тогаш беа во раководството и навистина ни помогнаа да влеземе во политиката.

*Дали би им препорачале на денешните млади да влезат во политиката и да се ангажираат?*

На оние кои сакаат нешто да направат: од сè срце. Многу често моите пријатели, моите колеги и луѓе кои ги ценам, ми велат дека не сакаат да влезат во политиката затоа што тоа е нечесна или не многу благодарна професија и дека политиката честопати се подразбира само како борба за личен интерес. Меѓутоа, ако во политиката не влезат оние кои сакаат да ја променат таа перцепција, ќе одиме само надолу. Затоа, кога сакам да ги провоцирам, им го

велам следново: најлесно е да се седи на страна, да се набљудува и да се критикува. Ако сметате дека на полтичката сцена на Македонија ѝ треба свежа крв, мора да бидете подготвени и самите да инвестирате во тоа.

Политиката е професија што ти одзема 24 часа на ден и 365 дена во годината и во таа смисла, таа е по малку неблагодарна. Кога одам во продавницата за да купам леб, јас сум сè уште политичар и морам да внимавам како се однесувам, со кого разговарам и што кажувам. Тоа понекогаш е притисок. Меѓутоа, од друга страна, политиката Ви дава искуство што тешко ќе го стекнете за толку кусо време во која било друга професија. Во овие 10 години сретнав толку многу луѓе, чув и видов толку многу различни искуства, што, претпоставувам, во некоја друга професија немаше да ги стекнам за 30 години.

*Како политичарка, Вие сте познати по Вашата ефективност и ефикасност. Кога ќе помислите на доблестите, кои од нив нужно треба да ги има еден добар политичар. Тука, пред сè, мислам на умноста, храброста, одмереноста и правичноста.*

Има три битни карактеристики без кои не се може. Прво, мора да се биде решителен, второ, мора да се умее да се слуша, и трето, мора да се биде чесен кон работата во поширока смисла на зборот. Има многу чесни политичари кои не можат да произведат резултат, бидејќи не носат одлуки. Можно е да имате политичар кој лесно носи одлуки, но не знае да чуе поинакво мислење. Тие можат да бидат дел од тимот, меѓутоа потешко им е да излезат на површината. Можеби нешто што не го споменав, но е многу важно, а тоа е дека политичарот мора да ја контролира својата суета. Затоа што ние сме медиумски многу експонирани, а во политиката се прават грешки. Ако ние не ги признаваме, туку ги криеме за да ја заштитиме сопствената суета, ќе згрешиме. Многу е битно, човек на самиот почеток да признае: ќе правам грешки, но ќе се потрудам тие да бидат помалку на број. За тоа да биде можно, нашите уши не треба да бидат затворени за другите мислења.

*Колку е за Вас како политичарка и како човек важна правичноста? Кое вредносно место ѝ давате Вие?*

Како концепт, за мене правичноста, а сакам да верувам кај голем дел од политичарите, меѓутоа и кај голем дел од граѓаните на Република Македонија, е концепт на којшто сме биле учени како млади. Низ литературата што сме ја читале, филмовите што сме ги гледале, хероите што ни претставувале рол-модели, јас барем сум била учена дека правичноста е модел што секогаш се исплатува. Таа мора да биде основата на која ќе се изградуваме како личност. Таа не е само хуман концепт, туку општествено разумен концепт.

*Би сакал да зборувам за ЕУ и за македонското членство. Дали Вие сметате дека Македонија е веќе зрела за членството во ЕУ или сè уште се потребни чекори за земјата да се доближи до ЕУ?*

Многу искрено и многу директно: Македонија во моментов не е зрела за да стане членка на Унијата. Но, Македонија е подготвена за да стане земја-кандидат за членството. Ќе се обидам да го искористам концептот на правичност за да Ви објаснам зошто така мислам. Постои одредена инклинација кај одреден дел од нас, граѓаните на Република Македонија, да апелираме на европската правичност за да предизвикаме позитивни реакции и одлука за земја-кандидат. Во такви ситуации кажуваме дека Македонија секогаш беше многу лојален и приврзан партнер на ЕУ во сите овие 15 години на нашата независност. Во секоја криза во која интервенираше и помагаше ЕУ, Македонија ја понуди и ја даде својата поддршка. Дозволивме Македонија да биде земја од којашто ќе стартуваат некои од воените и полициските мисии на Унијата. Прифативме бегалци кои доаѓаа од различни држави на нашето соседство итн.

Меѓутоа, не мислам дека тоа е нашиот единствен аргумент и дека тој ќе биде доволен. Праведно е, Европската унија позитивно да реагира на македонската апликација. Потребно е да ги убедиме ЕУ и земјите членки дека е тоа паметно. Македонија направи крупни промени и ги обезбедува најголемиот дел од политичките критериуми за членство. Македонија покажува голема стабилност во економијата, но не и доволна компетитивност и активност. Меѓутоа, тоа беше карактеристика на многу земји кои потоа станаа многу конкурентни и компетитивни. Кога ги читаме мислењеата на Комисијата за земјите кандидатки што влегоа во Унијата во 2004 год., гледаме дека истите критики биле на маса. Меѓутоа, процесот на преговори, процесот на условување предизвикал уште поголеми промени кај нив и тие своето членство го дочекаа многу поподготвени, така што: да за новите услови, да за силна контрола од ЕУ, меѓутоа и да за одлука што политички ќе ја поддржи Македонија.

*Дали сметате дека ЕУ е во криза поради неуспешните референдуми во Франција и во Холандија. И, второто прашање: Мислите ли дека тоа ќе има последици врз Балканот?*

Јасно е дека ЕУ е во фаза на свое преиспитување. Тоа се случува кај различни држави, а претпоставувам дека е природно кај вакви сложени структури каква што е ЕУ. Ако ги погледнеме последните 50 години на европскиот континент, истите можеме да ги карактеризираме како многу мали револуции и една крупна, но тивка. Таа револуција го трансформираше целиот континент, не може таа револуција,бидејќи сè уште трае, да помине без проблеми. Еден од таквите тестови е тестот од оваа година. ЕУ се обидува да најде одговор до каде ќе оди проширувањето, кои ќе бидат основните принципи и вредности на кои ќе почива: ефикасност, моќ или солидарност, или сите три заедно.

Не сите земји членки делат иста историја, ниту традиција, ниту навики. Сите овие дилеми ескалираа или мораа да бидат третирани со процесот на

ратификација на Уставот. Влијанието што го имаат двата реферндуми врз процесот на проширување беше негативно. Успехот на источното проширување беше резултат на моќна и самоуверена Унија. Јасно беше дека Германија и Франција преземаа лидерство, го дефинираа концептот и направија сè за тој да успее.

За таква Унија, Балканот ќе беше ситница од аспект на проширување откако ќе се решеа некои од статусните прашања на Балканот. Македонија има популација од 2 милиона. Утре да стане земја членка на Унијата, никој нема да забележи какви било негативни ефекти од ова одлука. Меѓутоа, одлуката е покрупна: што со Балканот? Тезата дека ЕУ може да биде цела без Балканот нема ниту стратешко, ниту политичко оправдување. Цената на неинтегриран Балкан ќе биде повисока отколку цената за негова интеграција. Затоа за нас одлуките на Унијата, особено за почетокот на преговорите со Хрватска, се добар знак. Се надеваме дека тоа покажува оти процесот продолжува.

**Теута Арифи, заменик претседател на партијата ДУИ и пратеничка**

*Професор на Мултикултурни студии на Универзитет во Тетово, д-р Теура Арифи е истовремено и втор претседател на Демократската унија за интерграција, албанската партија основана во 2002 година во Република Македонија, а во моментот е и пратеник во Собранието. Таа е една од најпознатите политички фигури на македонските Албанци, претседател на собранискиот Комитет за односи и член на делегацијата на македонското Собрание во Европскиот совет. Како научник, но и како политичарка, особено е посветена на темата на албанското малцинство во Македонија, како и на прашањето на рамноправност на половите.*

*Госпоѓо д-р Арифи, Вие сте активни како научник и како политичарка. Политиката може да се дефинира како влијание на поредокот и обликување на општеството врз основа на определени вредности и конкретна слика за човекот. Кои се Вашите вредности и каква е Вашата слика за човекот?*

Моите лични вредности најпрвин се оние што јас ги сметам за важни. Најпрвин тоа е прашањето да се биде искрен, вреден, да се зборува отворено за прашањата, да се биде директен и секогаш да се бориш за еднакви права за сите. Тоа се моите лични вредности за кои сум се залагала и пред да станам политичар.

Мојата претстава за човекот е дека разликата помеѓу човекот и другите живи битија е човековата совест. Главната одлика на човекот е неговата совест и токму ова е за мене најважно.

*Вие сте пратеник на една уште млада партија „Демократска унија за интеграција" која се потпира на албанското население во Македонија. Каков е ставот на Вашата партија во однос на социјалдемократските вредности - а се разбира дека нив ги имаат и другите политички партии, значи, слободата, правичноста и солидарноста?*

Во програмата на мојата партија имаме четири основни вредности: прво, еднаквост, второ, еднакви можности, трето, солидарност и четврто, слобода. Значи, како што можете да видите, во вредностите сме компатибилни со заедничките вредности што Вие ги набројавте.

*Дали верата, религијата, порано беа често од големо значење за создавање на вредности во едно општество, а делумно и денес, иако нивната тежина во западните општества значително опаѓа. Колку е голема улогата на верата и религијата, според Вашето мислење, во денешното македонско општество?*

Секако дека религијата е еден битен дел на секое општество. Како дел од животот на сите луѓе, таа има влијание врз тоа кои вредности ќе се создадат во едно општество, а со тоа и односи меѓу луѓето. Тука солидарноста ми изгледа

како особено важна вредност. Во нашите партиски програми, во градењето на политичките идеи, ние го поддржуваме концептот на секуларни општества и на секуларни држави затоа што инсистираме на секуларност, значи на одвојување на верата од државата. Сметаме дека со секуларни општества ние сме во можност да градиме толерантни општества, што особено се однесува на мултирелигиозните средини, односно во средините каде што има повеќе религии.

*Како што веќе рековме, Вие сте член на една уште млада партија основана дури во 2001. Како влеговте во политиката?*

Едноставно, јас сум универзитетски професор, доаѓам од академскиот живот. Порано сум пишувала политички текстови, но никогаш не сум била член во некое од политичките движења. Во 2001 год., по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и по завршувањето на конфликтот[32], беше јасно дека луѓето кои беа дел од тогашната герила требаше да се вклучат во политичкиот живот. Тоа беше првото. Како второ, во албанскиот политички блок беше многу јасна потребата за формирање на нов политички субјект кој ќе се ангажира за целосна имплементација на Охридскиот договор и неговите вредности. Јас лично сметав дека класата интелектуалци, исто така, треба да биде член во политичките движења и во политичкиот живот, затоа што политиката има потреба од интелектуални вредности и ставови.

*Имате ли личности кои како авторитети или ментори силно влијаеле врз Вашиот политички и академски живот?*

Во академскиот живот секако би го издвоила мојот драг професор и ментор, проф. Ферид Мухиќ. Тој ми беше ментор во текот на мојата академска изградба како филозоф, мислам како магистер и како доктор на науки. Тој е едно од познатите филозофски имиња во регионот, познат по неговите ставови во времето на комунизмот во однос на толеранцијата и меѓуетничкиот живот. Секако дека него би го издвоила како ментор во мојата лична и политичка изградба, но и интелектуална изградба. Секако дека многу политички идеи сум добивала од меѓународни текстови, не можам тука да издвојам идоли. Лично сум го читала и продолжувам да ги читам Хенри Кисинџер, од кого учам многу, и Винстон Черчил.

*Нашите разговори со политичари од овој регион се однесуваат на вредностите што стојат во задницата на политичкото делување.Но за да се вратиме на*

[32] Со потпишување на договорот во Охрид на 13 август 2001, меѓу претставниците на албанското и словенското население и со посредство на ЕУ и ООН се завршува конфликтот од акцијата на екстремистички борци во северниот дел од земјата. Демократската унија за интеграција (ДУИ) е основана кон крајот на мај 2002. Во ноември истата година стапи во коалициска влада со Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ).

*наведените социјалдемократски идеали -Што Ве поврзува со нив? Зошто Вашата партија, колку што знам јас, има социјалдемократска ориентација?*

Јас можам да кажам дека лично сум ориентирана социјалдемократски и инсистирам многу партијата да има таква ориентација, иако во партијата сè уште се дистанцираме од чисто идеолошко ориентирање, зашто луѓето сметаат дека е рано да се ориентираме идеолошки. Но, јас сметам и мислам дека социјалдемократската идеја е една вистинска идеја кон која ние сè повеќе треба да се ориентираме. Јас сметам дека вредностите на социјалдемократијата, значи, социјалните права, аспектот на третирањето на странците и на различностите, третирањето на позицијата на жената се многу прогресивни вредности што ги има социјалдемократијата и ние треба да ги промовираме. Секако дека во нашата политичка партија, која работела и сè уште многу работи во рамките на етничките права, дискусиите за идеолошко ориентирање сè уште ни се чинат тешки, но сметам дека политичката партија во себе секогаш треба да носи една одредена идеологија која е лева, десна или центристичка. Мислам дека сè повеќе доаѓа време кога и во рамките на нашата партија ќе имаме повеќе идеолошки дискусии, отколку само залагање за етничкиот момент и меѓуетничките прашања.

*Од апсект на интеретничките односи и правата на етничките групи, без сомнение наведовте централно прашање на политичкиот развој на Македонија во последните години. За што се дискутира во Вашата партија во овј поглед? Како го замислувате соживотот помеѓу етничките заедници?*

Секако дека за нас беше голем предизвик во овој политички мандат да воспоставиме и да изградиме законска рамка која произлегуваше од Охридскиот рамковен договор, кој апсолутно ги регулира етничките односи и етничките права во Македонија. Главна дискусија во целиот овој период за нас беа следниве прашања: на пример, прашањето за високо образование на албански јазик, поврзано со Тетовскиот универзитет, прашањето на децентрализацијата, што е политичко прашање, но имаше и некоја етничка димензија, прашањето на користењето на јазикот, на албанскиот јазик во пасошите и во другите документи, прашањето на користењето на знамето, на етничките знамиња, што исто така е едно од етничките права. Значи, склопот на сите овие работи беше висок приоритет во текот на целиот овој политички мандат. Мислам дека ова ќе се смени во иднина, зашто овие прашања ние полека ги затворивме, направивме позитивни закони во однос на тоа.

А сега второто прашање, како го замислуваме соживотот. Секако дека ние се залагаме за соживот, за интегрирана Македонија, за Македонија во која се интегрирани сите етнички заедници, но исто така се залагаме за еднаквост на правата и за еднакви можности, значи за принципот на недискриминација, што фактички дава можност за градење на едно интегрирано општество.

*Дали во Вашата партија при спроведување на тие права се гледате себеси исклучиво и, пред сѐ, како застапник на интересите на сопственото малцинство, односно етничка заедница, или пак, се разбирате себеси како првоборец за правата на сите етнички заедници што живеат во Македонија?*

Сметам дека ние залагајќи се за нашите права се залагаме и за правата на другите. Зошто е тоа така? Во нашата политичка програма стои дека ние градиме партнерство и со другите етнички заедници во Македонија, затоа што сметаме дека Охридскиот рамковен договор дава можности за еднакви шанси на сите етнички заедници. Ќе ви наведам еден пример за тоа: кога се залагаме за еднаква и правична застапеност на етничките заедници во јавниот сектор како во полицијата, тоа оди пропорционално со процентот на сите етнички заедници. Значи, 25% за Албанците и за другите етнички заедници соодветно на нивното процентуално учество во вкупното население.

Затоа, кога се залагате за своите права, апсолутно не можете да се залагате само за свои, туку тоа се вредности кои ги споделувате и со другите. Нашиот пристап е дека тие вредности и тие права важат за сите. Ние исто така поддржавме, иако не беше предвидено со Охридскиот рамковен договор, личните податоци во пасошот, на втората страница на пасошот, секоја етничка заедница да си ги пишува на својот мајчин јазик. Но само ако тоа лицето го сака.

*Можеби некои луѓе имаат дилем, бидејќи преку тоа веднаш се гледа нивната етничка припадност. Тоа е како жиг: Ти припаѓааш на оваа или на онаа етничка група.*

Можеби. Јас мислам дека луѓето треба да ја имаат таа можност, да имаат шанса да ги пишуваат работите на нивниот јазик. Нивно право е дали тоа сакаат да го користат. Понатаму, дека на првата страница од пасошот може да се пишува и на албански јазик, тука мислењата се разидуваат. Некои се плашат дека тоа ќе може да води кон дискриминација. На тоа јас би одговорила дека припадноста е како крст што треба да го носите, а тој некогаш може да биде тежок. Но со тоа исто така можете цело време да импонирате и да градите толерантни вредности во општеството. Тие што гледаат, по две години ќе се навикнат дека има луѓе со различни пасоши и еден друг јазик во пасошот. Тоа не е ништо страшно и не е крај на светот.

*Откако зборувавме за некои принципиелни внтрешномакедонски прашања, би сакал да зборуваме за Европската унија. Дали сметате дека Вашата земја е зрела за членство во ЕУ?*

Мојата земја сигурно не е зрела за во 2006 год. да стане полноправен член на ЕУ. Но, е зрела на почетокот на 2006 год. да стане земја-кандидат на Европската унија.

*Што сѐ поврзувате со кандидатскиот статус? Зошто е тој толку важен за Вас?*

Важно е што во тој случај ќе имаме посилно темпо во реформите, побрзо ќе одиме. Ќе имаме повеќе партнерства, тие ќе бидат посилни. Како земја-кандидат ќе ни се отворат фондови за поддршка на внатрешните реформи. Со тоа би им се дал еден силен сигнал на нашите граѓани, кои поминаа, можам да кажам, еден тежок период на исчекување, на постконфликтно враќање на стабилноста на државата. Без разлика колку потешки години работа имаме пред нас, крајот или крајниот резултат ќе биде јасен, а тоа е членството во ЕУ и тоа од веќе наведените причини. Мислам дека тоа е многу битно, но и за една подобра рефлексија кон регионот. А и ние би рефлектирале кон околината дека сме го изоделе вистинскиот пат и дека вреди да се залагате за стабилност, вреди да се залагате за градење на мирот, дека вреди да се залагате за мултиетничко општество, вреди да се залагате за реализација на Охридската рамковна спогодба, како јасен пат на Македонија кон ЕУ.

*Политичките набљудувачи ја карактеризираат Македонија како мошне фрагилна држава. Дали и Вие, исто така, сметате дека моменталната состојба уште е кревка? Дали можеби постои опасност од повторно разгорување на етничките тензии?*

Јас не би рекла дека сме толку фрагилни, затоа што мислам дека ние успеавме да ги поминеме потешките моменти што ги имавме. Но, ако добиеме негативни одговори, значи, ако не гледаме дека оди напред процесот на прифаќање на нашите интереси за членство во НАТО и ЕУ, се плашам дека ни се испраќа погрешен сигнал. Тоа е сигналот дека залудно сме се залагале за функционирање на мултиетницизмот.

*Во Германија, политичката класа смета дека многу проблеми на Балканот, пред сè, можат конечно да се решат со негова среднорочна ЕУ-интеграција. Дали го делите ова мислење, во основа мошне оптимистички очекувања?*

Да, и јас мислам така, затоа што е многу битно на Балканот да му се даде европска перспектива. Европската перспектива е одговорот на сите етнички проблеми, на лошите политички проекти кои се базирале на етнички и територијални решенија на етничките прашања. Затоа европската перспектива е едниствената перспектива за земјите на Балканот. Само што тоа е работа што треба и ние да ја работиме тука, да ги завршиме нашите задачи, нашите работи. Од друга страна, реално е и од нас да очекуваме еден правилен, позитивен одговор од страна на институциите од Брисел. Една причина е затоа што, на крајот на краиштата, Македонија и регионот, но сакам да зборувам за Македонија, постохридска Македонија е место каде што меѓународната заедница инвестирала многу во градењето на мирот и на нашето ново општество. Таа инвестирала пари, испратила војници, инвестирала во разоружување и во градење на нови вредности. Сите тие работи се фактички директни инвестиции кои доаѓаат од меѓународната заедница, особено од Европската унија. Затоа е реално да очекуваме таа да ги чува своите инвестиции.

*Значи, дали присуството не само на војниците и на ЕУ-полицајците туку и на организациите што работат во областа на невладиниот сектор влијаело врз промените што во земјава се случуваат поради притисокот или поддршката на ЕУ? Какво влијание имаше Меѓународната заедница врз промените на македонското општество во последниве 15 години? Дали се сменил и вредносниот систем?*

Мислам дека присуството на меѓународната заедница е една од најдобрите работи што ѝ се случија на Македонија. Ние имаме тип на меѓународно присуство од самата независност, но сметам дека *интервенционизмот* на меѓународната заедница, како би рекол Вудров Вилсон, беше многу битен токму во Македонија, затоа што директно нѐ спаси од граѓанска војна. Фактот што меѓународната заедница во нашиот конфликт интервенираше колку што можеше побрзо, во компарација со другите конфликти во регионот, потоа нѐ направи фактички покадарни да си го стабилизираме општеството потоа. Затоа, сметам дека улогата на меѓународната заедница е многу позитивна. Никогаш присуството на меѓународната заедница јас не сум го чувствувала како некој вид на притисок. Напротив, како еден вид на желба да ни се помогне што побрзо да станеме дел од клубот на земјите што ги споделуваат тие вредности, а тие вредности се демократијата, човековите права, истите права во различностите и развојот на толеранцијата. Нормално е дека ние треба да ги имаме тие вредности вклучени во нашиот политички и глобален систем за да станеме дел од тој клуб и мислам дека станува сѐ појасно за сите.

*Дали тоа го прифаќа и општеството, обичниот граѓанин? Дали во последниве 15 години поради тоа влијание се сменил и начинот на размислување на граѓаните?*

Погледнете ги, на пример, испитувањата на јавното мислење. Ќе видите дека над 80% од граѓаните се изјаснуваат за членство во Европската унија. Значи, тие сакаат да бидат дел од тие вредности поради политички, но и поради економски причини, тоа треба да се знае. Но има една многу позитивна промена што се однесува до согласноста на членување во НАТО. Веднаш после конфликот, процентот на луѓе кои гласаа позитивно за членство во НАТО беше многу висок, над 80% кај албанското население, а многу низок кај етничкото македонско население. Тоа се должеше на различниот начин на разбирање на конфликтот и на меѓународната интервенција. Сметам дека во последната анализа на јавноста што е направена, над 70% од двете заедници се за членство на Македонија во НАТО. Нас ни требаше подолго време за прифаќање на тие вредности. Граѓаните се позитивни кон меѓународната заедница, но секако дека тие не се сретнуваа со нејзините претставници на секојдневна основа, како што се сретнуваме ние. Но тие секако ги чувствуваа позитивните влијанија на бројните меѓународни проекти. Секако дека нив може да ги почувствуваат и во иднина кога ќе има повеќе меѓународни и странски инвестиции.

*Госпоѓо Арифи, Вие стапивте во политичкиот живот во време кога македонското општество, поради конфликтите, не беше едноставно подрачје. Што според*

*вашето мислење е добар политичар? Кои карактерситики треба да ги има тој или таа?*

Ова е веќе филозофско прашање и бара размислување. Најпрвин добар политичар е некој што сериозно ја сфаќа својата професија и не ја сфаќа како краткорочна лична промоција или излегување од длабоката анонимност во големата јавност. Добар политичар е некој што политиката ја сфаќа како уметност на можното и се обидува и работи максимално со демократски инструменти да ги реализира можните нешта, за своите гласачи и за граѓаните на својата земја. Добар политичар е некој кој се залага за правата на сите и за правата на оние што се различни од него. Тој во својот мандат се обидува да направи работи што другите пред него не ги правеле. Тој треба да биде малку пореволуционерен, без оглед што тоа не е многу комотна работа во неговата партија, но за тоа вреди да се биде политичар. Добар политичар е тој што знае да ги убеди другите дека неговата политика е најдобра и најпрактична. Тој директно стои контра политичкиот опонент, силен е и убедлив со аргументи, но, исто така, во рамките на својата партија, се држи силно до критицизмот и критичкиот однос кон работата на своите. И, на крајот, добар политичар е тој што знае да направи компромиси за да се постигне квалитетно најдоброто решение. Но тој не смее никогаш да направи компромис со себе и со своите човечки вредности.

**Мирјана Борота-Поповска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"**

*Д-р Мирјана Борота-Поповска е раководител на Центарот за развој на човечкиите ресурси при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј", Скопје. Покрај организирањето и учествувањето на многубројните истражувачки проекти и други високошколски активности, таа изведува и тренинг-програми за менаџмент на подрачјето на слободното стопанство, јавната управа и невладините организации. Разговорот се одржа на 12 октомври 2005. во Скопје*

*Госпоѓо д-р Борота-Поповска, Вие сте раководител на Центарот за развој на менаџментот и човечките ресурси. Дали можете да ни опишете што се тежиштата на Вашето истражување?*

Во Институтот се занимавам со истражување на менаџерската практика и на вредностите што се поврзани со неа. Последното истражување беше правено на репрезентативен примерок за ставовите на вработените за нивната работа. На пример, истражено е каков е дизајнот на работните места и на системот. Споредливи резултати се: моќта и влијанието, работните вредности, работните остварувања, жените како вработени и менаџери и организациската комуникација.

Најновото истражување се однесува на ставовите на граѓаните за децентрализацијата, како многу актуелен и многу значаен процес. Конкретно е истражено што мислат граѓаните за процесот на децентрализација и дали воопшто ќе им се подобрат услугите од општината. Всушност, процесот на децентрализација официјално започна сега, од 1 јули 2005 год, со преносот на згради, имоти и сл. Законот за децентрализација е донесен уште во 2001 год. Меѓутоа, Законот за финансирање на локалната самоуправа е донесен подоцна. Затоа, една серија на прашања се однесува на тоа што мислат граѓаните, дали досега имало некои помали промени за нив, некои подобрувања на услугите, некое приближување на власта кон нив и дали имаат позитивни размислувања за тоа. Резултатите покажаа дека не постои разлика во поглед на оценката на поодделни надлежности. Граѓаните за сите нив имаат исто мислење, односно дека треба многу да се подобрат.

*Во тој контекст сакам да Ви поставам едно прашање: Во каква релација се резултатите на истражувањето со ставот во општеството бидејќи и натаму се очекуваат многу услуги од државата? Значи, мошне пасивен став во општеството, коешто, пред сè, очекува услуги од државата, а самото не е активно, и според истражувањето очекува многу повеќе услуги. Дали тоа значи дека се очекуваат најмалку онолку услуги од државата како во комунизмот пред 15 години или денеска владее друг став?*

Ние немавме став, што се однесува само на правото на јавните услуги. Мислам дека граѓаните се свесни за тоа што значи локална самоуправа. Тоа можам да го

потврдам со понатамошната серија на прашања која беше поставена при што се прашуваше дали граѓаните се подготвени да учествуваат во донесувањето одлуки и имплементирање на одредени одлуки. Интересно беше што прашањето намерно беше поставено на волонтерска основа, се разбира, како работа без каков било надомест. Значи ниту за трошоци - така беше поставено прашањето. Интересен беше податокот што голем дел граѓани, дури 40% на генералната дистрибуција, се подготвени да учествуваат на волонтерска основа. Потоа се обидовме да ги вкрстиме одговорите, за да видиме која структура на граѓани е подготвена да учествува во тие процеси. Кај нас имаше едно интересно поместување на тезите во врска со некои активности што ги започнале некои наши градоначалници. Тие партиципацијата на граѓаните повеќе ја разбираа како можност за добивање политички поени, односно краткорочно решавање на некои социјални проблеми. Порано, социјално загрозените граѓани беа активирани да чистат или спроведуваат некои активности низ градот, за што им беше платено. Меѓутоа, основната идеја е ако општината сака да ја зголеми партиципацијата на граѓаните, ќе треба да го активира интелектуалниот капитал.

Поради тоа, нашите резултати беа особено интересни кај оние луѓе што го поседуваат интелектуалниот капитал, а тоа се невработените со високо образование, студентите, вработените во јавните претпријатија и други вработени со високо образование во бизнис-секторот. Резултатот беше дека сите тие се подготвени да учествуваат во работата на локалната самоуправа. Невработените и студентите во голема мера рекоа дека би издвоиле од своето време колку што е потребно, но сега го немам конкретниот податок. Исто така, вработените во јавниот сектор и оние во бизнис-секторот се подготвени да учествуваат  и да издвојат до една недела од своето слободно време.

Можеби овие податоци одат во прилог на тоа дека свеста на граѓаните е подигната и тие не очекуваат сѐ да се реши од некого, туку се подготвени и имаат волја да партиципираат. Од друга страна, мислам дека е помала подготвеноста на институциите или знаењето на институциите да ги активираат оние што се од другата страна. Ние, исто така, ги прашавме граѓаните колку се информирани за преносот на надлежностите. Интересно е дека освен од телевизијата и дел од весниците, граѓаните најмалку биле информирани од страна на локалната самоуправа или од Министерството за локална самоуправа

*Тоа се интересни резултати. Дали тоа значи дека во последните 15 години на транзицијата населението во Македонија и самото помина преку процесот на транзиција на ниво на вредностте и ставовите и сега е подготвено да преземе повеќе одговорност отколку што тоа беше вообичаено во комунизмот? Дали тоа значи дека граѓаните во една нова Македонија на демократиј, се вклучуваат во активностите на цивилното општество?*

Мислам, да. Тоа е случај во оваа ситуација. Меѓутоа, тоа  учество и таа партиципација треба да бидат предмет на една добро координирана и осмислена акција. Повторно ќе го посочам истражувањето. На пример, јас очекував дека

невладиниот сектор ќе биде тој што добро ќе информира за овие процеси, бидејќи имаме многу невладини организации што се формирани во овој период. Напротив, невладините организации најмалку се информирани. Мислам дека невладиниот сектор своите активности повеќе ги насочува кон донаторите, отколку кон спроведувањето на вистинската активност.

*Тоа ми изгледа како тесно приврзување на невладините организации кон стопанството, вистинска НВО-индустрија?*

Точно. Од една страна, тоа може да е нешто што подлежи на критика, а од друга страна, одредени НВО групи немаат постојани извори, ниту пак контакт со владините институции од кои би преземале одредени активности или би вршеле мониторинг на одредени активности. Значи, тоа може да е причина за однесувањето на некои НВО. Затоа, такво однесување може и да се оправда и да се најде причина за него. Меѓутоа, јас мислам дека тој сектор не е издиференциран како што треба. Најверојатно, за сѐ треба време и практика.

*Зборуваме за вредностите и ставовите на граѓаните на Македонија и тука можеме да констатираме позитивни нешта. Дали, според вашето мислење, постојат разлики кај различните етнички заедници во Македонија во однос на ова подрачје?*

Веројатно дека тука има големи разлики. Основните вредности што си ги негуваат како две групи во Македонија, односно Македонците и Албанците, според религиозните определби и внатрешните вредности на нивниот етникум секако се разликуваат. Меѓутоа, во истражувањата што јас ги правев, ја имав предвид етничката припадност. Нашите прашања беа насочени кон желбите на граѓаните за подобрување на нивната иднина, за промените, учеството во самата работа на локалната самоуправа. Таму немаше никаква разлика од етнички аспект, туку решавачко беше дали испитаникот е студент, работник, вработен во приватен или во јавен сектор. Мене многу ме изненади што домаќинките во Македонија немаат желба да партиципираат. Најмал процент за желба за партиципација во работењето на општината, дури понизок и од пензионерите. Но, меѓу етничките групи немаше никаква разлика.

*Понапред зборувавте за различните принципиелни ставови и основни вредности на етничките Албанци и Македонци. Ако овие разлики не лежат во ставовите во однос на ангажманот во комуната, тогаш каде можат да се најдат и дали воопшто ги има?*

Би Ве упатила на некои истражувања што се правени во овој период во Македонија. Во врска со односот кон политичките партии, ние овде во Институтот имавме ставови на Албанците и на Македонците за политичките партии или воопшто за политиката или, пак, политичката култура. Последната

студија, издадена од Сорос, е правена како есеистички пристап, мислам, на тема мултикултурализмот во Македонија.

Би се вратила на претходното прашање во врска со тоа дали граѓаните очекуваат да дејствуваат само институциите. Нашите резултати од истражувањето изгледа укажуваат на тоа дека тоа не е повеќе случај. Ова може да се поврзе со едно друго истражување. Тоа покажа дека, всушност, институциите треба малку повеќе да дејствуваат и оти во нив можеби владее еден застарен систем на управување. Тука се мисли и на стопански препријатија, бидејќи во својата организација тие во оваа ситуација не се разликуваат од некоја јавна служба на некое министерство или на локалната самоуправа. Структурата и внатрешна градба на претпријатието не одговара на барањата на работа и на надворешната ситуација во модерниот свет. А работниците во претпријатијата повисоко ја ценат вредноста на нивниот труд и нивните услуги отколку во другите земји - од различни, делумно од психолошки причини, од преоптовареност или од стравот од сопствената заменливост. Сето тоа придонесува за тромавост на нашите институции, како во јавната управа, исто така и во стопанството. Мошне е тешко да се воведат иновациите од аспект на менаџментот.

*Ако се анализираат бројките од Кореја, Јапонија и САД и разликата помеѓу еден месец и три месеци, тоа оди во прилог на тврдењето дека луѓето на ментално ниво немаат способности или волја за конкурентност.*

И тоа е можно. Но сето тоа мора да се постави институционално. Можеби луѓето имаат желба да направат нешто, но секогаш е потребна институционалната поддршка. Во бивша Југославија имаше една интересна практика на развивање на оддели за менаџмент на човековите ресурси, коишто беа чисто административни места за регистрирање на одмори, боледувања и сл. Но имаше и едно друго движење, особено во Словенија и Хрватска, а нашите стручњаци беа запознаени со тоа. Тука имаше обиди практиките од САД конкретно да се внесат во одделот за менаџмент на човековите ресурси.

За жал, во овие 15 години ние сме сведоци само на таа друга екстремна практика, односно оддели што само ги регистрираат вработените. Моментот на позитивната практика е некако загубен. Мислам, какви било стратешки промени да сакаме да внесеме, било на ниво на држава, во локалната самоуправа или во деловниот живот, менаџментот на човекови ресурси може да помогне. Едно ниво на промена е индивидуалното ниво, второто е организациското ниво. Во оваа ситуација мислам дека повеќе ни недостасува организациското ниво, односно институционалната подлога.

*Ќе се осмелам да наведам една теза. Ми се чини дека политичката транзиција се случи мошне брзо, а менталната е далеку зад неа. Дали се согласувате со оваа теза?*

Јас повторно ќе кажам: секоја транзиција, секоја нова вредност мора да се институционализира, и тоа или како правна норма или како морална норма. Некако имаме деклинација во двете ситуации и оваа фаза е период на барање.

*Дали покрај правната или моралната насока можеби недостигаат и спроведувањето и имплементацијата? Дали се доволни само правни и морални норми, без да се имплементираат?*

Токму така. Правната имплементација не значи само норма, туку и спроведување на таа норма. Ако таа се почитува, во ред е. Ако не се почитува, тогаш треба да се оди на суд за да се изнуди придржување кон истата.

*Мислев на тоа дека е уште полошо. Значи, постои норма, а државата не е во состојба да се погрижи на нејзина имплементација. Зарем со тоа не е запечатено брзото пропаѓање на вредностите и на моралот, отколку кога нормата воопшто не би постоела?*

Да. Интересено прашање. Можеби е точно. Меѓутоа од друга страна, државата не е само тоа што е горе, туку и тоа што е долу. Конкретно мислам дека во нашата ситуација станува збор за луѓе кои тешко се организираат или самоорганизираат. На пример, во бизнис-секторот ние сѐ уште немаме еснафи со свои вредности, со свои организации, што почитуваат сопствени вредности и му даваат лелигитимитет на своето членство. Тие понатаму како организација би имале легитимитет да исклучат некого од своето членство, затоа што не ги почитува нормите. Можеби одговорот на вашето прашање е „да". Може да доведе до брзо рушење и опаѓање на вредностите, но може да доведе и до реструктурирање и поттик за создавање на здруженија на интересни групи кои ќе почнат да ги почитуваат тие вредности. Јас се надевам дека ова се позитивните страни што може да се изродат од такво нешто. Негативните ни се познати на сите.

*Но можеби имаше врска со корупцијата која очигледно претставува проблем во Вашето општество. Дали гледате можност за намалување на корупцијата во догледно време и како би требало да се постапува во таа насока?*

Да. Од една страна како граѓанин, а од друга, како човек кој обработува елементи како да се подобрат перформансите на една организација. Практиките покажуваат дека во бизнис-организациите во кои имало коруптивни елементи има практики за нивно лесно спречување. Јас сум исто така и сведок како државите успешно се справуваат со корупцијата. Корупцијата секако е проблем и доколку не се намалува, таа може да стане уште поголем проблем и да води кон разградување на општеството. Тоа е факт, но и елемент на кој оваа држава мора многу сериозно да работи. Јас познавам примери за тоа како најобичното крадење од вработените може да се намали во бизнис-организацијата. Конкретно, се вели дека е многу потешко да се украде алатка од организацијата ако на неа стои името на соработникот кој одговара за него. Тогаш кон алатката

се има однос како кон личност што ја познаваме и при крадењето ќе се конфронтираме со неа. Претрпијатието е нешто апстрактно и нешто далечно, па тогаш и односот кон него е анонимен. Значи потребно е да се воспостави однос кон алатката како кон личност, а не како кон нешто непознато.

Затоа, истото треба да важи и за државата, бидејќи таа има судови, полиција и затвори. Државата мора да се бори против корупцијата. Има решенија и многу позитивни практики, но треба да има волја и кај тие што моментно се на власт да ги спроведуваат и да кратат од привилегиите што ги имаат.

Ако добиеме позитивни сигнали од Европската унија, мислам дека ќе се зголеми и волјата да се направи нешто. Се гледаат и конкретни постапки на луѓето од власта да направат нешто. Мислам дека понекогаш е поважно формалното, а не суштинското. На сите ни е јасно дека некои држави, па дури и Бугарија и Романија, само формално прифаќаат некои процедури и правила од ЕУ. Но тоа формално прифаќање е чекор напред кон суштинското прифаќање на некои работи. Подобро е да се има каква било практика или правило отколку ништо. Можам да кажам дека во ситуации кога ќе се постави авторитетот на ЕУ и тврдењето дека ЕУ тоа го бара од нас, луѓето повеќе ќе се сложат да го направат тоа. Авторитетот на ЕУ кај нас е голем. Од друга страна, тоа може да се искористи и да биде позитивна практика.. Полесно нешто може да се направи ако се вели дека ЕУ тоа го бара од нас, отколку кога само би се рекло дека тоа е добро за Македонија. И ако овие норми првин според нивната форма се институционални - ЕУ веќе има средства и патишта од овие форми да направи содржина и супстанца.

## Сашо Орданоски, новинар

*Сашо Ордановски го раководи Центарот з стратешко истражување и документација на списанието Форум. Тој студирал новинарство и како главен уредник на Форум е еден од најпознатите македонски новинари. Неговите политички анализи за случувањата во Македонија и поранешната Југославија ѝ станаа познати на меѓународната публика. Исто така, тој работеше како раководител во македонската телевизија и за Светската банка и беше советник на различни меѓународни организации. Ордановски е основач на Transparensy inernational во Македонија и член на различни регионални и меѓународни комисии на професионални и невладини организации што се посветени на медиумите, демократијата, безбедноста и регионалната кооперација.*

*Господин Ордановски, Македонија е земја чија независност трае едвај 14 години. Процесот на државната автономија е релативно млад. Истовремено, конфликтите меѓу етничките групи во Македонија во последните години предизвикаа внимание во Европа. Можете ли да ни го кажете, од оваа перспектива, кои вредности се во основата на македонскиот Устав?*

Уставот на Република Македонија е еден од најмодерните во Европа од проста причина што е донесен пред 10 години и, потоа, неколкупати амандмандиран. Правен е со учество на најголеми експерти од странство, а потоа е оценуван од една комисија на претседатели на уставни совети на Европа, предводени од францускиот претседател на уставниот суд, г-динот Бадинтер. Според тогашната оценка, на почетокот на 90-тите години, само две земји коишто ја наследија бивша Југославија, според уставите, заслужуваа да станат независни држави: тоа се Словенија и Македонија.

Уставот ја рефлектира македонската реалност и ја дефинира државата како суверена унитарна држава на граѓани коишто живеат во едно мултиетничко и мултикултурно општество. Во уставот се заштитени сите малцински, човекови и други права кои им припаѓаат на граѓаните во модерните европски држави. А според заштитата на малцинските права, тој има повисоки стандарди од повеќе од 90% од европските устави, вклучувајќи ја и Германија. Развиени се уставни механизми со кои се гарантираат правата на малцинствата без одреден, многу специфичен начин на гласање да не можат да се променат принципиелните основи врз кои почива државата.

Потоа, Македонија се дефинира како социјална држава, држава во којашто е загарантирано правото на работа. Држава во којашто е гарантираното правото на чист и еколошки живот. И уште десетина други права коишто припаѓаат на корпусот на модерните европски и светски достигања, како што се правата на демократија, на демократски избор, правото секој да може да се кандидира за извршување на функција, правото на заштита од тортури, заштита од политички и други притисоци итн.

*Уставот и уставната реалност не секогаш се идентични. Дали можете да ги прецизирате тие вредносни содржини во Уставот и да ги споредите со вредностите од пред 40-50 години. Значи, каков е развојот на вредностите, какви биле порано, а какви се сега?*

Секако, секогаш се поставува прашањето што се случува во практиката со правата препорачани во Уставот, дефинирани на така високо ниво. Како ќе ги примениме? Македонија во последните 10 до 15 години се стекна со некои искуства бидејќи повеќепати се интервенираше во Уставот, а се променија и негови важни членови за да се овозможи нормален живот во општеството. Мислам дека Македонија денес врз база на нејзиниот Устав е единствена функционирачка мултиетничка демократија на Балкан.

За да се вратам на Вашата молба за прецизирање на вредностите - не сум експерт по Уставно право и не можам истите да ги набројам. Но тие можат да се прочитат во Уставот. Но, сепак, постојат две битни промени што се однесуваат на уставноправната дефиниција на Македонија, еднаш во поглед на времето пред деведесеттите години на 20 век, а еднаш по деведесеттите години. Првин, на почетокот на деведесеттите го променивме политичкиот и стопанскиот систем; од комунистичко стана демократско и пазарностопанско општество. Оваа промена се одрази и во Уставот. Подоцна, во актуелниот Устав го нагласивме мултиетничкиот карактер на државата. Спротивно на претходното уставно уредување во кое покрај другите малцинства македонскиот народ беше дефиниран како државотворен народ, денес тоа се граѓаните на Македонија.

*Најважните вредности, онака како што ги разбираат германската социјалдемократија и многу други граѓани во обликувањето на едно општество се: слободата, правичноста и солидарноста. Дали во доволна мера тие се разбираат така и во Македонија и како кај вас поблиску се дефинираат слободата, правичноста и солидарноста?*

Јас не можам да Ви ја кажам точно уставноправната дефиниција, би морал да го прочитам Уставот. Меѓутоа, тоа се три важни елементи во Уставот и како вредности на новото општество, кои додуша постоеја и во претходниот Устав на Македонија, но денеска се тие и реалност, би рекол, особено во своите политички елементи. Значи, политичката слобода е она што денеска во демократијата е нешто што е и уставноправно загарантирано.

*Вие Македонија ја опишавте како мултиетничка и мултикултурна држава. Дали верата во денешниот општествен развој на Македонија игра важна улога?*

Не. Верата е област којашто е загарантирана, која спаѓа во граѓанските права и слободи. Значи правото да се верува и да се практикува сопствената вера на најслободен начин. Меѓутоа, во политичка, па и во општествена смисла, верата не игра клучна улога. Таа е важна за приватниот и семејниот живот на луѓето,

Меѓутоа, таа во општествените димензии нема активитет и, би рекол, енергија за да може да ги менува општествените правци на делување.

*Кога ќе помислите на политичарите во Вашата, според нејзината политичка самостојност, уште млада земја, дали би кажале дека човек може да има доверба во политичарите? Дали тие следат определени доблести, онака како што ги познаваме ние? Дали се особено одмерени, особено умни? Дали критериумите кои се поставуваат до политичарте се исполнуваат во Македонија?*

Тие исполнуваат важни критериуми што ги имаат политичарите во Европа и во светот, а истовремено не исполнуваат важни критериуми што исто така се неопходни. Се работи на една генерација на политичари кои севкупно ја живеат истата, 15-годишна историја на една тешка транзиција на државата. Една транзиција која беше компликувана бидејќи не се работеше само за идеолошка транзиција, туку се работеше на создавање и етаблирање на суверена држава, и, во македонскиот случај, и за етаблирање на суверенитетот на македонската нација во извесна смисла, како самостојна држава од претходниот конститутивен елемент на југословенската држава. Тоа е тежок, компликуван процес, во кој имаше многу подеми и падови, многу успеси и порази. Во таква една кондензирана форма на политика, политичарите многу побрзо се трошат во својот кредибилитет, легитимитет, а ако сакате и интегритет, отколку во една нормална функционална држава, како што е, на пример, Германија. Се работи за историски процес. Сето тоа се одвива во ситуација кога и институциите ја немаат функционалноста, како што се во една држава со долга традиција. Тоа значи дека политичарите треба да ги надополнуваат нефункционалните институции или не докрај функционалните институции. И, конечно, сето тоа се одвива во ситуација кога и нивните партии, политички партии, исто така се во фаза на основање, градење, стабилизирање, ако сакате и консолидирање. Тоа ги троши политичарите.

*Дали може да се каже дека многу политичари сѐ уште не се доволно морално цврсти?*

Не помалку отколку политичарите во Германија.

*Значи ли тоа дека тие постигнале определена политичка култура која може да се спореди со политичката култура во Централна Европа?*

Во секој случај. Тие ја користат секоја шанса која можат за да се однесуваат што поавтократски, ако им е тоа дозволено. Тие не пропуштаат шанса да одработат за својата партија, пред сѐ, а не за државата, ако им е тоа дозволено. Некои од нив се корумпирани, токму како и германските политичари, само што сумите кои овде се корумпираат се помали отколку во Германија. Решавачко е што се работи за функционирањето на целото општество кое постојано мора да ги контролира и ограничува фантазиите на политичарите, за тие да не ги поминат

границите на пристојноста и на моралот. Ова, се разбира, Ви го кажувам со извесна иронија. Јас сум еден од основачите на Transparensy international во Македонија, светската организација која се бори против корупцијата. Можам да Ви кажам сосема сериозно дека во Македонија денеска е многу потешко да се биде корумпиран политичар, отколку пред 10 години. Нивоата на контролата, јавната свест, медиумите како watchdogs, самите процедури и инстутуционална поставеност оневозможуваат така лесно злоупотребување на средства и права како што беше пред десетина или петнаесет години. Има само една клучна разлика од политичарите во Германија. Во Германија, кога ќе ги фатат, тие одат во затвор. Овдека сè уште не сме стигнале до тоа ниво кога ќе ги фатиме да завршат во затвор, ама одиме натаму.

*Ако добро Ве интерпретирам, тогаш може да се рече дека луѓето тука имаат сè повеќе доверба во развојот и во политичката класа. Ме интересира визијата што ја имате Вие во однос на Македонија. Каква улога Македонија треба да игра на Балканот, земајќи го предвид и членството во Европската унија.*

Како прво, граѓаните немаат висока доверба во политичката класа. Но ако ги анализирате нивните одговори на тие прашања (јас работам како експерт на УНДП токму на довербата во политичките институции во Македонија), ќе видите дека суштината на граѓанското незадоволство, пред сè, е во економската и во социјална сфера. Значи, суштината на односот на граѓаните кон политичкиот легитимитет и доверба во политичарите, пред сè, е во економско-социјална сфера. Кога таа би била подобра, би била повисока и довербата.

Што се однесува на улогата на Македонија на Балканот, таа навистина може да се дефинира како регионално копче на световите, *катена мунди*. Таа е на крстосница на два важни и прастари патишта на Балканот, тоа се via militaria и via ignatia, значи север-југ и исток-запад.

Македонија, исто така, е една од оние земји во кои нивото на проблемите, доколку надминат одредена мерка, ја прават земјата експлозивна, а не имплодивна. Значи Македонија може реално да експлодира, а не да имплодира. Босна, на пример, може да биде во граѓанска војна десет години и да не се прошири конфликтот на ниедна од соседните земји. Тоа во Македонија не е возможно. Овдека тој тип на тектонски судири секогаш ги вклучува и соседите. Заради тоа, стабилноста на Македонија е гаранција за стабилноста на Балканот.

Се разбира, Македонија не е единствената земја во регионот која ја има таа карактеристика. Има и неколку други земји, како што е на пример Србија, која е исто така многу важна земја и чија стабилност и просперитет придонесуваат за стабилност на целиот регион. Бидејќи е мала земја, а според дефиницијата на Хегел малите земји ја црпат својата стабилност од своите соседи, така и врз стабилноста на Македонија влијаат нејзините соседи. Има одреден број фактори кои Македонија не секогаш може да ги контролира, ако соседите сакаат да ја дестабилизираат. Тоа е потврдено во нашето минато, дури и заклучно со 2001

година, кога конфликтот во Македонија беше многу помогнат[33], инспириран и поддржуван од соседството. Затоа стабилноста во Македонија, и не само стабилноста, туку функционалноста на мултиетничкиот модел се многу важни за целиот регион. Парадоксално, функционалноста на овој мултиетнички модел загрозува некои од соседните земји на Македонија, што во своите конституции се дефинирани како една нација една држава. Целиот Балкан е мултиетнички, но овдека сè уште има држави, на пример Грција, кои не признаваат други етнички малцинства. Поради тоа, секој развој на мултиетнички демократии го загрозува темелот на нивната конституционална поставеност бидејќи ги поттикнува нивните малцинства да се борат за своите културни и политички права.

*Европа и Европската унија, меѓу другото, служат како модели за мирно разрешување на конфликти. Каква е состојбата во Македонија? Дали државата во меѓувреме зајакнала, што може да се смета во тоа конфликтите во иднина да се разрешуваат по мирен пат?*

Македонија и досега покажа, и тоа пред големи предизвици, дека има волја конфликтите да ги решава по мирен пат. На законско ниво и на уставно ниво постојат сите гаранции за обезбедување на еден процес во кој конфликтите ќе се дигестираат и ќе се решаваат по мирен пат. Мислам дека и сите релевантни политички фактори во државата ѝ се апсолутно предадени на таа идеја. Значи, овдека нема да најдете никој кој ќе бара насилно разрешување на политички конфликти и недоразбирања од каква било природа. Како резултат на тоа, Македонија остана поштедена од големи разрушувања и од големи внатрешни превирања коишто во други држави на Балканот прераснаа во цели војни, зад кои стојат десетици илјади мртви. Она што исто така е многу важно е дека Макдонија уште од самиот почеток ја увиде важноста на Меѓународната заедница во помагањето на стабилизирањето на државата и за изнаоѓањето решение за конфликтни или потенцијални конфликтни ситуации. Јас би рекол дека единствениот проблем кој во Македонија може да доведе до дестабилизирање и конфликтна ситуација би бил проблем увезен однадвор. Ние живееме во регион во којшто сè уште не се разрешени клучни прашања, како што е суверенитетот на некои држави, границите, големите криминални патишта кои поминуваат низ Балканот.

*Ако се надоврзам на ова што Вие го кажавте, значи ставот дека, пред сî, надворешни фактори можат да ја загрозат Македонија и нејзината стабилност, значи ли тоа дека луѓето во Македонија, имајќи го предвид нивниот систем на вредности, навистина се спремни да живеат во мултиетничко општество и заемно да се почитуваат? Или пак, кажано обратно, дали околностите во последниве 10 или 15 години во фазата на транзиција со проблемите корупција,*

[33] Ордановски мисли на конфликтите меѓу албанскиот и македонскиот дел на населенеито во северозападниот дел на земјата од пролетта 2001, предизвикан од албанските екстремисти со нивните акции.

*организиран криминал, економска стагнација и сл. можеби не резултирале со промена на вредностите во општеството?*

Македонија е мултиетничка со децении. Таа не е мултиетничка само во последните 10 години. Тоа значи дека овде традициите на живеење со другиот се вековно стари. Во последниве 15 години се правеше прилагодување на правната рамка и на политичата рамка, како да се заштитат и како да се зацврстат тие мултиетнички елементи во животот на сите во Македонија. Тоа особено се прави заради прилагодувањето на правилата и на принципите на Европската унија, а тие се многубројни и многу детални. Сето тоа се одвиваше во еден мошне бурен период кога во другите земји на Балканот се водеа војни. Според тоа, достигнатото ниво на политичко разбирање меѓу етничките групи во Македонија и практиката во таа смисла е навистина за респект. Ние веќе 15 години редовно имаме мултиетничка Влада. Се случува веќе десетина години наназад, претставници на малцинства во Владата да контролираат над 50% од државниот буџет. Замислете таква ситуација во Франција или во Британија! Земете ја Охридската рамковна спогодба[34]: Македонија не е една од ретките земји која усвои постконфликтен договор, туку е единствената земја која го оствари постконфликтниот договор. Значи, целата динамика предвидена со договорот се остварува со планираното темпо. Но тоа темпо зависи од социјалните, политичките и историските карактеристики на малцинствата. Едноставно, во еден момент немате потребни 500 правници кои можете веднаш да ги вработите, туку треба да ги школувате за да стигнете до таму. Но сите клучни елементи на договорот се остварени и целата динамика на планираното се одвива според договореното. Тоа оди без поголеми социјални и политички потреси.

Ако мене ме прашате, ние напросто, особено во мнозинството, значи кај етничките Македонци, немаме вистински екстремисти или радикали, така како што ги има во една Холандија или во една Франција. Овде тие немаат никаква политичка релевантност, па дури не се организирани ни како група. Меѓу другото, тоа е резултат на политичко делување на другите политички сили на политичката сцена, а не затоа што тие не би се појавиле. Балканските националисти не смеат да се потценуваат. Но овде просторот навистина им е многу ограничен. Тој не е само формално ограничен, туку е резултат на културата и политичката практика во земјата. Во кризата од 2001 година, ние немавме ниту еден цивилен инцидент, ниту еден.

Кога ги анализирате податоците, Вие гледате дека општеството е поделено, но постои и респект за основните вредности. Тоа е таканаречениот активитет на етничките предрасуди. Тој се движи некаде помеѓу 1% и 1,5 %, мошне низок. Значи, кога ќе го прашате Македонецот или Албанецот дали ги сакате Албанците или Македонците, тој ќе Ви каже: да, многу малку, не ги сакам итн. Но, кога ќе ги прашате дали би преземале нешто против Албанците или против Македонците, тогаш ќе видите дека под 1% од населението е фактички спремно

[34] Спогодбата потпишана на 13 август 2001 во Охрид помеѓу претставниците на албанското и словенското население во Македонија , кој требаше да го смири конфликтот започнат во 2000 година.

да направи нешто. Кога би дошла таква ситуација, навистина да направат нешто, тој процент би бил уште понизок. Тоа многу се разликува во Босна, во Србија, во Хрватска, во Грција или во Бугарија. Тоа е констатиран елемент и јас би рекол, ако мене ме прашате, дека врз тој податок е направена македонската мултиетничка држава. Тоа говори за долгододишната, столетната мултиетничка традиција меѓу луѓето.

*Тоа се интересни и значајни околности, кај кои би можеле уште долго да се задржиме. Но ако добро Ве разбрав, конфликтот од 2001 год., беше историска грешка во општество, во кое инаку постои мирен мултиетнички соживот. Од друга стана, општествената поделба и сегрегацијата што настанаа во 2001 год., не се трајна категорија.*

Прво, јас сум експерт за конфликтот од 2001 год. и се плашам дека немаме време да одиме во детали за тој конфликт. Затоа ќе Ви кажам неколку податоци, без да ги анализирам, затоа што анализите се веќе неправени. Нема никакво сомневање, ако се анализираат учесниците во конфликтот, клучните битки во конфликтот и составот на ОНА, дека конфликтот во 2001 год. е увезен во Македонија. Во својата суштина тој започна како криминален конфликт, значи борба за криминални интереси, во втората фаза тој мошне брзо прерасна во борба за територии, за по вмешувањето на странскиот фактор во конфликтот да стане борба за човекови права. Во својата завршна форма, значи со Охридскиот договор, тој ги унапреди меѓуетничките односи во државата. Во таа смисла, тој одигра улога на катализатор на меѓуетничките односи. Но сите прашања во Охридскиот договор веќе беа на дневен ред на патот кон интеграција на Македонија во Европската унија. Најголем дел од нив, секако се поставени за политичка дискусија и решавање во годините што се зад нас, односно што следуваа по 2001 год. Конфликтот персонално е започнат од луѓе коишто не живееја во Македонија. Немаме време да одиме во тие анализи. Значи, кога ќе ги анализирате персонално, сите клучни луѓе на УЧК се луѓе кои не се од Македонија.

*Всушност, прашањето беше дали сегрегацијата што по конфликтот настана помеѓу двете групи, т.е. Албанците и Македонците, е нешто што ќе се надмине наредниве години? Дали ќе се живее заедно без проблеми или, пак, таа сегрегација ќе биде одржлива и постојана? Ве молам за кус одговор.*

Македонија уште долги години ќе остане држава во која ќе има одредена напнатост во македонско-албанските односи. Намалувањето на таа напнатост ќе зависи од два фактори. Прво, од економската состојба во државата. Секогаш кога е полошо, таа напнатост ќе расте, а секогаш кога е подобро, таа ќе се намалува. Таа ќе зависи и од нивото и динамиката на интеграција на Македонија во регионот и во Европа. Тоа е заради оние фактори кои ги спомнав и кои Македонија не може самата да ги контролира. Значи, во зависност од тоа како Косово, Србија и Албанија ќе се движат кон Европа, така притисокот врз

Македонија, врз етничката ситуација овде ќе попушта. Тој притисок не е само воен или милитарен, туку е социјален и културен притисок на слободно движење итн. Значи, 2001 година беше година кога ескалираше албанско-македонската состојба. Меѓутоа, ние денес живееме во институционално потполно средена држава, во којашто тие односи се канализирани и се одвиваат во рамките на една политички дозволена практика. Во неа е нормално да дојде до триења и до судири, но сите тие ќе се проектираат низ постоечките институции на државата и на цивилното општество.